СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Седмото продолжение на 74-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 септември 1997 година

Скопје, септември 1997 година

**VII-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 74-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА Н А10.09.1997г.**

1. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 70, 137
2. АТАНАСОВ ЃОРЃИ – 106, 109
3. ГЕШТАРОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 4
4. ДОКУЗОВКИ КИРИЛ – 59 (мин.за земј.)
63, 67, 70, 73, 74, 130
5. ДАНЕЦСКИ СЛОБОДАН – 109, 144
6. ДИМЕВ ЛАЗАР – 150
7. ИЛИЕВСКИ МИТКО – 54, 57, 58, 68
8. КАРОВ ИЛИЈА – 33
9. КОТЕВСКИ СЛАВКО – 103
10. ЛАЗАРОВ ЈОВАН – 80
11. МИЉИЧИ НАЗМИ – 51, 95
12. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 76
13. МИНОВ ПАНЧО – 95, 97, 113, 116
14. МУРАТИ ЏЕЛАДИН – 97
15. ПЕЦОВ МИРКО – 59, 66, 80
16. РИКАЛОВСКИ БОРИС – 20, 22, 31, 32
(мин.за стопанство)
17. СПАСОВ ЃОРЃИ – 3, 11, 16
18. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 26, 30, 126
19. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 98, 120, 121
20. СИЛЈАНОВСКИ БЛАГОЈА – 145, 148
21. ТАНТАРОВ ВЕЉО – 23, 58, 69, 71, 83, 121, 124, 47, 67, 50
22. ТРАЈАНОВСКИ ПЕТРЕ – 40, 65, 85
23. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 144
24. ТРАЈКОВ РИСТО - 136
25. ЧАПОВ СЛАВЧО – 37, 40
26. ЏАМБАЗОВСКИ АЛЕКСАНДАР – 71, 73
27. ШАКИРИ ХИСЕН – 140, 142

Мајка Тереза-смрт-1, 2

Т.10(од 74 сед.стр.1,2-Предлог на закон за извршна постапка амандманск арасправа –не е изгласан поради немање кворум)

Т.11-Предлог на закон за јавното правобранителство-стр.16

Т.13-стр.19

Т.14-стр.33

Т.15-стр.96-Зак.за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа

Т.16-стр.99-Зак.за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа – не е усвоен заклучокот

Т.18-стр.18 и 154

Т.19-стр.100-Заклучок на стр.154:Нацрт на законот за водите

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Седмото продолжение на 74-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 10 септември 1997 година

Седницата се одржа во сала 1 со почеток во 11,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше г-дин Тито Петковски , претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 74-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Нано Ружин, Ратка Куљан-Зографска, Живко Јанкуловски, Игнатие Богдановски, Драгољуб Поповиќ, Стојан Андов, Тодосие Паунов, Исмет Рамадани, Владимир Соколовски, Мевљан Таири, и Абдурауф Пруси, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Почитувани пратеници, дами и господа,

Деновиве до сите нас допре тажната вест дека во Калкута во Индија, почина Мајка Тереза една од најхуманите личности на овој век во светот.

Мајка Тереза е родена пред 87 години во Скопје, каде што живееше и се школуваше во својата 18-та година. Потекнувајќи и воспитувајќи се во семејство каде чувството на хуманост и спремност да се помогне на болните, гладните и сиромашните постојано се негувал' Мајка Тереза се упатува во Индија во една хумана човечка и света миси да помага на лугето во оваа земја и во светот.

I/2 сј/вц

Во една ваква пригода, тешко е да се најдат правите зборови да се изразат сите човечки, етички и хумани доблести кои ја красеа личноста на Мајка Тереза, добитник на Нобеловата награда за мир.

Градот Скопје и сите ние навистина сме горди што од овие простори изникна ваква исклучителна хумана личност која секогаш со носталгија и радост се сеќавала на родниот град и земјата каде се родила.

Ние ја почитуваме и се гордееме со неа, но не ја присвојуваме. На тоа можеби и немаме право зошто таа целиот свој живот го посвети на болните, гладните и сиромашните. Таа беше едноставно граѓанка на целиот свет, човек за сите времиња.

Во тоа име ве поканувам со едно минутно молчење да и одадеме почит на Мајка Тереза.

(пратениците и сите присутни во салата со едно минутно молчење и одадоа почит на Мајка Тереза).

Слава и.

Продолжуваме по 10-тата точка од дневниот ред.

Предлог на закон за извршна постапка.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Согласно член 98 став 5 од Уставот на РМ овој закон се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Горѓи Спасов, министер за правда.

I/3

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, за денешната седница ви предлагаме закон со кој што законодавството на РМ уште на еден начин се доближуваме до законодавството на западно-европската унија.

Со овој предлог закон, со законот за извршна постапка, содржи решение што обезбедуваат брзина, ефикасност и економичност во постапката. Предлогот на законот за извршна постапка содржи 279 члена поделени во четири делови кои опфаќаат основни одредби. Постапка за извршување, постапка за обезбедување и преодни и завршни одредби.

Законот се заснова на начелото на диспозиција. Заштитата на должникот како специфично начело во обем кој е неопходен заради заштита на личноста на должникот,начелото на временски приоритет, начелото на формален легалитет како и врз други начела кои се начела и на паричната постапка.

Заради обезбедување ефикасност и рационалност на извршна' постапка предвидени се јасни рокови за преземање на определени дејст-вија. Предвидена е законска новина за заштита на купувачот на стан преку определување на престанок на правото на домување на должникот од продадениот стан. Законот за извршна постапка во фазата на предлог за донесување на закон беше доставен на експертиза од Советот на Европа в октомври 1996 година во Скопје. Експертите на Советот на Европа дадоа експертиза на законот, законот го оценија за компатибилен со законодавството на Европската Унија и голем дел од забелешките што беа дадени беа прифатени и вградени се во Законот.

Ви предлагам господо пратеници, законот денеска да биде усвоен.

Благодарам.

Благодарам.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Гештаковски.

**АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Законот за извршна постапка е еден од битните и важни закони кои би истакнал, со големо нетрпение и исчекување се очекуваат од, пред се би рекол, од практичарите во правото, од обичните граѓани од правните субјекти, и во основата претставува еден битен закон за изградба на правниот систем во РМ.

Кога викам за изградба на правниот систем, тука мислам, пред се на изградба на политичкиот дел на правниот систем и на економскиот дел на правниот систем, бидејќи со овој закон се заокружува корпусот на граѓанското законодавство, елементарниот дел на процедура и ја дава можната перспектива на постапување пред судовите и гаранција на граѓаните пред судовите во вакви или какви биле злоупотреби.

Пред се, со овој закон се позабрзува и понатамошната трансформација на капиталот во РМ, а се забрзуваат и сите други финансиски трансакции. Што значи, пред да се впуштам во коментирање на некои делови од самиот закон, би ве замолил во интерес пред се на граѓаните кои во голем дел пред судовите очекуваат завршување на одредени правосилни пресуди што е цел на секое законодавство, со нивно крајно извршување да смогнеме сили, како што истакна и претседателот согласно Уставот и министерот да најдеме 80 гласови, двотретинско мнозинство за да го изгласаме овој закон и да ги овозможиме оние цели за кои претходно зборував.

Вие се сеќавате да не дојдеме во состојба како што дојдовме со законот за парнична постапка кој мислам дека на 54-тата седница одржана на 25 март оваа година не смогнавме сили и не го направивме потребното мнозинство, доби само 73 гласа и истиот е заплеткан во правната процедура. Тука би апелирал и на пратениците и на претседателот на Собранието да најде можност и Законот за парнична постапка да го постави пред овој Парламент како би го заокружил целосно правниот систем, а тогаш и овој закон за извршна функција би ја нашол целосно и конкретно својата примена, со примена и во парнична постапка.

Јас би се осврнал и на неколку битни и важни спрема мене елементи од овој закон за извршна постапка и во интерес на времето тоа би го прочитал во писмена форма.

Во конкретниот пристап не би имал намера да се задржува на решенијата од законот во делот на заедничките одредби, формата на предлогот на извршување, начинот на спроведување на извршување со приговорите против извршувањето, ситуациите на одлагање и запирање на извршувањето.

Мојот посебен интерес би бил само во делот на извршувањето кој што законот нашироко и сосема оправдано и прецизно ги предвидува сите елементи на извршување односно во Главата III се дадени основните елементи на спроведување на извршувањето, што сметам дека претставува најбитен елемент на целокупниот закон. Така да спроведување на извршувањето исклучиво е надлежен судот определен со законот за судовите, а тоа се основните судови во РМ.

Извршувањето е дозволено врз основа на веродостојна исправа, но не може да се спроведе пред правосилност на решението за извршување. Што значи, извршувањето се спроведува во границите опредлени во решението од извршување.

Тоа се општите начела и одредби за самиот тек на спроведување на извршувањето.

Во делот на извршувањето имаме повеќе видови на извршување што сметам дека Законот многу сериозно пристапил во објаснувањето и сметам дека тоа ќе биде од практичен аспект доста интересно, а за самите практичари и во решавање на комплетни предмети доста корисно така да имаме извршување заради наплата на парични побарувања, извршување во подвижни предмети, во тој дел е определен целокупниот корпус на дејствија во кој што судот или странките се раководат како што е месната надлежност иземањето од извршување кои се извршни дејствија што претставуваат пописот и проценката на предметите, елементите на продажба на предметите на мирувањето на доверителот што е во краен случај и цел.

Законот посебно го разработува извршувањето врз паричните побарувања на должникот. Сметам дека сосема има нов пристап и се решен овие прашања од досегашната пракса. Јасно определена е месната надлежност, определено е иземањето од извршувањето и ограничувањето на извршувањето, извршните дејствија забраната на побарувањето, преносот на побарувањето. Посебни одредби во законот има за извршување врз плати, врз други постојни парични примања. Извршување врз побарувањето по сметка кај банките.

Ова доволно говори и мислам дека е на сосема јасен начин заокружено извршувањето врз паричното побарување на должник и одредбите се апсолутно прецизни. Понатаму, извршувањето врз побарувањата да се предадат или испорачаат подвижни предмети или да се предаде недвижност извршување врз други имотни права е сосема логично на интересен дел од Законот е извршување на недвижности и тој дел од законот покрај општите одредби иземање од извршувањето

поставени се елементи за комплетен начин за процедура на извршување кои со оглед на утврдување на вредноста на недвижноста, продажбата на недвижностите, намирување на доверителите и посебни одредби за начинот на мирување на некои побарувања. Рочиштата за делба, решавањата за мирувања и бришење на правото на должникот врз продаден стан, примена на одредбите на оваа глава на подрачје каде што неосновано наоѓа новиот катастар. Значи, законот се бави системски со овие прашања и што сметам дека е за поздравување од страна на изготвувачот и предлагачот.

Сосема логично се поставува прашањето на прецизното разработување на одредбите за извршување врз имотот на правни лица заради наплата на парични побарувања, а тоа извршување врз сметка на должник, извршување врз парично побарување на должник, извршување врз подвижни предмети и права.

Имаме решение за извршување заради остварување на не-парични побарувања и предавање испорака на подвижни предмети.

Понатаму, прашањето за испразнување и предавање на недвижности во врска на дејствијата трпени или на сторување, враќање на работник на работа, запишување на права во јавните книги, делба на предмети, давање на изјави и слично.

Во овој корпус со сите дејствија претставува и најобемниот дел по овој закон, токму кој што се огледа во самото извршување. Сметам дека не би требало посебно да се навраќаме на елементите во кои што овој закон ги има. Но, основно прашање е дали сите тие предвидени процеси и дејствија во извршната постапка ги сметаме за доволно ефикасни во краен случај водењето на спорот да заврши на еден сосема ефикасен начин, коректен и правен начин на обезбедување на кој што често досега имавме сериозни приговори дека кај нас извршната постапка ни е долга.

Во извршната постапка доаѓаат до израз низа знаења или незнаења и доаѓа до неоправдано и неосновано одлагање во краен случај извршувањето на одлуките. Сигурно дека крајниот ефект на секој правен систем е во кој временски период и на каков начин целокупното процесирање во судовите кој што не останало може да се извршува.

Смета како што истакна и министерот дека и експертизата на овој закон што е вршена од познати европски практичари и теоретичари и оценката која што е дадена е доволна гаранција дека се работи за апсолутно модерен и европски закон кој што пред се ги има во предвид сите елементи претпочитани и на доверителот и на должникот.

Можеби досега ние извлекувавме неосновани критики гледајќи го само крајниот ефект а не гледајќи ги причините за кој што судовите бавно постапуваа во извршните постапки. Сигурно дека свртувањето и балансирањето се гледаат во однос релација доверител - должник. Во конкретниов случај ние имаме и доста европски законици кои што должникот го поставуваат во ситуација на елементарна заштита што е нужно и неопходно. Нашиот закон, еве сега, се гледа дека напуштил низа решенија кои што одат на штета на доверителот. Но, сепак го поставил дво една права димензија и балансиран однос на должникот према доверителот. Така да сега имаме една повратна ситуација односот, правниот статус на доверителот према должникот. Ние во стариот закон имавме однос во апсолутен елемент на прешироки права на должникот, а помалку права на доверителот.

Во конкретниот случај јасно во законот се забележува по кој правец и насоки извираат и одат решенијата во рационализација на правата, но со сите постулати на негова можност за произнесување и во забрзаност на судската постапка за да се дојде во ефективна одлука во пристапот на извршувањето и кога тогаш законот ги обезбедува и ги расчленува сите

елементи на извршувањето и дава посебно разрешување во кој што сите дилеми мислам дека од правен и од практичен аспект ги отстранува.

Веројатно и овој закон е потребна правничка и стручна едукација и знаење и веројатно субјектите на примената на овој закон ќе посветат доста внимание за примена на овој закон.

И на крајот, јас уште еднаш до пратениците би апелирал во интерес на самите граѓани во интерес на нивно побрзо и пофункционално овозможување на завршување на своите барања да најдеме сили и да го донесеме овој закон со што во голема мера ќе придонесеме во изградба н; правниот систем и функционирање и обезбедување на правата на граѓаните

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Секако ова е добра идеја што ја даде г-дин Гештаковски односно за законот за парнична постапка, но веројатно, се сеќавате, ние не го гласавме за тој закон, и е вратен во Владата, откако ќе го добиеме ќе го поставиме на дневен ред во Собранието.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи повеќе никој не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на закон.

Комисијата за внатрешна политика и одбрана поднесе амандмани на член 153 став 3, член 163 став,3 член 172 став 1, за бришење на точката 3 и на став 2 и 3, член 173 став 4 и на поднасловот на член 189, и на член 189.

Законодавно-правната комисија поднесе амандмани на членовите 17 став 5, 21 став 1, 27; 29 став 3, 49 став 1, точка 7, 54 став 2, 95 став 1 и 2, 96 став 1, 127 став 1, 133 став 1,143 став 1и6, 173 став 1, 195став 1, 202 став 2,233 став 1, 248 став 1,250 став 1, 255 став 2, 263 став 3, 270 став 2 и 273став1 и на членовите 147 став 1  156 став 6, 244 став 1 и 2,

246, 247 став 2, 248 став Ј. 249 став 1, 250 став 1, 257 став 1 точка 4 и 267 став 1 точка 2, член 228 став 1 и на член 259 став 3 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Зоран Шапуриќ поднесе амандмани на член 63 став 1 за бришење на точката 1 член 80 за менување на став 2 и на член 22 6 за менување на став 2 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманите на членовите 17 став 5, 21 став 1, 27; 29 став 3,49 став 1,точка 7 54 став 2, 95 став 1 и 2, 96 став 1, 127 став 1, 133 став 1, 143 ставовите 1 и 6, 173 став 1, 195 став 1, 202 став 2, 233 став 1, 248 став 1, 250 став 1, 255 став 2, 263 став 3, 270 став 2, 273 став 1 поднесен од Законодавно-правната комисија.

II/1. -ДВ/МЈ1

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот за правда Горѓи Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманите од Комисијата за внатрешна политика и од ЗПК ги имаме добиено, а амандманите од господинот Зоран Шапуриќ не сме ги добиле, треба малку да ги погледнеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Одиме сега на сите овие амандмани што се поднесени само од ЗПК.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Тие амандмани се прифаќаат целосно.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Овие другите ако не се доставени молам да се достават до Владата, амандманот од господинот Шапуриќ.

Отворам претрес по амандманот на член 63 став 1 за бришење на точка 1, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 80 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

И овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (10 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членовите 147 став 1, 156 став 6, 244 став 1 и 2, 246, 247 став 2, 248 став 1, 249 став 1, 250 став 1, 257 став 1 точка 4 и 267 став 1 точка 2, поднесен од ЗПК.

Го. молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманите се прифаќаат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 153 став 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 163 став 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 172 став 1 за бришење а точка 3 и на став 2 и 3, поднесен од Комисијата за внатрешна политика.

Со овој амандман исто така се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 173 став 4, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

II/4.-

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на поднасловот на член 189 и на член 189, поднесен од Комисијата за внатрешна политика и од- брана.

И со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 226 за менување на став 2, поднесен од пратеникот Зоран Шапуриќ.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (11 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 228 став 1, поднесен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман се прифаќа бидејќи е од редакциски карактер,

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 259 став 3, под- несен од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Овој амандман се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Молам за информација дали имаме кворум за одлучување по законот?

Колку пратеници се присутни во салата? (63).

Според тоа, немаме можност да гласаме по овој закон. Ќе ви предложам да гласаме по него кога ќе се создадат услови, барем да бидат присутни 81 пратеник во салата.

(Уфрлање од место да се води евиденција кои пратеници од СДС се присутни во салата).

Имаме евиденција, сите што се тука, потполнивте листи, така да знаеме кои се тука. Но, добро е да ја информирам и јавноста преку новинарите кои не доаѓаат на седницата.

II/6.-

Минуваме на 1-та точка - Предлог на закон за Јавното правобранителство.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Горѓи Спасов, министер за правда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници,

Вие знаете дека за целите на законот говоревме кога беше во форма на Предлог закон за донесување на закон. Сакам само да нагласам дека со преструктуирањето на власта согласно уставните определби за воведување на локална самоуправа, општините ги изгубија функциите што ги имаа во вршењето на власта, односно го изгубија својството на општествено-правни лица и правото на управување, користење и располагање со средствата во општествена сопственост. Како резултат на тоа, пред се, нивниот недвижен имот и другите работи кои произлегуваат од карактерот на тој вид имот се преземени од страна на Републиката и истите станаа државна сопственост. Меѓутоа остана потребата за остварување правна заштита на имотните права и интереси на Републиката како единствен титулар на тоа право, поради што во овој меѓупериод општинските јавни правобранителства добиваат посебни овластувања во застапувањето на Републиката.

По друга страна со трансформацијата на сопственоста од општествена во приватна и државна доста е стеснет просторот на стеснување на поранешното Јавно правобранителство и од тие причини се

предлага воопшто рационализација на мрежата, да се постигне вкуп- на ефикасност и покриеност на сите судови во државата.

Со донесувањето на Законот за јавно правобранителство се предвидуваат решенија кои се во согласност со Уставот на Република Македонија, се обезбедува рационализација во рамките на организационата поставеност и се воспоставува единствен орган со задача да презема мерки и правни средства определени со закон заради правна заштита на имотите, правата и интересите на Републиката и на нејзините органи.

Во текстот на Предлогот на законот вградени се сите забелешки и предлози на ЗПК, поголемиот дел на сугестиите и забелешките на Комисијата за внатрешна политика и одбрана и некои од забелешките од Комисијата за политички систем, како и забелешките на пратеникот Џеладин Муради.

Јас не сакам да ги коментирам посебно забелешките бидејќи вие сте доволно упатени во текстот, само сакам на крајот да нагласам дека сугестијата на Комисијата за политички систем, посебно да биде новина обврската на Јавното правобранителство најмалку еднаш годишно да го информира Собранието на Републиката за работите од својата надлежност, се смета за непотребно, бидејќи ова прашање е разрешено и понудено со решението дека Јавниот правобранител по прашања од значење за остварување на функцијата соработува со судовите, со другите органи и другите правни лица.

Надевајќи се дека со овој закон правиме исчекор во уредувањето на заштитата на јавната сопственост и во рационализацијата на заштита на таа сопственост, ве повикувам господа пратеници да го поддржите денеска овој закон.

II/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. ЗПК поднесе амандмани на член 16 и на членовите 20 став 2 и 24, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за политички систем поднесе амандман на член 1. Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од Комисијата за политички систем.

Со овој амандман се согласил повереникот на Владата.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 16, поднесен од ЗПК,

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на членовите 2 0 став 2 и 24, поднесени од ЗПК.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

И овој амандман се прифаќа.

II/9.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (47 пратеници).

Дали има некој против? (Дена^.

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно има грешка.

Ве молам колку пратеници се присутни во салата? (59).

Гласањето не е валидно, бидејќи немаме кворум

Ве молам повикајте ги пратениците да влезат во салата.

Бидејќи имаме кворум, одиме повторно на гласање.

Кој е за Предлогот на законот, молам да крене рака? (54).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Очигледно дека некој не гласал, бидејќи во салата има 63 присутни пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Јавното правобранителство.

Минуваме на 13-та точка - Предлог на закон за енергетика. Предлогот на^законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Борис Рикаловски, министер за стопанство.

II/10.-

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Пред вас денес се наоѓа текстот на Предлог-законот за енергетика во својата завршна фаза.

Овој Предлог-текст на законот за енергетика е резултат на двогодишна работа на експерти од Републиката, при што се користени искуствата и од други земји. Во минатата и оваа година по него е обавена најширока јавна расправа во здруженијата во Републиката, како што се: Стопанската комора на Македонија, Здружението за енергетика на Македонија и други, а исто така во Владата и нејзините комисии, во стручните тела на Собранието на Македонија. При тоа, истиот беше посебно доставен на разгледување и добиени по него сугестии и забелешки од голем број на потрошувачи на енергија, претпријатија кои се занимаваат со производство, пренос и дистрибуција на енергијата, соодветни образовни институции, како што се техничките факултети, МАНУ и други субјекти.

На крајот во третата фаза на законот, во организација на Европската банка за обнова и развој беше извршена и консултација со позната компанија за закони од областа во стопанството "Дента Хол од Лондон.

Што е суштината на овој закон во неколку кратки потсетувања.

Законот за енергетика претставува законски акт со кој пред се се дефинираат условите за бавење со дејноста од енергетиката, како што се производството, преносот и дистрибуцијата на одделни видови енергија итн. Во него се дефинирани дејностите во областа на енергетика, утврдени се дејностите од јавен интерес во оваа сфера, а за потсетување тоа се дејностите од електроенергетскиот, гасоводниот,

топлификациониот и геотермалниот систем како техничко- технолошки целини. Понатаму, попрецизно се уредени правата и обврските на субјектите кои се занимаваат со истите, како што се одржувањето ан сигурноста на објектите, непрекинатото и квалитетно снабдување на потрошувачка со енергија, рационално користење на ресурсите и тн. Уредени се односите помеѓу давателите и корисниците на енергијата. Разграничени се правата, обврските и односите помеѓу претпријатијата и органите на управа, министерствата и Владата. Дефинирани се односите во надзорот и инспекцијата и се утврдени и други прашања во врска со заштита на животната средина и сл.

Овие правила и односи се истоветни за сите домашни и странски правни лица, што сметам дека е од посебно значење и тоа овозможува максимална либерализација со бавењето на предметните дејности, со што се очекува дека ќе се обезбедат повеќе учесници, а со тоа и вложувања на поголем капитал за развој на енергетиката во нашата земја во наредниот период. Затоа можеме да речеме дека со донесу-вањето на овој нов закон за енергетика, кој за разлика од досегашниот Закон кој е донесен во 1987 година, во услови на договорна економија, се донесува за бавење на овие дејности во услови на пазарна економија, со што практично се создаваат можности за натпревар во многу позаострени услови и согласно на тоа да се остваруваат соодветни права и односи.

По донесувањето на овој законски акт, во оваа и наредната година ќе следи донесување на други бројни подзаконски акти и други документи кои во новите услови на стопанисување и живеење на овие простори уште поконкретно ќе ги дефинираат некои права и од- носи во бавењето со оваа дејност.

Во рок од шест месеци ќе се донесат нови тарифни системи за продажба на одделни видови енергија.

III/1 РД/НД

**БОРИС РИКАЛОВСКИ:** (Продолжение)

Во рок од шест месеци ќе се донесе нови тарифни системи за продажба за одделни видови на енергија. Со тоа уште повеќе ќе се прециаираат1 купопродажните односи, потоа во рок од девет месеци ќе се иновираат општите услови за испорака на одделни видови енергија кои ќе се конкретизираат и детализираат техничко-технолошките односи помеѓу испорачатели и корисници на енергија, а исто така во рок од шест месеци во рок од шест месеци, ќе се донесат и методологиите за формирање на цените на одделни видови на енергија, кој ќе се донесувај за прв пат во кои ќе се вградат современи начини на вреднување на истите и за идните инвеститори ќе значат сигурна гаранција за правилно валоризирање на нивната инвестиција, трошоците на работење и очекуваната добивка.

Исто така, во оваа и наредна година ќе се изготви нова стратегија за развој на енергетиката во целина и за поодделни сектори, како и соодветни програми за развој на енергетика на енергетските системи во Републиката. Сето ова пак ќе биде предмет,на работа на сите стручни лица и експерти за оваа проблематика во Републиката, при што, како и досега ќе се користат и искуствата и ќе се вршат консултации со поразвиените земји. На тој начин во еден релативно краток временски период очекуваме да ја донесеме и иновираме целокупната законска и друга регулатива за бавење со енергетиката и нејзиниот развој во нашата земја со нови услови за стопанисување и живеење.

Поради овие причини, ве повикувам да дадете поддршка на овој законски акт и да го изгласате.

III/2.-

Почитувани пратеници, мојата дискусија по Нацрт-законот за енергетика односно стопанската гранка која случајно ќе претставува срце и дура на државата, нема да биде свртена кон тоа колку со овој закон успешно ќе бидат регулирани односите во енергетиката, туку како пратеник од подрачјето каде што се произведува грото од електрична енергија во нашава држава, сакам да ги поддржам гранките на овој закон да бидат сместени и решенијата на проблемите што настануваат на олтарите каде што се градат енергетските објекти, или оттаму каде што се зема суровината за потребата на тие објекти, било тоа да се хидроцентрали, термоелектрани, рудници на јаглен, или простори што се зафаќаат со депонии за сместување на јаловината и отпадоците од рудниците и самите термоелектрани.

Сакам да предложам во овој закон да се обезбеди и регулирање на некои значајни прашања од животот и работата на селаните и селата на чии имоти се градат енергетските објекти. Станува збор за нивна заштита на економски и социјален план. Посебно при изградбата на вакви објекти кога заради нивна потреба има масовна селидба на селата, или масовно одземање на земјоделските имоти на селаните. Впрочем, господинот Рикаловски нешто за тоа зборуваше.

Во Нацрт-законот за енергетика, зборот заштита се спомнува во две законски поглавја. Во третата глава со три члена се регулира заштитата на енергетските објекти и простори, а во глава IV со два члена се регулира заштитата на животната средина и природата од штетното влијание на овие објекти. Предлагам покрај нив да се додаде уште една глава, преку која ќе се регулира економскиот и социјалниот статус на селаните, кои како што реков, заради изградба на овие објект остануваат без своите имоти, што дотогаш му биле какви такви извори на

егзистенција и живот на тоа подрачје. Господа пратеници, во изминатиот период во борбата за производство на електрична енергија многу села се избришани од картата на Македонија. Во Пелагонија ваквата судбина ги снајде пет села. Три на подрачјето каде работи РЕК "Битола" и две во реонот на системот "Стрежево". Во РЕК "Битола" жртви на јагленот и струјата се селата Суводол, Врањевци и Биљаник, а во системот "Стрежево" од езерото пак за потребите на струјата се потопени имотите на селата Свињиште и Стрежево и тие како што рековме постојат повеќе. Петте села се преселени во Битола. Некој ќе рече што им фали на нивните жители кога државата во Битола им изгради убави куќи и од селани ги направи граѓани. Да. Така е. С,еланите од Суводол, Врањевци Стрежево и Свишишта, а наскоро и од Биљаник станаа граѓани на Битола. Државата им изгради добри куќи и сега овие селани шетаат по асфалт. Господо, за да се живее во тие куќи треба пари. Куќите трошат, а не даваат пари за леб. Од селидбата на овие села досега така се вели во нивните катадневни поплаки, никој не ги прашува со какви маки се соочуваат во новите животни средини. Никој не ги прашува како живеат и од што живеат, откако останаа без своите земјоделски имоти. Има ли работа за нив и нивните деца. Како ги решаваат проблемите со здравственото и пензиско осигурување, по изгубениот статус земјоделци. Веќе тие немаат земја. Земјоделските имоти им се одземени. Тие се сега беззземјаши и невработени. Не се ни стечајци, ни технолошки вишок.

Почитувани пратеници, голем број од овие селани денес се за жал, социјални случаи. Понижени, навредени и страдалници за се. Државата што им ги зеде земјоделските имоти за доброто на сите нејзини граѓани, скоро да ги има заборавено. Не покажува никаков интерес околу решавањето на нивните маки, барем тоа е досега така.

Во Битола никој повеќе не го интересира како живеат селаните од

Суводол, Врањипќге и Свињиште, што со сила станаа како што реков нејзини граѓани. Токму затоа предлагам во овој закон да се внесе, како што реков уште една глава, во која ќе се регулираат овие прашања. Во неа при изградбата на енергетски објекти, за чии потреби се врши селидба на селата и одземање на нивните земјоделски имоти на селаните треба да се внесе законска регулатива со кој на селаните ќе им се гарантира некаква социјална сигурност кога ќе се најдат пред вакви состојби. Главите на земјоделските домаќинства да имаат право на една просечна енергетска плата до пензија, или право на вработување во тие објекти. Некој можеби ќе рече дека за одземената земја имаат надоместок, Да. Точно е тоа. Меѓутоа, по која цена се одзема таа земја е веќе друго прашање. Со средствата од тој надоместок во услови кога просечниот земјоделски имот на селаните изнесува два ипол хектари во државата, нема од кого да се купи нова земја со парите од кои се добиени со одземањето на тие површини на кој што се градат енергетските објекти Во Европа сигурно овие проблеми господо, вака не се решени. Се решен) на поинаков начин.

На крајот, со оглед на тоа што денеска се расправа за Законот за електрична енергија, користам прилика да ги повторам барањата на повеќе битолски села за решавање на проблемите со обезбедување на квалитетна електрична енергија. РЕК Битола, како што е познато, произведува 80% од целокупното производство на енергија во нашава држава. а битолските села и натаму се со слаба струја, со неквалитетна струја. Во Дубренари, Буњаковац, Трап, Лаѓац, Бач, Живојно,Гермијан и уште многу други села со години со ред селаните маки мачат со струјата. Некои села од сељачка планина сеуште немаат видено како изгледа таа струја. Сеуште светат со петролејски лампи и кандила. Ова што го зборувам е голема вистина. Во Битола не држи поговорката: "Тој што седи под крушата јади и круши". Крушите се јадат на други места господо

Уште нешто во Европа селата што се наоѓаат кај енергетските објекти, посебно по околината на термоелектраните користат електрична енергија со пониски цени. Може ли кај нас да се применува оваа европска мерка, Јас имав и пратеничко прашање, добив одговор дека сите граѓани во нашава држава се еднакви пред Уставот. Барем јас колку го знам уставот сите граѓани се еднакви пред уставот. Меѓутоа, господа пратеници сите граѓани во оваа држава не живеат во околината на битолските електрани или пак во околината на термоелектраната Осломеј. РЕК Битола, морам да истакнам, вложува максимални напори за.,.заштита на околината од загадување. ВО неа подолго време ја нема пепелта што низ оџаците од термоелектраните се растураше низ полињата. До неодамна тони и тони пепел се растураше по ораниците. Сега го нема тоа. Рековци со големи натчовечки напори го решија тој проблем. Дај боже тоа што беше досега никогаш повеќе да не се повтори на ова подрачје. Како што истакнав, во Европа околината што се наоѓа околу термоелектраните плаќе поевтина струја. Токму затоа предлагам и кај нас, дали со овој или со друг закон да се применува оваа мерка. Во општините Новаци, Бач и Добрушово таму до каде што се чуствува работата на нашиот најголем комбинат за производство на електрична енергија. Денес министерот Рикаловски најави нови закони од оваа област. Се надевам дека ако денес ќе се најде место во тие закони селаните од овие три општини од Новаци, Добрушево, Бач да плаќаат поевтина електрична енергија од другите граѓани.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги, ова е еден од ретките закони за среќа кој што оди по една редовна процедура во три фази, така да имавме доволно време да посветиме на евентуално подобрување на овој закон со вклучување на врвни институции и асоцијации како што се изјасни самиот министер. Меѓутоа

сметам дека недоволно се обрна внимание на она што дел од овие институции го сугерираа. Ние како пратеници особено Комисијата за стопанство која што на овој закон посебно му посвети должно внимание како матична комисија. Имено, интервенциите, сугестиите на оваа комисија се групираа во неколку сегменти, а тоа е пред се, стимулирање на евентуални инвестиции во мали капацитети, врз база на хидроенергија веројатно тоа ќе биде дел на понатамошно ангажирање со подзаконски акти или можеби некоја комплементарност со Министерството за развој и верувам други инвестиции, останува ова прашање отворено, но исто така интересно и дискутабилно. Понатаму барањата на Комисијата за стопанство за одредување на стратегијата за развој на енергенти кои што се перспективни во оваа држава, исто така е оставено за некое подобро време, затоа што во овој момент сепак имаме за среќа доволно количество на електрична енергија. Меѓутоа, прашање е што ќе биде утре. Прашањето на гасот веројатно ќе иницира и сигурно ќе инволвира некои нови моменти во овој закон затоа што на некој начин го очекувавме тој гас, пристигнат е и веројатно неговата понатамошна примена и ширење на гасоводната мрежа од магистрална кон секундарни мрежи, веројатно ќе насочува решенија кои што ќе мораме ние понатаму да ги прилагодуваме спрема светски норми и пред с€ светска практика.

Останува исто така прашањето кој ние го заметнувавме кое што мислам не доби доволно внимание, а тоа е рационалното решение или подобро речено стимулирање на средства со погодни камати за рационализација на трошење на топлинска енергија, а особено она што значи повторно враќање на таа енергија во големите системи, познато како рекоперација, или искористување на тие отпадни топлини. Тоа се сложени постројки и мислам дека не можеме да одиме ние само во проширување во нови инвестиции, ако можат одредени прашања и проблеми да бидат разрешени на еден поекономичен и порационален начин.

Во тој поглед останувaат огромните потенцијали на енергетиката на Железарницата во Скопје и дури гиганти на кои што ќе треба да се посвети особено внимание. Во Законот многу работи се добро уредени останува како и во повеќето закони нивната имплементација и прилаго-дување на одредени услови. Не можам да се согласам дека цената на приклучок во различни градови од државата е различна, ако се работи за една иста технологија во склопот на електростопанство на државата, во склопот на јавно претпријатие кое што ја има обврската за целосно да го одржува и проширува овој енергетски систем'."

Понатаму прашањето на она што значат одредени услови за да се обавува одредена- дејност, особено прашањето на почитување на одредбите од овој закон за именување на раководни лица во оваа свера. Ова прашање Законот го решава, но верувам дека ќе треба да се почитуваат и санкциите за оние кои не ќе ги почитуваат овие одредби.

Останува прашањето кое што сите не окупираше тука пред неколку дена, кога го донесовме Законот за комунални дејности, а тоа е комплементарноста што значи третман на диво градби кои го покренува ницвното ширење и дали навистина овие јавни претпријатија се немоќни и дали може, особено во сверата на електричната енергија самостојно некој диво да приклучи електрична енергија. Сигурно не, бидејќи се работи за сериозни зафати и мислам дека тука мораат да примаат сите компетентни фактори од оваа област една индиректна јавна критика дека ако не тие директно, нивните соработници го потхрануваат дивото при-клучување на објекти. И еден сегмент, еден дел формирањето на цените на разните видови енергија од електрична па се до геотермалната и то-плинската. Дискутабилно е дали треба да бидат издвоени, едните да ги формира државата со методологија на Владата, а цените на топлинска геотермална енергија да бидат по компетенција ан единиците на локална самоуправа. Мислам дека тоа остана една недоречена, недефинирана

работа и она што значи формирање на цена во надлежност на електрична енергија како енергија во надлежност на Владата на Република Македонија Ќе ви изнесам еден податок кој сите ќе ве заинтересира.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (продолжение)

Да ви изнесам еден податок кој што сите ќе ве заинтересира, и сите граѓани на оваа држава за едно и отворено поткраднување на сите граѓани во оваа Држава кои што користа електрична енергија.

Цената на електричната енергија одредена е, максимирана на малопродажна цена, од 1,52 денари како висока тарифа и 0,76 денари како ниска тарифа. На ова дами и г-до, почитувани пратеници при сите ние тука и сите граѓани во оваа држава не праведно плаќаме уште 5% основен данок на промет кој што е содржан во оваа малопродажна цена.

Ако ви го изнесам податокот приближно дека во државата,домакинствата трошат околу 2,5квч.елек.енергија, тогаш овие 5%, кои што се вклучени во онаа позиција - ангажирана снага изнесуваат неправедно плаќање на граѓаните годишно вредност која што се движи во рамките на многу значајни 6 до 7 милиони ДМ. Значи, сите ние како граѓани плаќаме повеќе 5% содржано и во позицијата основен данок на промет кој што е содржан во овие малопродажни цени. Тоа значи дека Електростопанство наместо да води спор, уставен се разбира со сите нас како граѓани под итно да превземе мерки на сите граѓани да им бидат надоместени овие средства за 1993, 1994, 1995, 1996 и 1997 година. Тао е огромна вредност која што се движи некаде околу 95 милиони ДМ. повеќе земено од граѓаните.

Ова го актуелизирам од следниве причини: законите ги дефинираа правилата на игра, меѓутоа понатаму од други субјекти нормално се прилагодуваат на состојбите и изостанува оној контролен механизам. Кој сега треба да ги открие овие работи и дали тоа треба да биде понатаму надлежност на инспекциските органи кои што се во компетенција на Министерството кое што го предлага овој Закон.

IV/2. -

Инаку сметам дека овој закон треба да добие поддршка со овие укажувања, кои што во најголем дел веројатно се преставуваат иновирање на овој закон, а она што значи враќање на средствата тоа е само еден момент за да се актуелзира она што значат односи на поединците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор? (никој)

бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Јован Лазаров поднесе амандмани за менување на член 39 и за менување на член 40 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Томислав Стојановски поднесе амандман на член 62 став 1 за додавање нова точка по точката 5 по која Владата не се произнела.

Пратеникот Љупчо Мешков поднесе амандмани за додавање нов поднаслов по членот 56 и за додавање нов член 56-а по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по Амандманот за менување на член 39 поднесен од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-динот Рикалоски.

**БОРИС РИКАЛОСКИ:**

Амандманот се прифака.

Образложение зошто, содржано е на еден начин и во дискусијата на г-динот Томислав Стојановски , кој укажа на оваа дилема дали тој дел на еенргијата треба да биде издвоен или не. И ние имавме, морам да

IV/3.-

кажам извесни размислувања во таа насока и на некој начин дилема, па произнесување на делот на пратениците во насока тоа прашање да биде вака регулирано го прифаќаме затоа што не се разликува битно од она на што и ние размислуваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за менвуање на член 40 поднесе! од пратеникот Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата.,да се произнесе.

**БОРИС РИКАЛОСКИ:**

Со оглед на тоа дека овој амандман е во врска со претходниот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов поднаслов по членот 56 и за додавање нов член 56-а поднесен од пратеникот Љупчо Мешков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

(г-динот Љупчо Мешков го повлекува амандманот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се повлекува амандманот. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 62 став 1 за додавање нова точка по точката 5 поднесен од пратеникот Томислав Стојановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**БОРИС РИКАЛОСКИ:**

Поради тоа што овој амандман допринесува за коегзистентност на мерките се прифаќа.

IV/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на закон.

Молам кој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (57 пратеници гласаа за)

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (никој)

Молам колку пратеници се во салата ?

(Стручните служби ги пребројуваат присутните пратеници во салата)

Според тоа некој очигледно не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за енергетика.

Предлог на закон за шумите.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитувани1 претставници на Влада.

Последните неколку години состојбата со шумите е крајно влошена. Нешто од човекот, нешто од болестите и штетниците се направија огромни штети на шумите. Покрај лошата сеча и експлоатација од некој

шумски стопанства постои и големо бесправно сечење на шумите што претставуваше извор на финансиски средства за егзистенција на голем број бедни семејства во Државата. Така нашата гордост со некогаш убавите шуми во РМ е веќе минато.

Од друга страна пак, некои штетници се појавија во пренамножена форма т.е- во каламитет што во 1996 и 1997 година целосно ја уништија лисната маса на шумите особено масовно беше сушењето на дабот причинето од некои абиотички фактори, болести и штетници. Боровиот четник со многу јак интензитет зафати 20.000 хектари борова шума и направи огромни штети нарочито на Црниот Бор. Последните две години Буковиот црн скокач, зафати над 200.000 хектари букова шума и во целост ја уништи зелената маса на буката, што меѓу другото негативно се одрази на нормалниот прираст на буката.

Од овие причини на 39-та седница 1996 година побарав од Владата да изготви Информација за загрозеноста на шумите од болести и штетници. Владата ја изготви Информацијата но не си дозволи расправа Собранието по истата. На 64-та седница на ова Собрание во форма на пратеничко прашање пак го поставив проблемот околу превземњето на мерки за заштита на шумите од болести и штетници. И наместо да добијам одговор дека Владата нема пари за оваа намена ми беше иронично и крајно нестручно одговорено дека нема патишта во шумите, а се знае дека преземањето на одредени заштитни мерки во шумите ни најмалку не беше потребно патишта не е тоа обработливи површини него заштитата со хемиски средства се вршеше и сеуште се врши авионски.

Нашата пратеничка група на Либерално-демократската партија знаеше дека овој дека уште неколку други закони беа изготвени уште од времето кога министерот за земјоделие беше г-дин Ангелов, но не

знаеме зошто толку долго се чекаше за донесувањето на овој закон. Пред два месеци пак побарав од Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство да изготви слична информација за здравствената состојба на шумите. Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја направи информацијата која беше реален одраз на стварните состојби во шумарството. Изготвената информација ја разгледавме на Комисијата за земјоделство при што беше изнесено дека здравствената состојба на шумите во РМ е навистина загрижувачка и ќе мора уште оваа есен да се превземе одредена хемиска заштита во загрозените шумски подрачја бидејќи немало доволно финансиски средства за едно нормално третирање и на другите заразени површини.

За да се пристапи кон решавање на севкупните проблеми на шумите беше неопходно потребно да се изготви закон за шуми, кој еве е на дневен ред на оваа седница.

Со овој закон се уредува одгледувањето, користењето и заштитата на шумите. Ценам дека законот за шуми во суштина ги опфаќа главнтие проблеми на шумите освен на адекватен начин не се застапени превентивните мерки за заштита на шумите од пожари, како и за време на пожарите. Потоа превентивнат азаштита на шумите од болести и штетници особено биолошката заштита.

Со овој закон за шумите се формираат две нови правни лица и тоа Завод за шуми како правно лице кое ќе се грижи за стручно и планско остварување на производните функции на шумите, а со него ќе раководи директорот, што е попрецизно објаснето во членовите 10 и 66 и едно јавно претпријатие што го оснива Владата на РМ, а кое ќе стопанисува со шумите во државна сопственост.

IV/7.-

Почитувани пратеници, да се надеваме дека Заводот за шуми изготвува 5 успешно ќе ги изготвува општите и посебните планови за стопанисување со шумите. Ќе изготви општи и посебни водостопански основи, ќе проектира шумски патишта, па дури ќе ги извршува задачите на извештајно дијагностичко прогностичката служба, а во функција на ефикасна заштита на шумите од болести и штетници. Меѓутоа, ние пратениците од ЛДП прашуваме почитувани пратеници што и какви мерки ќе превземе Министерството за земјоделско, шумарство и водостопанство, ако вработените високостручни кадри на чело со директорот во Заводот за шуми не си ги извршува предвидените обврски по член 66 од овој Закон. Ова го прашуваме од причина што во казнените одредби од член 75 не се предвидени никакви казнени мерки за Заводот за шуми како правно лице, ниту пак за директорот на правното лице. Пратеничката група на ЛДП останува со убедување дека во амандманската расправа Владата ќе го прифати ова укажување.

Икао овој закон за шумите е солидно и стручно подготвен, сепак во развојот и унапредувањето на сточарството и планинскиот туризам Законот е многу рестриктивен и практично неприфатлив од страна на сточарите кои својата стока ја напасуваат во планините на РМ.
Да се надеваме дека Владата и тука ќе најде разбирање околу формулацијата на членот 30 и ќе ги отстрани законските пречки за изградба на сточарски фарми и други објекти потребни за развојот на сточарството во РМ.

Од наредната година се предвидува едно јавно претпријатие да стопанисува со шумите во државна сопственост. Па така субјектите што ке стопанисуваат со шумите се должни да превземат мерки за заштита на шумите од пожари, елементарни непогоди, од растителни болести и штетни инсекти. Чувањето на шумите од бесправно сечење ќе го врши професионално обучена шумска полиција која нема да биде во склоп на

субјектите што стопанисуваат со шумите. Па да се надеваме дека конечно шумската полиција ќе стави крај на бесправното сечење и уништување на нашите шуми. Бидејќи се предлага закон за шуми што на соодветен начин ја регулира оваа материја мојата пратеничка група на ЛДП ќе го поддржи донесувањето на Законот за шуми, и ќе гласаме за него.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Славчо Чапов .

**СЛАВЧО ЧАПОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани минситри.

Само во кратки црти околу Законот за шумите бидејќи ако можевме досега да се пофалиме со некое богатство што го има Републиката тоа беше нашата природа, нашите планини богати со шуми. Меѓутоа тоа денес не е веќе таа ситуација, благодарение на квалитетната,т.е неквалитетната експлоатација на шумите, недоволната регенерација - пустошењето во шумите, нечовештвото, злоупотребата на просторот и дрвата како од страна на поединци, така и од страна на претпријатијата за стопанисување со шуми денес и тоа богатство ние ускратено. Можеби реорганизацијата на организацијата со кои што стопанисуваат со шумите требаше да се изврши порано. Но да не идеме скептици па очекуваме со овој закон нешто да се подобри.

Денес Владата на РМ ни предлага еден квалитетен закон секако со извесни корекции, амандмански кој ако се правилно и квалитетно реализира гарантира подобро утро за шумите, за природата, човековата околина итн. и сите тие убави моменти кој ја красат природата. Реорганизацијата на претпријатијата кој досега стопанисуваат со шуми-

те према предлогот на законот, отсега се претопува во едно јавно претпријатие на ниво на Република во целост го оправдувам. И порано наведените причини но во Законот ствараат една празнина која можеби требало да се доискаже.

Се работи за член 17 и 18 од Законот каде е целосно објаснето формирањето на јавното претпријатие во Републиката. Меѓутоа ништо во овие членови ни во целиот текст не е опишано што со досегашните претпријатија што стопанисуваат со шумите. Дали ќе се трансформира во регионални претпријатија, дали во подружници према Законот за јавните претпријатија, работни единици или друго со сопствено ж-сметка со потсметка или друго тоа не е предвидено. Што со вработените во претпријатијата. Дали ќе има рестрикции, технолошки економски вишок на работници, целосни или поедини работни места како што се шумските чувари кои према законот се организираат во шумска полиција и друго.

Бидејќи во законот иста тема не е опфатена, па би требало претставникот на Владата т.е. министерот за земјоделците водостопанство и шумарство да даде извесно образложение, бидејќи со акт тоа ќе биде предвидено понатамошните закони.

Кога сум овде, во текстот на Законот би се задржал на член 77 каде јасно е нагласено со парична казна од 30 до 50 илјади денари ќе се казни за прекршок за физичко лице кое став 1 гради објекти и изведува други работи во шума спротивно во член 30 став 1 и 2 од овој закон каде е јасно изречена дека се строго забранува од градење објекти во шума. Сега со организација на овој закон сигурно се прекинала незаконската изградба на објекти, камо таа среќа но како да и понатаму да се сложиме. Прашањето ми е што со тие објекти што се досега изграден а ги има многу, секој на тој терен од каде јас доаѓам секој на другите терени ги има повеќе изградено и тоа без разлика дали се на приватни

земјиште, дали се на општествени земјишта. Што со тие поединци кој ја уништувале и ја уништуваат шумата за да изградат објекти. Дали со спроведувањето на овој закон назад нема да се враќаме што е изградено - изградено, па отсега натаму нема да се гради или ќе се казнува или досега ќе се преземат извесни законски прописи. Што со објектите кои не се вклопуваат во планот, односно во определените законски прописи.

V/1.-/ПЈ/ОМ

**СЛАВЧО ЧАПОВ:** (Продолжение)

Што со објектите кои не се вклопуваат во плановите односно во определените законски прописи. И тоа не е регулирано со Законот. Секако, овде треба да бараме одговор односно одговорот се состои во Министерството за урбанизам, а секако и во Министерството за шумарство, водостопанство и земјоделие.

На Комисијата активно учествувавме. Му благодариме на министерот, повеќе од амандманите ги прифати, законот е квалитетен и како единка гласам за него, а и ги повикувам останатите пратеници да гласаат за него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Петре Трајановски има збор.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници,

на почетокот да кажам дека го подржувам Предлог законот за шуми, бидејќи истиот е во интерес на шумите. Потоа, поради тоа што во него беа вградени сите забелешки, кој што ги имаше Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство во расправата од претходната фаза, како и со прифаќањето на дел од амандманите кои Комисијата за земјоделие, шумарство и водостопанство ги поднесе наминатата седница.

Република Македонија располага со шумски фонд од 905 илјади хектари, од кои во државна сопственост со 816 илјади хектари или 91% од шумскиот фонд и во приватна сопственост околу 89 илјади или 9%.

V/.-2.-

Со шумите во државна сопственост стопанисуваат 30 општествени шумски претпријатија, 3 национални паркови и еден шумски резерват. Понатаму 4 водостопански претпријатија и едно комунално претпријатие. Со приватните шуми стопанисуваат сопствениците на шумите врз основ ана критериуми за извршување на сечии работи на одгледување на шумите.

Во последните неколку години, чекајќи го доенсувањето на овој закон за шумите, се дојде до многу негативни последици и појави во шуамрството, но не мислам како што од претходните дискутанти беше искажано предмалку , мислам дека тие искажувања односно дел од тие искажувања беа паушални. Ваквата состојба во шумарството се должи на следното:

Прво, не расчистените имотно-правни односи, односно немање на катастар на шумите, што доведе до големо узурпирање на шумите и шумското земјиште од страна на приватни лица во периодот од последните снимања.

Второ, за да состојбите во шумарството што повеќе се усложнат околу имотно-правните односи доведе и новата општинска поделба на територијата на Република Македонија, со што секое село или месна заедница си даде за право да стави рака на дел од државната шума, која се наоѓа во нивните атари, сметајќи дека тоа е нивно и дека тие треба да кажат како и што треба да се стопанисува со тој дел од шумите.

Трето, исто така како сопственик на дел од шумите и шумското земјиште во последно време се јавува и црквата со своите манастирски поседи на кои сеуште не се утврдени границите на сопственоста, понатаму некои верски заедници, општествени претпријатија и друго.

Четврто, морам и тоа да го спомнам лошата организираност на шумо-чуварската служба во претпријатијата кои што досега стопанисуваа

и дел од тие кои што , навистина, не стопанисуваа согласно предвидувањата на шумско-стопанските основи.

Петто, слабата и несоодветна соработка на полицијата со субјектите кои што стопанисуваат со шумите.

Шесто, многу малата и слабата активност на судовите вов рска со решавањето на споровите.

Користејќи ја ваквата состојба во повеќе места месното население си дава за право слободно да сече и да ги уништува државните шуми. Слични негативности се јавуваат и во уредувањето на шумите односно во изготвувањето на шумско-стопанските основи, а кои што се законска регулатива по кои што шумските стопанства во досегашниот период стопанисуваа за период од 10 години. Со изработката на овие елаборати, односно шумско-стопанските основи во Републикава исклучиво се занимава една специјализирана установа, а тоа беше Заводот за уредување на шумите. Понатаму катедрата за уредување на шумите при Шумарскиот факултет. Некои професори и студенти од истиот факултет , кои се за катедрата за уредување на шуми и повеќе приватни лица, шумарски инжињери, пензионирани професори и т.н. Ваквата состојба во уредувањето на шумите доведе до нејолајна конкуренција во уредувањето на шумите, поради што губитни беше само шумата. За да се добие работа не се гледа воопшто во начинот и потребата од прибирањето на теренските податоци и квалитетот при изработката на елаборатот, туку само цената. Ова доведува до една хаотична состојба во уредувањето на шумите, која ќе резултира со многу негативни последици во наредните години во шумарството, чии последици со десетици години не ќе можат да се исправат.

Вака настаната состојба во шумарството можно е да се подобри и исправи со донесување на законот , кој е предложен од страна на

V/.-4.-

Владата на Република Македонија и кој предвидува радикални измени во оваа стопанска гранка, која е од посебен интерес за државата. Што ќе се озмени со овој закон? Овој закон за шуми предвидува целосни , коренет и радикални измени во шумарството, кој ќе овозможат, правилен современ начин на стопанисување со шумите и тоа.

Шумите како природно богатство се од општ интерес за државата со кои ќе се стопанисува, односно ќе се врши одгледување, користење и заштита. Стопанисувањето со шумите ќе биде од општ односно јавен интерес од кое непосредно зависи опстанокот и подобрувањето на шумите.

Се одредува начинот на определување на шумите за посебна намена.

Општествените шуми се преназначуваат како државни шуми односно законот за шуми во РМ шумите ги дели на државни и приватни. Со државните шуми ќе стопанисува едно јавно претпријатие. Ваквата организациона форма ќе обезбеди единствена развојна политика во шумарството, со која што ќе се унапредува шумскиот фонд врз база на координирана и ефикасна заштита на шумите од сите видови негативни влијанија. Исто така, со ваквиот пристап на организационата поставеност ќе се овозможи рационално користење на природните ресурси , потоа оптимално економично и функционално планирање и користење на опремата и средствата за работа.

Со приватните шуми стопанисуваат нивните сопственици, а со шумите за стопанска намена правно лице што ќе го определи Владата на Република Македонија.

Новина во овој закон преставува и тоа што шумите во приватна сопственост ќе се стопанисува според посебни планови со преоден период до нивното конечно донесување. Исто така, со овој закон се обезбедува трајност во стопанисувањето со шумите. За таа цел се

ограничува користењето на дрвната зафатнина , така што не може да се пречекорува вкупно утврдениот сечевитат во шумско-стопанската единица, како и во пододелот, кој претставува основен елемент од истата.

Заради стручно и планско остварување на општо корисните и производните функции на шумите се формира Завод на шуми во РМ, кој ќе биде под Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство. Потребата од формирање на ваква државна институција е од посебен заначаен интерес за шумите, која ќе се занимава исклучиво со апликативна дејност во делот на одгледувањето, уредувањето и заштитата на шумите. Во рамките на оваа институција ќе се изготвуваат општиот и посебните планови за стопанисување со шумите, општите и посебните водостопанки основи, плановите за изградба на шумски сообраќајници и т.н. Ќе се извршуваат задачите од идп службите, одгледувачи работи и катастар на шумите. Надзорот на спроведувањето на законските одредби, ќе го вршат инспекциски служби при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. вработените во оваа служба ќе бидат исклучиво високи стручни лица со завршен шумарски факултет односно шумарска насока.

Во врска со чувањето на шумите од кражби, бесправни сечи итн. и други штетни, против законски дејствија, што ги причинува човекот се формриа државна шумарска полиција, која  биде составена исклучиво од шумарски кадри специјално подготвени за ваков вид на работа, која своите задачи ги извршува во согласност со законските одредби.

Со донесувањето на Законот за шуми ќе може да се надоградува и подобрува законската регулатива во интерес на шумите и на сите корисници на благодетите од неја. Но, за практична реализација на вака добро теоретски решение, потребно е да се направи следното.

V/.-6.-

Постојните претпријатија што стопанисуваат со шумите, а ќе влезат во составот на јавното претпријатие да бидат економски стабилни.

Организацијата на јавното претпријатие да биде таква што ќе стимулира ефикасна работа односно деловите од нејзиниот состав да имаат одреден степен на самостојност во извршување на планот и располагање со финансиските средства, кои што ќе ги остваруваат во своето работење.

Да се избегне секаква ураниловка односно прелевање на средства та од едни делови на претпријатието што добро работат, во други делови _ што работат лошо.

Трето, сите овие делови од постојните претпријатија кои што не се во најтесна поврзаност со стопанисувањето со шумите или со нивното работење се создава загуба да се издвојат и да се конституираат во посебни правни субјекти, за да се трансформираат согласно законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Во државна сопственост јавните претпријатија да бидат само оние делови кои што навистина се тесно поврзани со стопанисувањето со шумите односно се од јавен интерес.

Јавното претпријатие да биде растеретено од преголема админи-страција, да биде едноставно и функционално.

Петто, да се има доволен број на шумска полиција за заштита на шумите од сите штетни влијанија, бесправни сечи, пожари и друго, како и контрола на движењето на дрвните сортименти.

Понатамо, многу претпријатија што стопанисуваат со шумите имаат големи загуби, неисплатени плати и придонеси за подолги периоди. Задолжени се со кредити потрошени за плати , кредити за пропаднати инвестиции и друго некои пак претпријатија извршија трансформација на

општествениот капитал, продавајќи ја опремата, механизацијата и слично а со тоа го подобруваат стандардот на вработените. Додека пак други претпријатија инвестираа, градеа и набавуваа опрема, секако, на терет на работниците, а сега целокупниот имот на постојните претпријатија треба да стане државен капитал.

Се поставува прашањето дали рамноправно влегуваат сите субј-екти во идното јавно претпријатие. Затоа, привлекувањето односно пред формирањето на идното јавно претпријатие сите субјекти треба да бидат санирани и со чисти сметки да влезат во идното јавно претпријатие, затоа што јавното претпријатие како нивни правен следбеник уште на почетокот ќе биде блокирано, односно ќе биде блокирана неговата жиро семтка и не ќе може да функционира нивната жиро сметка. Знаејќи ја сегашната положба на субјектите кои што треба да влезат во тоа јавно претпријатие, мислам дека тешко ќе може уште на почетокот да профункционира односно ќе се судри, со многу, многу проблеми.

Исто така, сегашните околу 600 чувари во РМ се заменуваат со шумарска полиција околу 250 лица за заштита на шумите на површина од околу еден милион хектари и да се контролира сеча и превоз на дрв-ни сортименти околу исто така милион метар кубен. Мислам дека тоа е малку. На некој начин заштитата, за мене, не најдов одговор овде во законот како таа полиција ќе функционира, знаејќи дека сега толку лица таа работа ја обавуваат, кои што се редовно присутни на теренот, а полиција и колку да биде опремена, мислам дека за чување на шумите можеби не треба многу опрема, треба многу време, многу труд да се биде далеку од дома односно да се биде таму во шумата.

Во врска со тоа се поставува прашањето дали тие можат нормали да ја извршуваат својата работа, како и што со досегашните чувари на шумите. Исто така, што со оние околу 5 илјади вработени во

шумарството, како и што со досегашните чувари на шуми, за кои што скоро и ништо да не е речено со овој закон, можам слободно да кажам дкеа тие и дел од нив досега се грижеа за шумата и никој друг, а сега според ова што јас можам барем да го разберам, тие треба да бидат или технолошки вишок или да останат без работа.

Со прифаќањето на дел од амандманите кои што беа прифатени во комисиската расправа и дел на амандмани кои што сега се предложени односно треба да ги разгледуваме, мислам дека, сепак, ќе донесеме еден добар закон, кој што , пред се, ќе биде во функција на шумата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, на денешната седница на Собранието на РМ, меѓу другото се наоѓаат и два закони, што имаат посебно значење за животот и работата на нашето село и земјоделство. Станува збор за законот за шумите што е сега на дневен ред и законот за води, за кои ќе дискутираме малку подоцна. И едниот и другиот закон, како што Ви реков, имаат посебно значење за нашиов аграр.

Јас мислам дека овие закони требаше и мораше да бидат донесе-ни уште многу порано, а не сега да се носат, или пак да се расправа во нивна нацрт фаза. Зошто досега аграрните закони тешко доаѓаат во собраниска процедура, незнам. Новиот министер за аграрот, шумите и водите по донесувањето на овие закони , сигурно ќе вложи уште поголеми напори и за изработка на другите аграрни закони. Времето бара да имаме нов закон за искористување на земјоделското земјиште. Не може да се гради

нов систем со стар закон на овој план. Натаму , времето бара да имаме и нов закон за земјоделско задругарско, кое пред очите на сите, на жалост ни пропаѓа. Без земјоделски задруги, што треба да бидат организирани по рецептите насовремена Европа, нашиве села не можат далеку да одат. Затоа, законот за задругите мора што побрзо да влезе во собраниска процедура.

Натаму за работата на аграрот во рамките на новиот систем сеуште ги нема и новите закони за ветеринарство, сточарство, за унапредување на приватното земјоделие. Мислам дека, ќе повторам уште еднаш, новиот министер најде сили и овие закони до крајот на годината сигурно ќе стигнат на дневен ред пред пратениците. Новиот закон за шумите што денес треба да добие виза за негова практична примена, го прифаќам и како пратеник од едно подрачје што е богато со шумски фонд ќе гласам за неговотодонесување. За овој закон повеќе дискутираа пратениците Трајановски и Каров и нивните дискусии ги прифаќам.

Инаку, ќе гласам за овој закон затоа што мислам дека со мали исклучоци овој закон е добар и со него се создаде подобар ред во одгледувањето, заштитата и искористување на шумите. Кон шумите што нашиов народ оправдано ги нарекува дека се зелени дробови на државата ќе имаме поинаков однос. Со еден збор речено овој закон, ќе стави крај на сите деформации што ни се случуваат во нашето шумарство и шумите пак ќе речам уште еднаш, нашиве зелени дробови ќе останат во служба и за генерациите што доаѓаат понатаму, не само за оние што денес ги користат и така речено ги уништуваат.

Инаку, јас имам неколку забелешки на овој Предлог закон. Забелешките се однесуваат на членовите 37, 38,47 и 58.

V/.-10.-

Во член 37 се предлага забрана на сеча во државната шума од страна на физички лица за сопствени потреби или препродажба на дрва. Станува збор аз стопирање на праксата, селаните што живеат во ридско-планинските подрачја да не можат, се разбира, со посебно одобрение од претпријатијата што стопанисуваат со шумите да сечат дрва за сопствени потреби или пак за продажба. Оваа сеча на дрва не е , господо бесплатно. Се плаќа за секоја пресечена мера на дрва. Селаните користеја набавка на поевтини дрва, заради тоа што сами ги сечеа и креваа дрвата од шумата.

Предлагам овој член од законот да се измени и традицијата на селската сеча да остане и натаму по донесувањето на овој закон на шумите. Ќе се направи големана правда, ако селаните што останаа да живејат во ридот и во планината немаат право да наберат дрва за потребите на своите семејства.

Натаму во член 38 се вели дека сеча во шума во приватна сопственост се врши со одобрение за сеча што се издава односно што ја издава сега веќе јавното претпријатие. Значи, пак се тера по законот зе шумите од бившиот систем. Пак, заради високите такси што се наплатувааа за обележување на сечата сопствениците на шумата се тераат да го купуваат сопственото производство.

Со Уставот на Македонија правото на сопственост, господо пратеницие е загарантирано. Дали оваа мерка од законот за шумите не е пак против уставна. Колку што знам Уставниот суд на Македонија, овој член од стариот закон одамна го има поништено.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:** (продолжение)

Колку што знам, Уставниот суд на Македонија овој член од стариот закон за шумите одамна го има поништено. Сега пак се нуди да постои и во новиот закон.

Ако не може да се брише, тогаш нека се брише таксата за одбележување на сечата со која најпогодени се старите селани кои сечата на дотурот на дрвата заради изнемоштеност и старост ги вршат со туѓа работна сила. Фактички тие ги купуваат дрвата од сопствената шума. За жал, во ридско планинските села сега за сега мора да признаеме дека живеат само стари и доодени земјоделци.

Во член 47 се забранува напасување на добиток и желадење во шумата. Тогаш што со добитокот што помалку го има во овие подрачја.

Во последниот став на овој член меѓу другото се вели дека во шумските локалитети што ќе бидат определени за напасување на добиток бројот на ситниот добиток не може да биде поголем од едно грло на еден хектар односно едно грло крупен добиток на 5 хектари.

Овој став од овој член господо пратеници, мора да се брише Сигурно министерот од расправата што беше во Комисијата за земјоделство ќе го мени својот став на овој план. Ако не се брише на сточарството во ридско-планинските подрачја црно му се пишува.

Господо, овците, говедата не ги загрозуваат шумите. Шумите се загрозени само од полите и секирите. Овците, говедата, на шумите им даваат нешто друго, а и на државата.

Што се однесува до член 6 8 со кои се регулираат прашањата за подигање на нови шуми преку пошумување на голини, мислам дека и овде треба да се прецизираат некои работи. Имено, во изминатиов пред период спроведувањето на пошумувањето на голините не се водеше доволно грижа за тоа колку некои голини што се претвараат во шуми

имаат негативен одраз на сточарството односно и на тоа крупно и на ситното сточарство. Зафаќањата на големи комплекси за нови шуми што се користеа за летна или зимска испаша на добитокот отераа многу стада на кланица. Многу села се иселија од тие подрачја. Селаните, не се против господо, пошумување на голините што навистина се големи и не даваат никаков приход. Тие се против пошумувањето што се врши во близината на селата. Кога на удар на оваа мерка за повеќе шуми се дневните утрини и пасишта на кои што се напасува добитокот. Токму затоа во овој член од Законот за шумите при подигање на нови шуми треба да се бара согласност и од селата во- чии средини се изведува пошумувањето.

На крајот уште само за еден присутен проблем што сите го знаеме, а во оваа расправа денес, бар досега, не беше спомнат. Станува збор за ангажирањето на странска работна и влечна сила во нашево шумарство. Господо, ние секој ден на оваа говорница тврдиме дека имаме армија, илјадници невработени граѓани. Имаме илјадници стечајци, илјадници технолошки вишок, меѓутоа и ден денес во нашиве шумски стопанства се ангажирани работници на сеча и дотур на дрва од соседна Југославија или од Босна ,зошто?

На крајот, да биде парадоксот уште поголем имаме дури и дотурот на дрвата од планината до градовите да се врши со странска механизација. Дали на овој план не постојат некои малверзации.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Назми Маљичи:

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре, во предлог на законот за шумите се појаснува значењето на шумите како добро од општ интерес посебно од еколошки аспект

и обврска за нивното одржување и обновување е наведено влијанието на шумите за заштита на животната средина, заштита на земјиштето, населените места, сообраќајниците и други инфраструктурни објекти. Се надеваме дека со донесување на овој закон ќе се конкретизираат задачите на јавните претпријатија и другите правни лица за правилно стопанисување, така да се сочуваат шумските површини, да се заштитат шумите од растителните болести и растителните штетници и инсекти, заштита од пожари и непланираното сечење итн.

Со овој закон се создава можноста за почитување на категоризација на шумите со стопанска и посебна намена бидејќи таквата категоризација досега не беше почитувана и се губеше значењето на заштитните шуми,националните паркови и тоа го кажувам затоа што такви категоризации на шуми имаше и досега, но не се почитуваше. Можеби со овој закон ќе се успее да се преземат потребни мерки за заштита на шуми бидејќи во последните пет години јавните претпријатија што стопанисуваат со шумите не преземале правовремени мерки за заштита на шумите особено од штетните инсекти.

Во овој предлог-закон за шуми не е предвидено никаква можност за ридско-планинските населени места за нив да се одвои дел од приходот од претпријатијата односно од правните лица што стопанисуваат со шумите со цел тие средства да се користат за изградба на инфраструктурни објекти, посебно за одржување, реконструкција и за изградба на локални патишта во тие шумски подрачја. Такви примери дел да се одвои за единиците на локалната самоуправа каде што се шумските подрачја во европските земји има доста примери за тие ридско-планински подрачја, таа можност ја имаат, дури и се привилегирани.

Досега шумско стопанските претпријатија не учествувале во одржување иако тие патишта ги користеле и ги уништиле како на пример, а такви примери може да се набројат насекаде, како свеж пример може да се каже за Патишак Река, општина Сопиште, патот што

е изграден и подготвен за сообраќај за патнички и лесни товарни возила, меѓутоа во последно време населението се соочува со неволјата што ја наметнуваат тешките возила на претпријатијата, национални паркови и ловишта и "Јасен" кои постојано носат огрев,дрва за други потреби што ја зголемува опасноста за безбедноста во сообраќајот и оштетување на куќи. Ова претпријатие, како и "Карацица" не најдоа за сходно а со тоа и нивниот интерес да допринесат нешто за одржување и проширување на локалните патишта во околината на град Скопје особено на правецот Патишка Река -Цветово -Палиград - Добрино Дејковец. За жал, но со оправданото незадоволство на граѓаните од село Патишка Река, Цветово истите не беа правилно сватени дури имаше и заканувања и барања за употреба на полициските сили од страна на претпријатијата што моментално стопанисуваат со шумите во овие подрачја.

И покрај многу решенија од СИЗ за патишта од Кисела Вода за ознаките за користење на патот, тоа не беше почитувано никогаш. И сега најнови решенија издадени од Министерството за сообраќај времено да престане да се користи овој патен правец, исто така од страна на претпријатието "Јасен" тоа решение не се почитува и се надминуваат сите критериуми за користење на возила и за заштита на сообраќајот во овој дел.

Такви примери кои што се на штета на ридско-.планинските населени места ги има скоро во сите подрачја, но тие овој закон односно со него ќе се надминат. Со донесување на овој закон се надеваме дека претпријатијата и правните лица што стопанисуваат со шумите повеќе ќе водат сметка за заштита на шумите и повеќе ќе придонесуваат за одржување, изградба, патишта во шумските подрачја и ќе се отворат можностите да се сочува населението во ридско-планинските

населени места покрај приоритетна грижа која што само Агенцијата за недоволно развиените краишта.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Илиевски.

**МИТКО ИЛИЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги,почитуван г-дин министер, јас ќе бидам краток во моето излагање бидејќи од претходните дискутанти доста добро беше Л'аден еден критички осврт на овој закон. Сигурно овде и двајца од нашите колеги Тантаров и Петре се верзирани едниот од заштита на шумите и од заштита на растението, а другиот во пракса, веќе неколку години работи во едно шумско стопанство и има доста правилно согледани проблеми односно проблемите кои што се врзани во сферата на шумите во нашата држава.

Јас ќе се обидам со неколку зборови да кажам едно мое видување бидејќи потекнувам од крај каде што шумите се доста застапени и претставуваат еден дел, сигурно национално богатство на државата, исто така и богатство на граѓани од Малешевијата кои што на некој начин вршат експлоатација или да не речам, можеби вршат злоупотреба на оваа шумска маса, па би сакал, како што реков, неколку збора.

Пред се, добро е што со тој закон се донесе една регулатива во смисла на тоа чија сопственост се шумите бидејќи во овој период од осамостојувањето на нашата држава барем во мојот крај имаме неколку пати собири на граѓани од разни селски населби кои што изнесуваат одредени тапии кои што во одредените правни регулативи во минатото им е давано сопственост на шумите каде што имаше заблуда кај доста голем број на граѓани од овие наши населени места дека дел од шумите

претставуваат сопственост на селските населби, па од тие причини многупати се доаѓаше до судир помеѓу локалната, државата власт и овие граѓани од нашите месни заедници и како што е со овој закон кажано отсега имаме државна и приватна сопственост што е еден од проблемите веќе разрешен.

Во понатамошната регулатива сигурно е доста значајно дека заштитата на шумите е доста сеопфатна, пред се е регулирана во голем број од членови. Јас мислам дека најголем проблем во заштитата на шумите претставува човекот од една страна како директен корисник и со сечење на самата шума и од друга страна како посетител на овие површини и предизвикувач на пожари. И, мислам дека во минтаните години голем дел од шумите во Македонија беа опожарени во 1993 година мислам дека беше година на најголеми шумски пожари во која што во голем број беше оштетена шумата во државата и сигурно од крајот од кај што потекнувам мислам дека во тој поглед немаше една законска регулатива со која што беше регулирано на кој начин се постапува при појавата на големите шумски пожари, додека тоа дали да биде изрегулирано од претпријатието кое што стопанисува,дали од локалната власт или од страна на Републиката за 24 часа голем дел од овие површини беа уништени.

Потоа имаше некоја регулатива од страна на МВР и Министерството за земјоделство и шумарство беше осврнет некој начин на кој би се постапувало во случај на пожар, јас мислам дека сега со овој закон е малку подобро регулирано и начинот на кој што треба да се изврши заштитата на шумата од пожари.

Незнам колку ќе биде моќно Министерството или Заводот за шумите кој што ќе стопанисува со шумите во идниот период од економска гледна точка да може да ги изврши сите тие превентивни мерки за заштита на шумите од пожари како што се наведени

извршување на просеци помеѓу шумите, пред се и со шумски патишта така и со намерно направени просеци и со засадување на одредени видови на дрвја кои би ги спречувале овие шумски пожари. Не знам дали сите видови на дрва можат да бидат насадени на одредени простори каде би требало да направат еден природен пресек на овие шуми.

Јас мислам дека и оваа идеја со формирање на шумската полиција е добра од прости причини што сега се раздвојуваат корисниците бидејќи и досега оваа шумска или надзорна служба беше во рамките на исто претпријатие кое што вршеше сечење на овие шуми, а исто така ја вршеше и контролата.

Ја се надевам дека предлогот на Владата е доста умесен, дали бројот од шумските полицајци ќе ги задоволи потребите ќе го покаже времето, но самото ова раздвојување, мислам дека е подобро решение од досегашното.

Во одредени амандмани што ги имам и јас поднесено пред се се однесуваат на десетгодишниот план во случај на пожар. Оваа регулатива донекаде е регулирана во членот 26, можеби мене не ми беше доволно јасно, сигурно во амандманската расправа министерот ќе го објасни тоа

Исто така имав еден амандман на членот 37 каде што се забранува сечење од приватни лица во државни шуми, што мислам, според мене дека е едно не најдобро решение, но, како што реков, кога ќе дојде амандманската расправа јас ќе земам збор за тоа.

**МИТКО ИЛИЕВСКИ: (**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Би сакал да ставам една забелешка. Тоа беше кажано и од претходните дискутанти, какво ќе биде решението на Јавното претпријатие кое ќе се формира сега, дали досегашните организации што стопанисуваа со шумите ќе имаат некој статус на самостојност, бидејќи во Македонија имаме неколку претпријатија кои многу добро, економично и ефикасно работеа во изминатиот период. Исто така, имавме и неколку претпријатија кои доаѓаа до пред стечај, па и поведување на стечајна постапка, иако не беше регулирано со законот дали во овие јавни претпријатија мораше да се воведе стечајна постапка. Да не доведе тоа едноставно здружување на сите претпријатија односно да ги доведе во една рамноправна положба и оние претпријатија кои досега работеа и инвестираа и на оние претпријатија кои што не економично работеа во изминатиот период, па со тоа да создадеме една блокажа скоро на сите шумски претпријатија кои ќе бидат дел од Јавното претпријатие, со што и сегашната ситуација со шумите би ја довеле да биде уште полоша.

Би сакал уште еден два збора да кажам по однос на дискусијата на г- динот Тантаров, во смисла на неговата дискусија која што сега беше, а беше и во нацрт законот за шумите, во смисла на ангажирање на странска работна сила.

Незнам колку му е позната на г-динот Тантаров тежината на овие работи, поготово во сеча што само по себе зборува за тежината на работата бидејќи луѓе со странско државјанство работат во нашите шуми, а знаеме дека вработеноста во Македонија е голема. Инаку, јас и тогаш реков и сега велам дека кај нас се отворени секогаш огласите за шумски работници во овие шумски стопанства кои во изминатиот период секогаш беа дефицитарни, а сигурно и во периодот што доаѓа ќе бидат дефицит. Секој кој нема работа во Македонија да се јави во овие досегашни или во идните јавни претпријатија ќе биде преземен од нив бидејќи секогаш има отворени конкурси за работа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Тантаров има реплика.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Јас по трет пат ќе го повторам овој проблем.

Реков дека во услови кога во Македонија има илјадници невработени, многу технолошки вишок, многу стечајци да се ангажира странска работна сила да работи во нашето шумарство, г-да пратеници е апсурд.

Претходниот пратеник рече дека македонците или албанците не е важно, граѓаните што живеат во Македонија дека не прифаќаат такви работни места. Мислам дека тоа е не е точно. Има податок дека во шумското стопанство "Кајмакчалан" подолго време еден мариовец се бори да влезе на дотур на дрва меѓутоа не може да добие таква дозвола.

Второ, зошто г-динот не кажа зошто во нашево шумарство е ангажирана странска механизација. Станува збор за камиони од Србија или од Босна да превезуваат дрва од шумата до самите градови. Дали во Македонија нема доволно возила. Има, меѓутоа во прашање е нешто друго, а за тоа треба да каже некој друг.

**МИТКО ИЛИОВСКИ:**

Јас се извинувам ако г-динот Тантаров се најде нешто навреден. Сакам да повторам дека јас дискутирав за приликите во мојот крај, а сигурно тоа е и во останатите општини. Не реков дека не сум ни запознаен со тоа некаде не учествува странска механизација. Јас кажав директно на луѓето кои работат на сеча и повторно како што вие рековте би повторил и по трет пат дека тоа е недостаток и ако некој не го верува тоа нека дојде во општина Берово и во општина Пехчево да се запознае со проблемите што ги има таму.

Ако дел од пратениците кои дофрлаат од место мислат дека тоа е многу лесна работа, еве ги поканувам еден викенд во Берово, да посетат една сеча, да ја видат таа работа, да видат со каков труд работат и со какви проблеми се среќаваат овие граѓани. Јас мислам дека доста од директорите на шумските претпријатија им се благодарни на овие луѓе. И ние треба да сме благодарни, а спротивно на тоа да кажам дека не треба да се плашиме и да се срамиме од оваа тешка работа, а се надевам дека барем во овие две

се страмиме од оваа тешка работа, а се надевам дека барем во овие две општини секогаш граѓаните на Република Македонија ќе бидат добредојдени да работат на овие сечи во шумите.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитувани пратеници, моето чувство за овој закон е дека пред голема доминантност имаа стручњаците од шумарството дадено од овој зџакон а знаеме дека во нашите шуми живеат доста луѓе има доста населени места и доста стока.

Мислам дека за населението во овие предели и за стоката е помало чувството за тоа. Јас имам неколку амандмани, еден со колегата Каров еден со Лазаров и еден мој, баш поради тоа дека сепак таму мора да се одреди живот со кој со векови се надополнуваат и луѓето. Нашите Шуми се богати благодарение на луѓето што ги чувале, а таму и доста стока се одгледувапо. Сега мислам дека тоа не е случај, шумарите претерале, мислам, со запазување само на шумите.

Во основа законот го поддржувам меѓутоа предлагам Владата да ги земе предвид неколкуте амандмани на овој дел и да се направи еден подобар закон во целина.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг има збор? (Никој)

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, г- динот Кирил Докузовски.

**КИРИЛ ДОКУЗОВСКИ:**

Јас благодарам на расправата. Радосен сум што денеска дојде законот на дневен ред кој навистина Ќе се обиде да ги реши прашањата во областа во кој, морам да кажам сите сме донекаде виновни бидејќи не владее тоа што треба да владее. Не владее законот заради сваќањето дека шумата е и приватна, и државна и сечија. Оттаму се определивме и да побрзаме, иако реков доцниме бидејќи знаеме три месеци чека овој закон овде во парламентот.

Прво, имаше неколку начелни прашања на кои јас ќе одговорам кога ќе дојде амандманската расправа.

Определбата да се оди со едно јавно претпријатие е од повеќе причини, јас би ги наброил неколку.

Определбата да се оди со едно јавно претпријатие е од повеќе прижини, јас би ги наброил неколку.

Првата причина е со единствено претпријатие да одиме за да ги спречиме споровите кои постоеја, постојат и ќе постојат, ќе се јавуваат ако оставиме вака по однос на границите на шумските подрачја.

Шумите и порано и сега, и со овој закон не може да се поклопуваат со територијата на општините. Од тие причини на овој начин се решава единствено во цела република со државните шуми да управува државата, а приватникот со својата шума.

Дискусиите што досега ги водевме во парламентот покажаа дека овој концепт е исправен, и сега до крај да опстоиме на него.

Дискусиите дека приватната шума е приватна, иако можеме и во државната да посегнеме, мислам дека води кон нешто што не е реалност. Тој закон важи исто и за приватните, да ги почитува нормите, меѓутоа не јас да сечам а друг да ми ги плаќа услугите. Ќе плаќа и едниот и другиот затоа што дваицата се сопственици.

Државата во случајот се определи за вакво решение затоа што презема обврска преку јавното претпријатие да ги усогласува сите шумско стопански основи, да ги утврдува и цените на услугите да не може некој да се наметнува. Да ги решава прашањата врзани за локалните патишта за патиштата кои поврзуваат повеќе општини итн.итн., бидејќи праксата за овие три месеци додека се расправа овде покажа дека секое село посега шумата да е негова, посега, по шумските патишта, да става рамки итн. Мислам дека на овој начин ќе решаваме многу повеќе прашања, меѓутоа ќе отвориме и решавање на многу сложени проблеми во стопанските претпријатија кои работаат во оваа област.

Се согласуваме дека имаме нееднаква економска состојба на претпријатијата. Ќе влезат сите со различни економски состојби.

Оттаму, залагањето да биде едно јавно претпријатие но со повеќе жиро сметки не значи ништо, значи враќање на состојбата како што беше досега. Дали ќе биде тоа јавно претпријатие со потсметки, со преодни сметки, Македонија има доволно искуство со јавните претпријатија како тие функционираат и верувам дека тој модел успешно ќе го следиме и ќе

профункционира, затоа што не би правеле промени. Сигурно ќе има проблеми профункционира, затоа што не би правеле промени. Сигурно ќе има проблеми затоа се прави јавно претпријатие за да ги промениме состојбите на подобро. ако правиме јавно претпријатие за да бидат состојбите исти или полоши мислам нема потреба, туку напротив, а и дискусијата го покажа тоа, сите сме за тоа да биде единствено претпријатие за решавање на овие прашања.

Прашањето за заштита на шумите од болести беше овде споменато. Веднаш да кажам дека тоа се решава со Законот за заштита на растенијата од болести и штеточини. Тоа важи за сите растенија па и шумите, а да информирам дека деновиве се врши заштита со авиони, таму каде што има потреба и тоа е еден прилог исто така како ќе ги решаваме проблемите и во иднина во единствено јавно претпријатие каде што ќе имаме такви појави. со еден збор заедништвото е неопходно за оваа гранка.

Бидејќи имаше прашање, повторно да потенцирам, што ќе биде со постоечката ситуација. Со преодните одредби е кажано дека имотот на постојните претпријатија станува државна сопственост. Потоа кажуваме дека тие претпријатија во кои има делови кои не се во функција на шумарството туку се надвор од дејноста, ќе можат да бидат трансформирани во посебни претпријатија и приватизирани и трето, другите делови на претпријатието кои се врзани за функцијата, вклучувајќи го и статусот на нивните работници, ќе се решава со актот за основање . Со еден збор претстојат сложени задачи на Владата да го определи претпријатието, целата негова физиономија, функциите и, реков, сите овие проблеми што Ќе се јавуваат околу идното работење на претпријатието. Меѓутоа, ако се определима за овој концепт треба да истраеме докрај.

Тоа што беа конкретни забелешки, ќе кажам кога ќе биде амандманската расправа да не губиме сега време.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, поднесе амандмани на член 2 член 21 , член 22 став 4, член 26, член 32 став 5 член 33 став 1, член 34, член 42 за бришење на став 2, за пренумерација на членовите од 44 до 51, член 51 став 2 и на член 56 со кој се согласил

членовите од 44 до 51, член 51 став 2 и на член 56 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 17 став 1 и на член 47 за бришење на став 6 по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандмани на член 7 за бришење на ставовите 2 и 3, член 62 за додавање нов став 2 и на член 73 став 1 со кој се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на предлогот на законот.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандмани на. член 6 став 3 член 38 став 9, член 40 став 3, член 47 за бришење на став 6, член 67 став 4, член 68 став 2 алинеја 8, член 75 став 1, за додавање две нови точки 24 и 25 и на член 75 став 2, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мирко Пецов и Јован Лазаров, поднесоа амандман не член 67 за додавање нов став 5, по ставот 4, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Илија Каров и Мирко Пецов поднесоа амандмани на член 30 став 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Мирко Пецов поднесе амандмани на член 47 став 3, на член 47 став 6, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Митко Илиевски и Ферид Мусоски, поднесоа амандман за додавање на нов член 36-а и на член 37 по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Петре Трајановски, поднесе амандмани на член 1, член 14, член 22 став 1 и 2, и на член 68 став 2, за менување на алинеја 1, по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Вељо Тантаорв  поднесе амандмани на член 33 став 2, на член 37 и на член 68 за додавање нов став по ставот 1 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Илија Каров поднесе амандман на член 62 за додавање на нова точка 5 по точка 4 по кој Владата не се произнела.

Пратеникот Здравко Стојковски, поднесе амандмани на член 78 став 1, член 77 став 1 за додавање нова точка 10 член 78 став 1, за бришење на точката 8 и на член 79 за бришење на точката 3 по кој Владата не се произнела.

точката 8 и на член 79 за бришење на точката 3 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРИЛ ДОКУЗОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа бидејќи со унапредување е решено во текстот она што значи терминологија дадена во текстот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека амандманот не е усвоен.

Отворам претрес по амандманот на член 6 став 3 поднесен од пратеникот Илија Каров.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 14 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРИЛ ДОКУЗОВСКИ:**

Се прифаќа под услов во членот 15, бидејќи се врзани ќе направиме правен вакум, да се брише ставот 7 од член 15. Тогаш во целина се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ**

Молам, предлагачот на амандманот дали се согласува со ваква формулација (се согласувам)

Отворам претрес по амандманот на член 17 став 1 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**КИРИЛ ДОКУЗОВСКИ:**

амандманот на член 17 не се прифаќа од причини што кажав, ако дозволиме посебни жиро сметки тоа не значи ништо од концептот што го прифативме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за, молам да крене рака?(10)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 22 став 1 и 2 поднесен од пратеникот Петре Трајановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРИЛ ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа

Има збор г-динот Петре Трајановски.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Се работи за следново:

Со шумите се стопанисува според општи и посебни планови. Општиот план е со важност 20 години а посебниот е по предлогот е 10. Јас предлагам посебниот да биде пет, за да може барем за време на траење на општиот план четири пати да може да се изврши корекција, доколку настанале некои грешки или промени. Вака со 10 години, како сега што се изработуваат шумско стопански основи, тоа е многу гломазна работа и фактички настанува само препишување. Предлогот ни е тие да бидат поедноставни и до колку настанат промени и во шумата и до колку настанат грешки при стопанисувањето, а и грешки при изработката на овој план, ќе можат барем три пати во тој период да се корегираат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (26 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 30 став 1 поднесен од пратениците Илија Каров и Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Овој амандман не се прифаќа.

Причина е затоа што станува збор за амандман кој заговара само имиња на ловство и тн. а во член 30 стои дека тоа се јавни објекти за кои што не треба посебна дозвола.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор?

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Јас мислам дека се тие доста неразвиени пасивни краишта кога има некоја иницијатива од приватни, менора да бидат од јавни објекти за развој на овие предели, треба да се прифати. Да речеме ние имаме доста ненаселени пасишта кои се пусти, кои немаат стока а со векови пред тоа живеела таму стока и мислам дека ако има иницијатива од приватни фирми индивидуални производители , не може ако му се даде дозвола таму да напасува добиток , а да нема да речеме основна елементарна зградичка, обична штала или обично трло за оваа стока, а да нема воопшто никакво градење. Мислам според мене, држи амандманот да биде прифатен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (12 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 53 став 2 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи шумата е на сопственикот и тој треба да обезбеди и наплата, а не државата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

VIII/3

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници,

Досега сопствениците што имаат приватна шума за да обезбедат сечени дрва во својата шума мораат да плаќаат високи такси во шумските претпријатија, за да дојде шумарот или некој друг стручњак од тоа шумско претпријатие и да ги обележи дрвата што треба да се сечат. Овие такси се знае колку се, може да изнесуваат некаде 300 или 400 денари по еден кубен метар дрва . Јас сметам дека во новиот закон, оваа пракса треба да се брише и обележувањето на сечата треба да се врши на сметка на јавното претпријатие кое стопанисува со шумите. Реков посебно од тоа што на овие подрачја живеат стари и инезмоштени селани кои пак и за сечата која треба да ја сечат повторно плаќаат друга работна сила на овој план. Јас се надевав дека овој амандман ќе биде прифатен од страна на пратениците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака? (15 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 3б-а поднесен од пратениците Митко Илиевски и Ферит Мусовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Причините се затоа што со амандманот со кој се предлагаат ова прашање е уредено со членот 2 6 каде што стои измена и дополнување се врши на планот за стопанисување во случај на пожар, како и членот 26 со кој е забрането пречекорување во случај на сеча на шумите. Значи ако дојде до пожар се

дозволува да се решава ова прашање на овој начин. Од таму мислиме дека идејата е прифатена, меѓутоа, има законско решение кое што е предложено во текстот и од тие причини амандманот не можеме да го прифатиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го повлекуваат амандманот предлагачите.

Отворам претрес по амандманот на член 37 поднесен од пратениците Митко Илиевски и Ферит Мусовски.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

И овој амандман Владата не го прифаќа.

Поимот селски сечи неможеме да го прифатиме, бидејќи имаме приватни и државни шуми.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**МИТКО ИЛИЕВСКИ:**

Јас сум свесен за тежината или пред се, од тоа кој најмногу нанесува штета на шумите, но сепак го поднесов овој амандман а имаше и сличен амандман од г-динот Тантаров. Мислам дека нашите поготово во државните шуми имаме доста паднати стебла, доста суви стебла каде што шумските организации, или сегашното јавно претпријатие, кое што ќе биде формирано, не постои интерес или нема економска оправданост да навлезе и да ја собере оваа дрвна маса и мислам дека со дозволата на приватни лица да се собираат дрвна маса во државните шуми на еден начин ќе биде подобро искористувањето, а од друга страна оваа дрвна маса доведува до појавување на разни штетници на самите нив кои што негативно се одразуваат на останатата дрвна маса, па од самите тие причини го поднесов овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање

Кој е за молам да крене рака? (23 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа бидејќи се предлага наместо да стои зборот забрана, да се замени со зборот "дозволено е". По општите принципи не е допуштено да се дозволи паша во шумите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Прво би сакал да го корегирам министерот дека во член 37 не станува збор за испаша на добиток , туку за селска сеча. Јас мислам дека овој амандман треба да се прифати. Ние пред малку направивме голема грешка што не го прифативме и амандманот на г-динот Илиевски, со кој што тие дрва што се вошумата пропаднати, што тие претпријатија немаат сметка да ги собираат, останувaaт во шумата да скапуваат. Ние со овој закон едноставно сега им забрануваме во шумата да го напасуваат добитокот. Се знае на која површина, колку овци, колку говеда. Забрануваме да се врши сеча во шумите на физички лица господине министре, таа селска сеча било исконско право на тие луѓе што живееле во шумата од секогаш. Од што се плашиме сега ние? Ќе имаме сигурно преку 500 шумски полицајци. Се плашиме ли од тоа дека тие селани кои што ќе добијат право на селска сеча ќе прават некоја малверзација со шумата. Мислам дека на овој план тоа е се одбегнато. Сега ние со ова ќе прифатиме бараше на еден пратеник на еден пратеник од другата страна на салата кога велеше дека нема потреба

од селска сеча, нема потреба од ова она, туку ќе ги тераме луѓето што живеат во овие села да се греат исклучиво на електрична енергија. Па и струја немаат.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Прво рековме дека прашањето е принципиелно. Државната шума е државна и претпријатието што стопанисува ќе собира дрва ќе продава, ќе купуваат сите граѓани еднакво во државата. Терминот селски сечи не постои. Нити можеме понатаму да го употребуваме.

Трето, практиката во Македонија покажа дека најголемите кривосечи се јавуваат со земање дозвола, сечење во државна шума и во туѓа приватна шума. Тоа во практиката кој не го видел мислам дека ќе ја поддржува оваа теза под името селски сечи. Дали има Македонија на сите да им дава селски сечи? Нема. Од тие причини се залагаме да нема селски сечи . Без оглед што кажаа дека некој ќе засегне. Меѓутоа мораме да внимаваме за еднаквоста и да ги елиминираме сите обиди за кривосеча во Македонија. Земаат дозволи, со шумарите се поврзуваат за сечење божем во државна шума за еден кубик , а ќе посече десет кубици. Каде е контролата? Од тие причини не го прифаќаме овој амандман.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Изгледов на говорница да кажам дека го поддржувам амандманот. Кое е образложението. Потполно го разбирам г-динот министер меѓутоа, во потполност ги разбирам и луѓето кои што живеат во сред шума. Да живееш во сред шума и да не можеш да береш дрва да се затоплиш преку зимата, мислам дека тоа е извесен преседан. Од тие причини, мислам дека е одрживо да се изгласа амандманот. Јас кажав во потполност ги разбирам работите по однос на прашањето на кривосечите, и кривокрадци и се. Меѓутоа, повторно велам, да се живее во шума и да се купува дрва , не сум за тоа да се сече дрва без одредена процедура, во никој случај. Почитувам процедура меѓутоа, еве станала

една традиција луѓето дента да се соберат, да насоберат дрва и малку да се почестат по тој повод. Затоа мислам дека е одрживо има фамилии кои на тој начин се затоплуваат преку зима. Ако правилно се гледа примерот на собирање на огревно дрво во државна шума и ако правилно се прават сметките, сигурно дека таа сметка и голема и скапа и за тој што ги собира дрвата. Бидејќи бербата на дрва не е проста работа, не случајно нашите луѓе тешко се одлучуваат за таква работа, заради што имаше и доста дискусија. Затоа мислам дека одрживо амандманот да го прифатиме. Секако, со сите тие работи кои го следат проблемот на сечата за подобрување на сеча на дрва.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Мислам дека аргументите на министерот за земјоделство г-динот Киро Докузовски, за да не се прифати овој амандман бидејќи со тоа ќе подлежат тие малверзации што досега постоеле околу обезбедувањето на таа сеча и второ дека сите граѓани пред Уставот се еднакви, г-дине министри, колку што знам јас селска сеча им се одобрува само на села што живеат во шумите, или околу шумите. Не може Новаци мое да бараат селска сеча кај Кајмакчалан. Селска сеча ќе бара само Живојно, Кочевир и другите пет Мариовски села. Мислам дека ако навистина со овој закон се укине селската сеча тоа значи дека селаните од Саравина Градешница, или Будинарци, што сега живеат на испустено подрачје, ќе мора да доаѓаат да купуваат дрва дури во Битола. Ве молам г-да пратеници да го поддржите овој амандман.

**ЏАМБАЗОВСКИ АЛЕКСАНДАР:**

Господин претседателе, господа пратеници, Излегов на говорница да кажам дека сметам дека не треба да се поддржи амандманот од следните причини: се плашам дека после некоја точка ќе имаме нацрт закон за води, па се плашам нема ли некој да побара оние што живеат

блиску до граница да не плаќаат вода или оние што се блиско до РЕК Битола да не плаќаат струја. Или незнам се какви други примери. Најголемо оштетување на шумата имаме токму во овие населени места.

**АЛЕКСАНДАР ЏАМБАЗОВСКИ**: (Продолжение)

Мислам дека имаме токму во овие населени места каде што живеат и користат односно имаме најголема злоупотреба на шумите на тие населени места под мотото дека е тоа некоја селска сеча.

Лично сметам дека не треба да се прифати овој амандман бидејќи ќе се направи голема неправда на граѓаните и ќе се направи голема штета во овие места каде што е застапена шумата. Од тие причини сметам дека не треба да се поддржи овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?(Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

15 пратеници гласаа "за".

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 38 став 9 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа од причини што во Законот за државна управа ова прашање е регулирано. Министерот е тој што одлучува, а не Министерството, бидејќи со законот е така пропишано и од тие причини не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Каров го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 40 став 3 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Формално правно, не се прифаќа амандманот, затоа што суштински прашањето е решено. Кога патишта поврзуваат две општини имаат карактер на објекти од јавен интерес и по тој основ тие слободно можат да се градат во овие шуми:Само првото бришење не се прифаќа на амандманот, инаку е решено.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Каров има збор.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани пратеници, не станува збор за патишта кои поврзуваат две општини. Веројатно и јас очекував дека ќе наидам на недоразбирање со Владата, односно со министерот. Пред вас, пред многу од вас вероватно и ги нема амандманите, бидејќи тие беа доставени пред летните одмори. Меѓутоа, јас сакам пред да се определите како ќе гласате за овој амандман, сакам само да ви кажам кои се причините и што е целта на овој амандман.

Во членот 40 во последниот став јасно стои дека може да се градат само шумски патишта што се предвидени со посебниот план за стопанисување. Целта на амандманот е следната.

Во нашите планини има голем број на села кои што сеуште немаат изградено патишта. Со овој член ако се прифати вака како што е, ние од една страна, пратениците се залагаме за развој на ридско-планиските

региони, за изградба на водоводи, за изградба на патишта, па сега одделнаш во контрадикција со овој член од законот, се оневозможува поврзување односно изградба на селски патишта во планинските предели ако поврзува две соседни села. Досегашна пракса е,во голем: број немаат изградено добри патишта, имаат колски патишта, а тоа се мали патишта по кои само запрега може да минува и сега кога ние се залагаме за развој на тие села неопходно е да им се дозволи изградба на патишта, струја, водовод и тн.

Од тие причини предлагам да имате разбираше во целост дека не се работи за партиско убедување за овој амандман, туку едноставно за дозвола несметано отворање, побивање на нови патишта кои што ќе овозможат една нормална комуникација во планиснски предели, се разбира меѓу две соседни села или три и тн. Токму од тие причини мислам дека треба да имате целосно разбирање пред да го дадете својот гласа "за" или "Против".

Веројатно и министерот сега кога подобро го разбра амандманот, дека не се работи за 2 општини, сосема е јасно ако се работи за патишта во 2 општини кои поврзуваат 2 општини дека има друг третман, но, овде се работи за села од една иста општина кои се наоѓаат во планините односно шумите. Јас ќе ви ја бројам голем број на села низ кои неодамна поминав, пред да го доставам овој амандман, за време на годишните одмори, по Осоговските планини да речеме с .Рамно брдо, Борово брдо, Лисјо брдо....тие навистина немаат колски патишта. При болест на еден селанец таму навистина нема пат тој човек да биде донесен на лекар. Ние сега оневозможуваме во ова време на некој начин да им биде укратено правото тие патишта не да се асфалтираат, туку само да се

пробијат низ шумата. Од тие причини барам разбирање од вас.

Благодарам.

**КИР0 ДОКУЗОВСКИ:**

Кажав дека од формално правен аспект не се прифаќа. Имено во членот 30 се вели дека во шума не можат да се градат објекти и изведуваат други работи освен оние кои се во функција за стопанисување со шумата, како и објекти од јавен интерес утврдени со закон. Патиштата се објекти од јавен интерес, затоа содржано е во членот 30 и нема потреба со амандман да додаваме селски патишта меѓу 2 села и тн. Патиштата имаат јавен карактер и од тие причини прифатено е, само не треба законот да го оптоваруваме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Излегов дека ќе го поддржам овој амандман од следните причини.

Со овој амандман ќе отвориме еден фронт меѓу граѓаните што живеат во нашите села и јавните претпријатија што стопанисуваа со шумите. И до денес, барем во општината и изборната единица од која доаѓам, 37, крива Паланка, не малку случаи има спорови меѓу шумското стопанство и месното население, граѓаните кои што живеат во селата.

Шумското стопанство користи доста селски патишта за извор на дрво. Меѓутоа, досега се правеше некоја компензација со пробивање на шумските патишта тој шумски пат да може да го користат граѓаните од дотичното село за компензација што шумското стопанство го користи селскиот пат. Сега со овој член буквално јазот се продлабочува меѓу граѓаните од планинските села и ново- формираните јавни претпријатија што ќе стопанисуваат со шумите.

Можеби држи амандманот, меѓутоа, барем малку да се ублажи, барем со посебни договори граѓаните, од тие планински села, пред месец дена екот на собирање на печурки и тие со сопствени возила влегуваат во шумските патишта, собираат по шумите печурки. Како што стои овој член граѓаните неможат да ги користат овие шумски патишта ако немаат претходно набавено посебна дозвола. Затоа, јас ќе го поддржам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (18)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 4 7 став 3 поднесен од пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

Отворам претрес по амандманот на член 47 за бришење на став 6 поднесен од Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, и пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 6 поднесен до пратеникот Мирко Пецов.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 62 за додаваше нова точка 5 по точката 4 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи средствата предвидени во членот 62 став 2 се строго наменски, во функција на проста репродукција. За друго не можат да се користат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 став 4 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа од причини што средствата се користат за функција во општествените претпријатија, за приватните за функцијата за приватните шуми. Спојувањето мислиме дека не е во функција на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3 пратеници)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 67 за додавање нов став 5 по ставот 4 поднесен од пратениците Мирко Пецов и Јован Лазаров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа. Причините се исто така она што го кажав за членот 62, кажано е за што се тие пари служат, а не за друго.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Лазарво има збор.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, амандманот се однесува на тоа да 10% од средствата што се собираат од сечата на шумата да се враќаат во единиците на локалната самоуправа од кои што се врши самата сеча.

Голем број од населените места што се наоѓаат во шумските предели единствено богатство таму е шумата и единствена експлоатација или било какво производство е сеча на шума, а редовно немаат никаква корист од средствата што се собираат од шумите. Затоа предлагаме 10% од вкупната сума што се собира, јавното претпријатие насочува во единиците на локалната самоуправа. Од тие причинве повикуваме да го поддржите овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-динот Пецов.

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Јас знам дека нема да се прифати амандманот меѓутоа сепак сакам да кажам дека за овие населени места во шумските предели,

тоа се најпасивни места во Републиката и имаат природно богатство шумите, а кои најмалку го искористиле, а напротив и ние кога зборуваме за тие населени места ги сметаме пасивни места, ги сметаме неразвиени места, а знам дека од места односно од тие предели каде живеат илјадници работници, јас сега се обидувам едно такво населено место да му обезбедиме да влезе телефонот во проект. Проект да има населеното место за телефон и не може да се обезбеди. Таму има неколку фабрики кои живеат во тој предел на населеното место. Мислам дека е тоа многу добро и за шумските организации да имаат добро патче. Таму 50 години тие населени места немаат асфалтен пат. Овие шумски, јавни организации што ќе бидат, мислам ќе треба да имаат чувство, повеќе ми е дискусијата усмерена кон министерот и кон шумските јавни претпријатија дека тој однос 50 години што беше према овие населени места треба да се смени, затоа што тие останаа најпасивни места, а јас ќе кажам дека се едни од најбогатите. Секојдневно се изнесуваат десетици камиони со дрва, им го растураат патот што сами го прават, а не можат да дојдат тие на ред за телефон, не можат да дојдат за пат, не можат да дојдат за елементарни и проструктурни работи.

Јас мислам дека е запоставен односот кон тие луѓе. Тие не да се пасивни и неразвиени, краишта, тоа се едни од најбистрите луѓе кои дишат чист воздух, имаат добра вода и тоа се многу бистри луѓе кои се запоставени од државата 50 години и мислам дека сега јавните претпријатија треба навистина да направат максимум напори да им се овозможи на овие луѓе да живеат подобро.

Бидејќи веќе спомнав, во ниско низинските предели, даречеме, ќе му направиме брана која чини милијарда денари односно неколку

милиони долари и стотици милиони долари, уживаат и прават по 2-3 жетви, можат да си створат услови за 2-3 жетви. Овие напротив имаат само проблем, почести казни, растурање на патот, запоставување. Мислам дека треба, нека не се вратат парите, како што предлагаме ние со амандманот, меѓутоа треба да им се изгради пат, да им се изгради целата инфраструктура, затоа што поседуваат извонредно богатство и да не се запсотават луѓето. Јас реков дека основната мана според мене, на овој закон е тоа што не ги гледаат луѓето во тие предели, и не гледаат,. таму да се направи поддршка на луѓе, да се има стока, да се има еден жив свет, за кои е докажано дека едни на други си помагаат и подобро се живее.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (24)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 68 за додавање нов став по ставот 1, поднесен од пратеникот Вељо Тантаров.

Го молам претставникот на Владата да се' произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Тоа е амандман кој гласи за пошумување на голините потребна е согласност од месните заедници.

Не го прифаќаме бидејќи не се овластени месните заедници.

IX/11

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, колегата Пецов кажа дека во изминативе 50 години, односно половина век заради многу аномалии во работата на шумските претпријатија и многу села ни отидоа тие подрачја. На подрачјето на бившата битолска општина заради пошумување на голините, за кои како што реков во своето излагање во општата расправа никој нема против подигањето на нови шуми кои што значат добит за државата, меѓутоа, има против ако се пошумуваат голини на места што се користат за испаша на добитокот, било да е летна или зимска. Досега во бившата битолска општина заради вакво пошумување се иселени селата Содич, Веле село, Тетовци, Сега на ред е Долно орехово. Токму затоа со овој амандман се бара ако се врши пошумување на некои голини да се добие согласност и од месните заедници. Министерот сигурно ќе рече дека и овие голини и утрини се на државата, меѓутоа, господо со овие голини и утрини со векови стопанисувале луѓето што живеат во тие села.

Јас се надевам дека овој амандман ќе го прифатите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам да крене рака. (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 68 став 2 алинеја 1 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

IX/12

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот на член 68 став 2 за менување на алинеја 1 поднесен од пратеникот Петре Трајановски Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:** (продолжение)

Отворам претрес по амандманот на поднесен од Петре Трајановски, по член 68, став 2, алинеја 1.

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Не се прифаќа, затоа што овие средства треба да се повраќаат во шумата, а јавното претпријатие и правните лица што стопанисуваат со шумите треба да вложуваат во овој фонд кој што има функција да ја остварува проширената репродукција.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Трајановски има збор.

**ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ:**

Јас се залагам да се издвојуваат средства и за проста и за проширена репродукција, но нешто друго е во прашање. Амандманот го предлагам од причина што предложеното решение во Законот е во спротивност со членот 62 од Законот за сметководство, каде што средствата за проширена репродукција не можат да имаат карактер на расходи. Предложеното решение со амандманот произлегува од член 66 од Законот за сметководството каде што е дефинирано дека нето добивката служи I и за зголемување на трајниот капитал, на трајните вложувања. Впрочем, како и ова решение е прифатено и во Законот за јавни претпријатија, во членот 30 и сметам дека и Законот за шуми треба да ги прифати овие принципи од Законот за јавно претпријатие. Ние за ова малку и поразговаравме на Комисијата, па не знам дали тоа минситерот го имаше предвид.

X/2. -

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

17 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 75 став 1 за додавање две нови точки, 24 и 25 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе. г-дин Допузовски.

**КИРО ДОПЗО0ВСКИ**

Се предлага казни на Заводот за шумарство. Казни не можат да се применуваат, бидејќи Владата именува и разрешува овие личности од тие причини не можеа да бидат казнувани, како што не може да биде казнувана и државната управа од органите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Каров има збор.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани пратеници, денеска е среќа само да се работи во јавните претпријатија. Тоа е права среќа, затоа што ќе се работи или не се работи плата ќе се зема, одговорности нема. Нема одговорност ни за оние што работат во јавните претпријатија, ниту пак за правното лице што го застапува и претставува јавното претпријатие.

Со Законот за шуми се предвидени одредени дејности и обврски што треба да ги исполнува и врши јавното претпријатие. Меѓутоа,

Меѓутоа, јас длабоко сум убеден дека со ова се прави голема грешка а тоа го покажа и досегашната пракса. Јал не јал, трипол, работел, не работел, платата на први ќе ја земеш. Тоа ги дотера сите вработени голем дел од вработените во јавните претпријатија, навистина, и како сервис на граѓаните да не си ја вршат совесно работата и долго време да се чека пред нивните шалтери и со големи молби да се заврши одредена работа. Па, така сега се јавните претпријатија за шумите, кои еве концептот на стопанисување со шумите во целост се менува, така ке биде на разгледување и со Законот ха води. Сега, наместо и за нив да важат сите одредби дека тие се обврзуваат да работат, чесно да си ги извршуваат своите обврски предвидени со Законот и на крај ако и понатаму продолжат, навистина, нема никаква законска можност, дел од вработените да биде соодветно и казнет, затоа што еве на еден или на друг начин совесно не си ја врши својата работа. Јас ова можеби да го изземам од правното лице,. бидејќи директорот на јавните претпријатија ги именува Владата. Меѓутоа, смешно е ако сите вработени сега кажеме дека ќе ги иемнува Владата. Голем дел од вработените досега се наоѓаат во шумските стопанства, и тие ќе влезат во овие јавни претпријатија, ќе се формира Заводот за шуми и од еднаш нив со овој закон ги штитиме како не знам каква реткост во државата, спрема нив не смее и не може да се поведе никаков правен акт.

Мислам дека ова е еден голем пропуст што се прави и еве на еден или на друг начин и со ова неприфакање на амандманот, тоа се потврдува. Меѓутоа, јас апелирам пред да се гласа за овој амандман да се преброи мнозинството на пратеници во салата. Имам чувство дека нема кворум.

Благодарам.

X/ 4. -

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам колку пратеници се присутни во салата? Ако се доведе во прашање кворумот, секој од вас има право, како што постапи г-дин Каров. Постојано некој влегува - излегува.

Предлагам пауза до 15.30 часот.

XI/1.-CJ/OM

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,50 часот)

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа. Застанавме на амандманот на член 75 став 1 за додавање две нови точки 24 и 25, поднесен од пратеникот Илија Каров.

Претставникот на Владата не го прифати амандманот. Го слушнавте и г-дин Каров.

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за молам, да крене рака? (4)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 75 став 2 поднесен од пратеникот Илија Каров.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа од исти причини што е претходно кажано.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи не се прифати претходниот амандман, го повлекувам овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 77 став 1 за, додавање нова точка 10 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (3)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Отворам претрес по амандманот на член 78 став 1 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Овој амандман се прифаќа.

Благодарам.

XI/3.-

Отворам претрес по амандманот на член 78 став 1 за бришење на точка 8 поднесен. од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО Д0КУЗ0ВСКИ:**

Има два амандмана овде 78, едниот е да се заменат броевите 30 илјади со 15. Тој амандман се прифаќа.

Другиот амандман да се бришат точките 9 и 10 не се прифаќаат. Едниот се прифаќа, другиот не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, да, Вие го прифативте амандманот на член 78 став 1, а за бришење на точка 8 не.

Молам, дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (Ниту еден)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 79 за бришење на точка 3 поднесен од пратеникот Здравко Стојковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (1)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Во меѓувреме пратеникот Назми Маљичи поднесе амандман на член 7 за менување на став 3, член 13 за додавање нов став 2 по ставот 1, член 40 за додавање нов став 4 по ставот 3, член 47 став 3 за бришење на член 62 на член 65 став 2 по кој Владата не се произнела.

(Назми Маљичи го повлекува амандманот)

Ги повлекувате.

Пратеникот Газменд Ајдарага поднесе амандман на член 24 став 1 по кој Владата не се произнела.

Г-дин Маљичи го повлече амандманот на член 7 за менување на став 3.

Отворам претрес по амандманот на член 13 за додавање нов став 2 по ставот 1 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Не)

Дали да го ставам на гласање или го повлекувате амандманот.

Г-дин Маљичи го повлекува амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 24 став 1 поднесен од пратеникот Газменд Ајдарага.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (7)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Отворам претрес по амандманот на член 40 за додавање нов став 4 по ставот 3 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа, бидејќи Законодавно-правната комисија утврди друг текст кој што го прифати тој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (6)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Отворам претрес по амандманот на член 47 став 3 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 62 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО О0КУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Г-дин Минов, процедурална интервенција.

XI/7.-

**ПАНЧО МИНОВ:**

Ние расправаме и одлучуваме по амандмани на колегата Маљичи и за поздравување е неговата активност, но процедурално поднесувам една многу сериозна забелешка, неговиот потпис не е на кирилично писмо што е официјално во службена употреба на работата и одлучувањето на Собранието.

Молам во иднина и Претседателството, а и стручните служби внимаваат на оваа моја забелешка.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас овде немам никаков потпис на амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 65 став 2 поднесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор г-дин Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Маљичи.

**НАЗМИ МАЈБИЧИ:**

На дневен ред ни е еден важен закон што интересирањето на граѓаните е посебно и нема потреба да се раскаже, на граѓаните воопшто не им е битно како се потпишуваме на латиница или кирилица, но секогаш ќе се најдат некои неважни работи некои луѓе што се неуспешни

во Собранието да користат нешто со такви манири и да се докажат. Мислам дека тоа не му доликува на пратеникот, колега што посебно го ценам бидејќи има други начини како да биде поинтересен во ова Собрание.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Апсолутно нема никаков проблем на потписот на г-динот Маљичи.

Дали уште некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (5)

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот .

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Не)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за шумите.

Минуваме на точка 15 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за територијална поделба на Република Македонија и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието, ако и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам , кој бара збор?

Има збор г-дин Џеладин Мурати, предлагач на законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Јас излегувам да кажам дека и јас сум се потпишал на мајчин албански јазик, па да не излегува г-динот Минов да ми обрнува внимание, пред мене.

Законот е многу краток, многу јасен. Се работи за враќање на користењето на имињата на градовите и населените места во Република Македонија како што беше тоа пред 1986 година.

Поднесувањето на овој закон има правна основа во членот 48 од Уставот на РМ и во членот 11 точка 3 на Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, што ова Собрание ја донесе пред некое време.

Бидејќи Владата на РМ по овој закон се произнела има мислење да не се усвои ценам дека секоја дискусија ќе биде стереотипна, бесплодна и од тие причини го повлекувам законот од процедура со желба и со надеж дека Владата ќе најде можност преку упатство, уредба или свој законски предлог ова прашање да се реши бидејќи е за добро на граѓаните од албанската националност.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор Панчо Минов, деловничка интервенција

**ПАНЧО МИНОВ:**

Јас процедурално интервенирав не од тоа да бидам интересен туку забележав една многу сериозна работа, и ќе повторам. По Уставот

XI/10.-

официјален службен јазик е македонскиот и кирилското писмо. Не е точно, одговорот на претседателот дека нема врска потписот на колегата Маљичи и мислам дека е за посебно внимание изјавата на потпретседателот на Собранието дека тој се потпишал на мајчин јазик, албански. Јас не му спорам тој да се потпишува во писма на пријатели, овде е официјален и службен јазик македонскиот и кирилското писмо. Малиги и Маљичи не е исто На Вашата забелешка г-дине претседателе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не ја прифаќам примедбата бидејќи од овдека одете, па Вие дешифрирајте, што е латиница, а што е кирилица. А, освен тоа донесовме Закон, ова Собрание, за личната карта. Ве молам да го почитуваме.

Има збор г-дин Станковски.

Немојте сега да ги политизирате , станува сега збор за законот за шумите.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувана господо, дозволете ми да интервенирам на иста тема како г-динот Панчо Минов. Ние навистина сме од иста партија од,ЛДП, меѓутоа не сме договорени токму на таа тема исто да интервенираме. Мојата интервенција се однесува на едно писмо кое е доставено до Собранието на РМ каде што Кичево е веќе Кечове,како што се веќе трансформира и морфолошки и секако овој топоним или име на Кичево и каде што г-динот претседател Дончо Батески е потпишан со две точки односно како австриско умлао со две точки , што значи нешто навистина несекојдневно веќе преку мала врата се интервенира на она што г-ди Џеладин Мурати сака со закон да го спроведе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали е тука г-дин Вејсели.

Точка 16 - Предлог аз донесување на закон за изменување на Законот за територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа, со Предлог на закон.

Бидејќи е предлагач г-дин Вејсели, затоа прашав дали е тука. Не е, не е.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието како и мислењето на Владата Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот аз донесување на закон за изменување на Законот аз територијална поделба на РМ и определување на подрачјата на единиците на локалната самоуправа .

Кој е за, молам да крене рака? (8)

Констатирам дека Собранието не го усвои заклучокот.

Точка 18 - Предлог за донесување на закон за ратификација на конвенцијата за заштита на фонографските продуценти од недозволено умножување на нивните фонограми, со Предлог на закон.

Молам да се повика претставник на Влада по оваа точка, минс-терот за надворешни работи или министерот за култура или нивните заменици.

XII/1.- ДВ-ВБ

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точка 19 - Нацрт на закон за водите.

Нацртот на законот и извештаите на работните тела Ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Илија Каров.

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван министре, предложениот текст на Нацрт законот за води беше солидно изготвен пред повеќе години и се чуваше подолго време.

За овој закон пратеничката група на Либерално-демократската партија не ги оправдува причините на Владата за големото доцнење како и спорото носење на законите во сверата на аграрот. Ние и овој пат укажуваме дека Владата ќе мора веднаш да ги пушти во собраниска процедура и другите веќе одамна изготвени закони за земјоделство и сточарство.

Нацрт законот за водите е од збор до збор ист како и Предлогот за донесување на законот за водите, освен една мала измена во член 57. Слободно можам да кажам дека Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство па и Владата не ги прифати укажувања та од расправата во Комисијата за земјоделство, па и од расправата на една од претходните седници на ова Собрание.

Се предлага формирање на фонд за вода, што би претставувало материјална основа за вршење на водостопанските дејности. Фондот за води ќе има својство на правно лице со директор и управен одбор. Оттаму е логично дека е потребно фондот за води да си ги врши сите финансиско-стручни административни и други работи утврдени со овој закон, како и работите предвидени со статутот на Фондот, а не сите овие работи да ги врши Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство предвидени во член 12 9 од овој закон.

XII/2 . -

Владата формира едно јавно водостопанско претпријатие за вршење на работите од член 17 од овој закон. Мислам дека работните задачи како и одговорноста на јавното водостопанско претпријатие треба да се допрецизираат.

Исто така предлагам член 17 да се усогласи со членовите 18, 25 и 97.

Изворите на средства за финансирање на јавното водостопанско претпријатие се наведени во член 139 и јас тоа го прифаќам. Не можам да го прифатам членот 141 каде е определена цената на водата за наводнување на земјоделските површини да се состои од два дела и тоа: цена за обезбедено доведување на вода или таканаречен постојан дел или сув дел кој ќе изнесува 25% од просечната цена за наводнување од хидромелиоративниот систем. Тоа значи, почитувани пратеници, претставници на влада дека земјоделците ќе мора да плаќаат и за оние површини што немаат услови да ги наводнуваат.

Ако случајно се изгласа закон со кој ќе се обврзат земјоделците да плаќаат уште по 25%, тоа значи цената на пченицата во наредната година ќе се поскапи за 40%.

Пратеничката група на Либерално-демократската партија не го прифаќа тоа и предлагаме да не се прифати. Особено да не се прифати за површините пдо пченица кои навистина не можат да се наводнуваат. Од овие причини укажувам на сериозноста на овој проблем бидејќи производството на пченица во нашата држава од година во година ќе биде се помало, а производните трошоци се повисоки.

Верувам дека ваша инаша цел е да имаме повисоки приноси од пченица и со што пониска цена на чинење, а тоа е можно со разумни законски прописи.

Вториот елемент кој влегува во цената на водата е цена за испорачана вода, т.е. променлив дел што би го содржел постојаните и променливите трошоци за испорачната вода. Тоа е прифатливо и така

треба да остане и да биде прифатено во законот.

Мислам дека е апсурд Владата да предлага закон за дополнително оптоварување на граѓаните во Републиката, со кој ќе се бара од народот дополнително да ја плаќаат водата за пиеше што сами инвестирале во изградба на пумпи, бунари, чешми, хидрофори. Со ова дополнително оптоварување на граѓаните Владата планира да прибере над 4,5 милиони ДМ. За мене е тоа нереално и неприфатливо од две други причини.

Прво, домаќинствата што имаат сопствен водоснабдителен извор бунар или чешма пијат непроверена вода и со сомнителен квалитет.

Второ, истите корисници на вода за пиеше од сопствен водоснабдителен извор немаат можност да ја мерат потрошената вода за пиење. Затоа почитувани пратеници за оние села и општини каде што нема изградено јавен водоснабдителен систем да бидат ослободени домаќинствата од секакво плаќање на воден надоместок за секој потрошен метар кубен за пиење.

Предлагам членот 132 да се дополни со нов став каде ќе бидат опфатени и нови водокорисници не спомнати во овој закон. Такви се на пример сепарациите кои се занимаваат со прибирање и миење на песок Тие трошат огромни количини на вода а згора на тоа и ја загадуваат водата а на ниеден начин тие не се опфатени со овој закон да плаќаат дел за таа еднаш искористена и загадена вода. Што значи има резерви со овој закон дополнително да се зафатат оние водокорисници кои навистина создаваат и профит со користењето на водата.

На крај, бидејќи се носи многу значаен закон за кој реков дека е солидно и стручно подготвен, Пратеничката група на ЛДП ќе го поддржи Нацртот на законот за води и ќе гласаме за него.

XII/4 . -

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дин претседателе, драги пратеници, господин министре. На дневен ред на денешната седница е еден многу важен нацрт на закон за водите, со кој нацрт, а подоцна и закон се решава една многу чувствителна материја со која се утврдуваат условите и начинот на управување со водите, заштитата од штетното дејствие на водата заштитата на водите за, загадување, употребата и користење на водите и финансирањето на водостопанските дејности.

Република Македонија располага со обработлива земјоделска површина од околу 700 илјади хектари. Од горенаведената обработлива земјоделска површина реална можност да се обезбеди наводнување е на околу 380 илјади хектари. Моментално со изградените системи за наводнување со доволна количина на обезбедена вода и структурата на култури спрема проектите, реално може да се наводнуваат некаде 127 илјади хектари, што претставува 32% од вкупните површини што може да се наводнуваат.

Од горенаведеното може да се констатира дека потенцијалот за изградба на нови системи е голем, но загрижува една друга состојбг Ако земе да се анализира само 1996 година, планирани и наводнувани површини од вкупно 65 илјади хектари наводнувани површини се само 38 илјади хектари, или 60% а имајќи предвид дека 1996 година обемните дождови придонесоа да се обезбеди доволно количина на вода за наводнување. Секако заради вакво неискористување имаме голема загуба на вода, бидејќи главните системи се во голем степен на руинираност. Како проблем исто така може да се наведе и несоодветната структура на сеидбените планови, нерешени прашања од агротехнички аспект, како уситнетост на парцелите, недостиг на опрема за наводнување, недоволна искористеност на површините со вода за втори култури.

XII/5 . -

Претпријатијата што управуваат со системот за одводнување и наводнување се наоѓаат во незавидно материјално-финансиска положба со нередовни и ниски плати, водниот надоместок како еден единствен извор за покривање на трошоците тешко се собира и тоа пред се од објективни услови заради тешката состојба во која се наоѓа агрокомплексот како општествениот, така и во приватниот сектор.

Заради сите горенаведени проблеми потребата од што побрзо донесување на ваков нацрт на закон за води секако дека Министерството за земјоделие ги натера во што побрза постапка да се донесе.

Вкупниот капитал на изградените хидросистеми што се цени некаде на околу 2 милијарди и 200 милиони долари претставуваат капитал кој што и те како Владата, посебно Министерството за земјоделие треба да обрнат внимание.

Комисијата за земјоделие во која сум член и јас на два состаноци расправаше, од кои на последниот состанок и во проширен состав каде беа присутни сите субјекти од системите за наводнување, беа анализирани и разгледани сите членови од нацрт на законот и ми- слам дека забелешките кои што се ставени, со донесување на самиот закон ќе бидат вградени.

Овој нацрт на закон нуди едно јавно претпријатие на ниво на Република. Добро би било кога би се работело на пример за електростопанство. Во ова јавно претпријатие ќе бидат сите заедно и добрите системи и полошите и најлошите. Имаме системи кои работат 3 до 4 месеци, а имаме системи кои работат цела година.

Се предлага наплатата за наводнување да се плаќа за обезбедена вода и наводнета површина. Се предлага единствена цена на ниво на Република и ред други проблеми кои сметам дека треба да се анализираат и да се имаат предвид при формирањето на цената.

XII6. -

Сега ќе се задржам конкретно на системот за наводнување "Стрежево"-Битола. Во тоа јавно претпријатие влегува и овој систем, а исто така и водстопанското претпријатие "Пелагонија" кое работи на одводнување.

Ние знаеме дека некои од системот во Републиката се градени со неповратни средства некои се градени со повратни средства. Конкретно системот "Стрежево" за изградба, покрај државата што учествуваше со свој капитал, исто така и земјоделците со местен самопридонес учествуваа пред почнувањето на изградбата на системот кој местен само- придонес се собираше исклучиво за оваа намена.

Со формирањето на едно јавно претпријатие секако дека овој местен самопридонес ќе стане државен капитал. Меѓутоа, при формирањето на цената се имаше предвид заради учеството во самата изградба. Исто така не се плаќаше за пченицата, не се плаќаше за други површини кои не се наводнуваат, а секако дека и самиот систем кој сеуште не е спрема доизграден, поставеноста проектот спрема каналската мрежа каде што оддалеченоста од главниот канал е скоро од едната и од другата страна по 300 метра и те како претставува како проблем за наводнување. Недоволната обезбеденост на опремата спрема проектот за наводнување во Битола конкретно се смета дека околу 10 илјади хектари се наводнуваат, меѓутоа дали половината некаде 50 или 60% заради недоволната опременост во однос на опремата. Сето тоа се имаше предвид при формирањето на цената. На крајот би спомнал и нешто околу одводнувањето.

Вкупно во Македонија се наведени околу 68 илјади хектари површина која се одводнува. Таа површина како површина седи меѓутоа претежно вакви површини ги имаме во струшко, во Скопско поле, Пелагонија, како на Прилепскиот така и на Битолскиот дел. Меѓутоа одводнување заправо не се врши а земјоделците плаќаат одводнување или има

големи расправии меѓу земјоделците и водостопанските претпријатија на кои им е дадено управувањето во однос на прибирањето.

Со овој нацрт закон мислам дека ќе се вгради и овој дел и како еднаш за секогаш би се расчистило во смисла на она што навистина се одводнува и треба да се плаќа а за тоа што ен се одводнува да не се плаќа. Инаку јас нацрт законот за води го поддржувам.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, мислам дека имаше доста плодна дискусија по расправата по Предлогот за донесување на законот за водите и бидејќи и јас дискутирав тогаш ќе се обидам да не се повторам и покрај тоа што некој од претходните дискутанти кажа дека многу мал дел од забелешките се внесени во оваа втора фаза.

Навистина имаше забелешки по Предлогот за донесување на законот за води меѓутоа мора да се истакне дека имаше и позитивни работи кои што еве за среќа фигурираат и во оваа втора фаза. Пред се тука сметам на дефинирањето на статусот на претпријатијата кои стопанисуваат со водите на двостраноста на договорите за наводнување.

Во ваа фаза сакам да истакнам само три работи:

Првата работа се однесува на делот во законот кој што е доста скромно опфатен, меѓутоа во расправата убедливо најподдржан од водокорисниците, а тоа е делот за формирање на здруженија за водокорисници, посебно во оние региони каде што се наводнува од природни водотоци. Оваа работа и министерството и ние како носители на овој закон треба да ја охрабриме и поддржиме, бидејќи самите водокорисници ќе управуваат со водата.

Можеби ова е само реакција на досегашните односи на водокорисниците на стопанските претпријатија кои барем во последните пет шест години доста ескалираа. Меѓутоа, мислам ова треба да се поддржи бидејќи наиде на доста широка поддршка кај водокорисниците и треба да се направат напори за операционализација на оваа институција.

Втората работа се однесува на делот за вадење на песок чакал и камен. Водокорисниците немаат голема забелешка на монополската позиција на водостопанското претпријатие кое што се дава со самиот закон. Исто така свесни се дека може да се плаќа и надомест за користење на овие природни богатства. Меѓутоа во законот се предвидени и исклучоци кога не треба да се плаќаат надоместоци за песок камен и чакал а тоа е кога се градат објекти за браната и кога се градат заштитни водостопански објекти.

Праксата потврдува дека такви исклучоци треба да се прават и при потребите на месните заедници и единиците на локалната самоуправа и посебно на индивидуалните потреби на граѓаните. Така на пример во една расправа во населеното место Негорци падна предлог таа експлоатација да се врши организирано и со контрола на водостопанското претпријатие, меѓутоа од тоа да бидат ослободени сите тие кои не профитираат во таа работа, што јас се надевам дека имавме прилика и во рамките на расправата по законот за шумите да се каже дека се нарушува некаков принцип на еднаквост на граѓаните. Меѓутоа, сепак сметам дека ова е доста практичен пример, пример кој што создава огромни реакции во јавноста и мислам дека треба да му се посвети поголемо внимание при изработката на законот во конечна верзија.

И на крај третата работа исто така беше спомната во претходните дискусии а се однесува на формирањето на цената на водата за наводнување односно на постојаниот воден надомест. Мислам тука треба да има селективен приод бидејќи решението такво какво што е дадено во

законот постојаниот воден надомест да изнесува 25% од просечната цена за наводнување од хиромелиоративниот систем односно системи мислам дека не е добро решение и тешко се брани.

**ЃОРЃИ АТАНАСОВ:** (продолжение)

Исто така, тука не треба да се демонстрира одредена крајност дека водокорисниците сакаат да користат вода без надомест, или да нема сталeн воден надомест, меѓутоа, треба а се каже дека бројката од 25% треба да се преиспита, дали е таа најадекватната и дали оваа бројка треба да биде присутна да влегува во цената на водите за наводнување и за оние водокорисници, кои што наводнуваат од хидромелиоративните системи и за оние кои наводнуваат од природни водотеци. Токму од тој аспект мислам дека треба да има селективен приод и во краен случај, доколку нема друго решение, да се пополни овој извор на приход. Можеби решение ќе биде доколку процентот биде еден за оние кои што наводнуваат од хидромелиоративни системи,а да биде друг, сигурно помал за оние кои наводнуваат од природни водотоци. Еве да не ја оптоварувам расправата, тоа се трите забелешки кои што сакам да ги истакнам и во оваа фаза и ќе повторам дека Законот треба што побрзо да се донесе, бидејќи решенијата кои што се предвидени во него се далеку подобри, од оние што сега се присутни во постојниот закон за води.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господнине претседателе, дами и господа пратеници,

Сигурно овој закон е подолго време во исчекување, оправдување нема бидејќи и самиот проект кој што требаше да биде изготвен пред три години и беше изготвен, не се најде во собраниска процедура. Сигурно оваа одговорност ја носи Владата.

Би се задржал директно на самиот нацрт закон за водите и не би се повторувал со самите дискутанти, би отворил некои работи кои не беа потенцирани и кои не се вградени во самиот закон. Она што посебно би стоело и што е како интересно, и она што се случуваше во системот за наводнување Брегалница, од каде Што јас доаѓам како избран пратеник, од две општини Лозово и Свети Николе, корисници на системот Брегалница 3, 4 и 5 . Ние имаме една историја од многу години каде Што

се повторуваат со години проблемите и ресорното министерство за земјоделие не можеше да ги реши во догледен период. Имено, за што станува збор?Се поставуваше дека системот Брегалница е изграден за општина Кочани. Бидејќи системот Брегалница беше изграден за користење на Овчеполието за наводнување, односно за користење на 20 до 18 илјади хектари корисна површина. Реакцијата на индивидуалните земјоделци, како и на дел од друштвата, бившиот ЗИК " Овче Поле," се повторуваше едно прашање што е тоа обезбедена и искористена вода. Имено, секогаш овчеполието, т.е. корисниците, како и индивидуалните, така и општествените претпријатија, ја плаќаа водата т.е. го плаќаа надоместокот. Никогаш она што беше обезбедено и искористено несоодветствуваше. Во овие години што се случи? Како голем корисник на вода се јавуваше Кочани, кој во изминатите години се наводнуваше кочанско поле без партиципација, без никаков надоместок, односно воден надоместок. Така да, во овие три четири години почнувајќи од 1993 година што се јави како елементарна непогода, бидејќи знаеме во тој период 1993 година, каде што немаше добра акумулација и Талиманци браната беше празна се случи, целото производство во Овчеполието беше казнето затоа што знаеме дека договорите што ги прават во стопанските организации, т.е. водостопанската организација Кочани, со водостопанските корисници на Свети Николе и индивидуалните земјоделци, требаше да има обезбедена вода. Ова го потенцирам, затоа што и во овој Нацрт-закон не е даден терминот, т.е. не е даден времето од кога до кога ќе се користи водата. Знаеме дека овој систем и другите системи во Републиката се отворени системи. Што значи користењето на водата треба да почне од 1.04. и да заврши до 10 и 11 месец. Што се случуваше во овие изминати години. Во овие изминати години вода добиваа во 6-ти месец и 7-ми месец и завршуваше некаде 9-ти месец. Во законскиот проект кој многу децидно треба да ги каже сите овие нуз појави во изминатиот период не е потенцирано. Затоа што Ќе се случи и во наредниот период, добро е што е е тука министерот да го забележи ова, во последната верзија на законот, да стави до кога ќе се користат водите. Затоа што знаеме дека ова е отворено прашање, водата мора а се користи од 1.04, заклучно со 01.011. Затоа што од она

искуство од оние реакции на граѓаните дека треба во континуитет шест седум месеци да се користи водата, се случуваше приоритет да добиваат во Кочани, а овие корисници во Овчеполието, три, четири и пет, каде што беше грото наменето за производство на разно разни култури, да не кажам за крајните корисници на село Лозово, со години не добиваа вода.

За да биде уште полоша, беа задолжени да го плаќаат водниот надоместок. Се однесуваше апсолутистички водостопанската организација Кочани, затоа што не дозволуваше и не создаваше користење на водата. Имаме бројни петиции, бројни реакции. Штетите се непроценливи, стојат и записи и реакции, и на оваа говорница икс пати сум поставувал и пратенички прашања, што не се одговорени, иако овој закон ќе оди вака со многу забелешки, сигурно ќе го поддржиме затоа што е ова барање на многуте земјоделци и корисници на водата за наводнување.

Она што посебно ни е потенцирано, а треба да стои во законот, што во случај на елементарна непогода т.е. што во случај кога годината е недождлива. Што ако акумулацијата е празна. И што ако во случајот не се испорача она што е обезбедена вода. Кој ќе ги сноси штетите. Знаеме дека земјоделците иако во членот 119 е дадено и е потенцирано во случај ако нешто се случи ќе бидат известени водокорисниците или индивидуалните водостсопански организации за тоа дека треба да се пренаменат културите. Но кој ќе ги сноси штетите. Сведоци сме дека заради неажурност, неинформираност може да се случи водата да дојде на 1.05. или 1.06. Што ќе правиме со тие култури кои треба а се наводнуваат а знаеме дека некои култури уште на 15.03. треба да се пушти водата. што ако не се обезбеди водата. Во законот не е ставено кој е задолжен да ги одржува магистралните, регионалните кампадњи. Затоа што во Законот е добро ставено дека се формира фонд, дека се формира јавно претпријатие. Добро е потенцирано и добро е ставено како ќе се обезбедуваат средства за нивно функционирање и за нивно живеење. Тоа е се во ред. Сигурно ќе го поздрават ова индивидуалните земјоделци и општествените фирми. Но кој ќе го носи ризикот. Ова прашање мора да стои, затоа што мора да се обезбеди да се заштитат и кампадите и канапите и магистралните канапи, исто да се обезбеди водата до крајните корисници.

ХШ/4

Она што во законот, иако е дадено за режимот за води, кога станува збор за вода за пиење, имаме случаи во објекти во Републиката се изградени од месен самопридонес на граѓаните. Тоа се повеќе да кажам капитални објекти во Републиката, почнувајќи од Свети Николе, Кочани, Струмица, кои се изградени од месен самопридонес. Што со водите и каде ќе влезат. Каде ќе влезат луѓето, кој ќе ги одржува, како ќе се изрегулира оваа проблематика. Затоа што луѓето сигурно треба да се сместат и овие што се вештачко формирани организации, како во системите за наводнување, така и во системите за пиење. Голем проблем ќе се јави за сите брани кој што се од типот на Езера, вештачки акумулации. Имено, што станува збор. Сите води се пеглаат во моментот во Републиката и се носат на границата за пиење. Дали овој законски проект не треба да се размисли, да се каже која е таа категорија на вода од прва категорија, која е од втора категорија. бидејќи Македонија е сиромашна со вода, дали не постои решение, во овој законски проект да се размисли за пиење на вода тоа ќе биде онаа прва категорија, која ќе биде обработена и која ќе боде дотерана, и која ќе биде по сите стандарди за пиење, односно флаширање. Што ни се случува нам? Ние плаќаме многу скапа технолошка вода. Ги наводнуваме градине, ги миеме автомобилите, ја трошиме водата, еве имавме реакции за Рашче. За водата треба да се направи проект да се озонира, да се осоврмени, да се флаширводата, да се користи, да се направи онаа економска цена да се пие вода, како што се пие во цела Европа, во целиот свет во шишиња. Ние не сме богата држава да фрламе огромни средства за водите да ги преработуваме. Ние технолошката вода ја користиме исто како и првата категорија на вода за пиење.

Мислам дека на ова прашање министерот треба со посебен акцент да се размисли да влезе барем нешто како поглавје во овој закон, ако постои интегрален текст, барем да постои некоја основа за надградба.

Она што посебно мене ми смета и што посебно ќе им смета на земјоделците во овчеполието е сигурно да се плаќа воден надоместок за пченицата. Она оптоварување за 25% за оние кои Што нема да користат од системот за наводнување т.е. Брегалница 3, 4 и 5 , сигурно дека нема да се согласат. Верувам дека министерот ќе има сила и доблест дека со

својата стручна екипа дел од овие забелешки интегрално ќе ги вгради во текстот и дека ќе направи едно разграничување, да нема оптоварување на земјоделците кои не се во системот на наводнување, туку надвор, да нема оптоварување за 25%, затоа што знаеме дека е борба за храната и треба да се стимулира производството на пченица. Верувам дека ова ќе го прифати министерот и со вакви генерални забелешки сум да се забрза оваа работа и во најскоро време да се донесе овој законски проект, затоа што имаме многу нерасчистени работи. Ни се мешаат работите. Што е она, со брани, со води, што е она за наводнување. Имаме во многу градови повеќе организации кои стопанисуваат со водите, иако се централизира сета работа, даваме поддршка да се надминат овие проблеми, затоа што не може ако е систем на Брегалница, Кочани да плаќа една цена на водата, во Овчеполието да плаќаат втора цена на водата. И не може затоа што во Кочани корисниците кои наводнуваат немаат платено со години надоместок, уште да ја користат водата, а граѓаните кои ја користат водата во Овчеполието, заради тоа што не платиле вода во Кочани да не добијат вода и сите овие правни регулативи да бидат оспорени сите индивидуални корисници на Овчеполието преку судски налози да им се наплати водата, а ја немаат користено.

Мислам дека тоа треба а се вгради во наредниот текст, како предлог на закон, да се испегла, и да донесеме еден закон кој го чекаат сите граѓани на Република Македонија.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници,

Се придружувам кон оценките дека во нацрт на законот донесуваме многу значаен законски пропис, од многу битно значење за водокорисниците земјоделци и воопшто за земјоделието. Претходниот закон кој е сега во сила е од 1980 година, така да еден голем период на време нема нов закон за води и јас како пратеник од кога ми е почнат мандатот десетина пати го поставувам за потребата и неопходноста од нов закон за води и ова што е сега предмет на разгледување, нацрт на закон за води, неодминливо ја заслужува оценката дека ги задоволува критериумите и стандардите на една целосносност на едно регулативно уредување на односите во однос на целокупната проблематика на стопанисување со режимот на води.

XIII/6

Во таа смисла, она што е и битно, јавниот карактер на режимот на стопанисување на води е доста децидно уреден како со донесување на водостопанската основа, со обврската за издавање на водостопански дозволи, водостопански согласности итн. Во исто време, новото решение за единствена организираност на јавните претпријатија за водостопанство, како една централизирана форма на делување и преку тоа меѓу другите, напред кажани моменти за обезбедување на јавниот карактер во областа на стопанисување со води, сметам дека бидејќи се покажа во многу примери таа централизирана организираност како неефикасна, дека и во оваа област за стопанисувањето со води таквата централизација ќе покаже негативни ефекти,но тоа ете како една сугестија, нека биде како пример што би се оценувало по донесувањето и спроведувањето на законот.

Во таа насока, таквата централизација и основањето и именувањето на органите на единственото јавно водостопанско претпријатие од Владата и менувањето на управниот одбор од Владата, фактички го исклучува и го ограничува учеството или влијанието на оние кои се консументи, на кои се однесува во сите форми стопанисувањето со вода, а пред се на водокорисниците. Сметам дека тоа е едно решение, кое во име на оние кое се однесува законот, од име на државата, Ќе се определува како прашањето на стопанисувањето со водите и пред се, она што им е најбитно, обезбедувањето на водата и висината на цената на користењето на водите.

Сметам дека многу битно прашање е проблематиката на финансирање на стопанисувањето со води и овде тоа е поместено под Владата која го регулира водниот придонес. Јас целосно се согласувам со неопходноста толку големото значење со стопанисувањето со води го оправдува зафаќањето по многу основи која би било предуслов на користењето на водите во најразлични видови. За тоа оправдување има и зафаќањето со воден придонес и на сите правни субјекти и правни лица со 0,25% и зафаќањето за електростопанството и оние што стопанисуваат со рибници итн.

За разлика од претходниот закон, со овој закон не објасниво по мене и не издржливо со аргументи и докази воведување на нов намет едно од давачките и наметите во делот на зафаќањето со воден

придонес е оптоварувањето со 1% на кубик користена чиста санитарна вода за пиење. Мислам дека иако во онаа програма за стопанисување со води што ја донесува јавното претпријатие и во самиот закон се регулираат и системите за водоснабдување со чиста санитарна вода за пиење, сметам дека зафаќање на секое домаќинство со 1% по кубик користената чиста санитарна вода за пиење е апсолутни неиздржливо, претставува еден нов намет, што не одговара воопшто на моменталната социјална состојба на граѓанството, по домаќинство по единица гледано и дека нема објаснување по тој основ зафаќањето да се централизира така и од другите форми обезбедени средства, потоа по некоја програма од централата во јавното водостопанско претпријатие да се користи и можеби за наводнување, можеби за заштита од порои, можеби за заштита од загадување на самата вода итн.

**ПАНЧЕ МИНОВ:** (продолжение)

Сметам дека во понатамошната фаза односно предлогот на закон предлагачот, предлог е овој намет од 1% на единица домаќинство за користење на чиста санитарна вода по кубик да се исклучи како една нова давачка во еден нов самопридонес, мал самопридонес за граѓаните кои ви се зафаќал. Сите ние знаеме дека секој зафаќање сега и 1% да биде претставува многу големо оптоварување за граѓаните.

Второ и најзначајно прашање, овде веќе експлоатирано е делот на водениот надомест. Тоа е цената на водата што се користи при наводнувањето. Сметам дека овде треба да биде и целокупната, условно да кажам борба на планот на тоа кои елементи би требало да влезато во утврдувањето на цената на водата за наводнување.

За жал, предлагачот повторно оди на решението да го задржува за мене анахрониот веќе изживеан институт на сталeн дел на воден надоместок. Јас по овој закон во мојата изборна единица, земјоделци до корисници на општина Кавадарци и земјоделци водокорисници општина Росоман едногласно , еднодушно, а тоа верувам е застапување што треба да го направиме како пратеници и во другите земјоделски реони и општини во нашата Република дека сталниот дел на воден надомест треба да се укини. Потенцирам затоа што во моментов кога тој е воведен, во периодот во кој што се има обезбедено каналскиот систем за наводнување на сегашниот степен на кој е постигнат оправдување за понатамошно опстојување и битисуваше на тој стален дел на тој воден надоместок не постои. Под формата обезбедување на вода, или одржување на канали се воведува еден многу висок во проценти изразен намет по цената на водата која што како определени за пазарно стопанство треба да ја афирмираме потрошена вода на платена цена за потрошена вода. Во овој случај имаме вадел не вадел, или без разлика на тоа колку пазарно си користел и трошел вода голема процентност,

сега беше 70% , а во овој предлог законски се ограничува на 25%, една фиксна стална давачка како една измислица - стален дел на воден надоместок.

Господинот министер неодамна се врати од посета на Америка,, една активност која е за целосно поздравување за кредитирањето во земјоделието и во земјоделието во наводнувањето и во наводнувањето за санација, како го викаат они реконструкција на каналските системи на една позамашна сума, по мое сознание од 100 милиони долари за три региона водоснабдителни за наводнување во РМ: Тоа е за целосно поздравување, но така обезбедените пари, таквото финансирање што го прави светската банка и меѓународната заедница ќе бидат донесени пари и корист за земјоделието ако од тоа обезбедување на средства, бидејќи тоа го финансира веќе светската заедница, и ние, условно да кажам се афирмираме дека сме постигнале со тоа што светската банка, да кажеме само во општина Кавадарци е планирано 30 милиони долари да финансира за одржување на каналите, а повторно сталниот дел за одржување на аканалите со така висока процентуалност задржуваме. За земјоделието, за водокорисниците ќе биде осетено дека светската заедница која стварно не случајно финансира во земјоделието во наводнувањето , практично корист би имало ако за тоа финансирање се растерети земјоделецот и воопшто земјоделието од вакви давачки кои што значат во конкретниот случај стален дел на воден надоместок.

Во таа насока јас и од законодавно правен аспект и преку ЗПК е поставено и во дилема и законодавно правната издржливост на една ваква давачка од аспект на тоа дека е вкупната определба и по уставот и во државата за пазарни односи во сите сфери, па и во конкретниот случај и во сферата на водоснабдувањето.

Мој предлог е да се постои цена на искористена вода во која како елемент би влегло по потреба на конкретен систем за

наводнување н одредена дотација, одреден износ, сигурно не многу голем туку издржлив во однос на, каква е состојбата со реализацијата за земјоделското производство моментално и за одржување на каналите, а никако како фиксна давачка која , повторувам, е многу висок намет. Беше досега и во овој закон повторно се предлага да опстојува.

Во таа насока таа определба ни 25% ни за 10% од цената на водата за наводнување, а не се кажува тоа, па се пренесува во надлежност на одлучување на јавното водостопанско претпријатие и сега тие 25% ако како институт останат може пак да бидат 75% , како што беше досега, зависно од тоа, пак колкава висина би постигнала цената за наводнување по која пак не учествува во одлучувањето оној на кој му е наменета, земјоделецот и водокорисникот, туку во нивно име државата преку управен одбор именуван од Владата на јавното водостопанско претпријатие.

Инсистирам во име на цел избирачки електорат, сметам дека тоа е застапувањето како пратеници за сите во однос на ова прашање и воведување на еден пазарен принцип во оваа област да се укине институтот воден надомест. Во делот на сталниот дел воден надомест но никој не е против одржувањето на каналите. Тоа да си влезе во цената на искористена вода за наводнување. Во конкретниот случај, како што кажа и колегата Атанасов, да има разлика и мора селективност да се воведе. Некаде имаме преку вештачки изградени хидросистеми, некаде имаме природни водотеци, некаде немаме воопшто каналска мрежа, некаде имаме оддалеченост на земјоделските површини од самите шахти, што се мора како критериуми да се утврди и да се добие селективност. Некаде имаме испумпување со електричен систем наводнување и тн. Сето тоа ја потврдува неопходноста да има селективност во утврдувањето во зависност за каков систем се однесува и какви трошоци, елементи влегуваат во цената на користена вода, а не ставен дел за воден надоместок.

XIV/4

Јас не се согласувам, како што кажа колегата Атанасов дека немало примедби во делот на монополската положба на јавните претпријатија во делот на експлоатацијата на песок, чатал и камен.

Ова решение навистина гарантира една апсолутно монополна положба, бидејќи како што кажува го врзува и вршењето и организирањето на онаа форма на стопанисување со води, тоа е песок, камен и чакал само преку јавното водостопанско претпријатие. Мислам дека ова има и уставна неиздржаност, бидејќи создава една нивна монополска положба која ги става во една многу надредена положба према другите регистрирани правни субјекти кои и сега вршат, и треба законот да им овозможи а не и да ги ограничува, како што е овде решението и понатаму само да им одреди под кои услови мижат да го обавуваат стопанисувањето со експлоатацијата на песок, камен, чакал и вода.

Во таа насока она што значи предложено во нацртот на законот, решение за ослободување само ако се изградуваат водоснабдителни објекти и објекти за одбраната се придружувам кон проширување за оние јавни работи кои се изведуваат во месните заедници и општините каде што гравитира односниот водотек односно каде што се врши стопанисувањето со водите.

На крајот сакам да кажам дека јас не го прифаќам предложеното решение во законот кое што многу срамежливо и по мене практично неостварливо ги ставам самите водокорисници во делот на стопанисувањето и управувањето со системот за наводнување. Тоа им остава можност да тие ако имаат финансиски средства сами изградат некои мини хидросистеми кои што во таа детална мрежа за наводнување самите би стопанисувале и пак со дозвола од водостопанското претпријатие.

Во таа насока, колку што се моите сознанија на компаративни искуства сметам дека треба наредната фаза, предлог на закон да изнајде начин да го афирмира вклучувањето во стопанисувањето и

управувањето на самите водокорисници ако не во основната каналска мрежа, тогаш сигурно издржливо бидејќи за нив се однесува за тоа, бидејќи тоа е нивни интерес во делот на деталната каналска мрежа за наводнување.

Со овие забелешки го прифаќам донесувањето на нацртот на законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пред да му дадам збор на наредниот дискутант сакам да ви кажам дека под форма на деловничка интервенција г-динот Станковски направи груба дезинформација. Јас не знаев зошто се работи, за каков допис затоа и не интервенирав. Го побарав дописот.

Имено се работи допис од Советот на општина Кичево како мислење во врска со Законот на г-дин Вејсели за измена на законот за територијална поделба.

Дописот е коректно напишан на македонски јазик само што е штембилот и печатот на албански и на македонски што е во склад и со Уставот и со Законот за локална самоуправа.

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе не би сакал да спорам со вас, меѓутоа треба да биде јасно. Имињата на градовите во Македонија треба да бидат адаптирани.

Друго, потписот на писмото ако добро погледате е сосема на друго писмо него што е македонско писмо.

Јас ве молам треба ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте ве молам. Овде е потпишан Essence Дончо Бајдовски. Па, не е на албански потпишан.

XIV/6

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Јас ве молам погледнете две а со две точки. Ве молам. Исто ќе ви кажам. Ние имињата во Македонија, топонимите односно имињата на градовите не ги менуваме. Ние не можеме да прифатиме нити со закон за локална самоуправа, ниту со друг закон имињата се преименуваат морфолошки и фонетски , туку само да се адаптираат. Во овој случај е направена катастрофална грешка и во писмото стои "писмо на албанската националност" односно присмото со кое се користат албанците.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Воопшто тоа не е точно. Јас ви кажав тука стои совет на општината Кичево , претседател на статутарно правна комисија Дончо Бајдовски. Според тоа немојте да ги дезинформирате и пратениците и јавноста.

Но за секој случај ве молам да го консултирате и Уставот и законот за локална самоуправа, луѓе сме забораваме.

(реагирање на г-динот Станковски од место) Тоа е јавен документ, не циркулира овде нешто тајно. Тоа и новинарите го имаат.

Има збор г-динот Вељо Тантаров.

(г-динот Владимир Станковски бара збор за реплика)

Нема реплика ве молам, друг пат. Сега расправаме за ова тема.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри,

Моите забелешки по нацртот на законот за водите се однесуваат на неколку членови од овој нацрт на закон за кој што имаат посебно значење при решавањето на некои односи меѓу водостопанските претпријатија и земјоделците кои како што е познато подолго време се

нарушени и се предмет на разни расправи, па дури и судски. Ќе почнам со иницијативата на предлагачот на овој закон за формирање на јавно претпријатие за водостопанство што посебно е разработено во членовите од 136 до 147.

Што значи формирање на такво претпријатие се знае. Сите водостопански претпријатија што стопанисуваат со водите со системите за наводнување и одводнување да се спојат во единствено државно претпријатие и со македонското водостопанство да се командува од едно место. За некои реони што овие водостопански објекти ги добија со државни пари , без динар учество во нивната изградба оваа идеја на предлагачот е добра и прифатлива. За Битола како посебна општина и општните Бистрица Новаци, Могила, Кукуречани, Додушево, Цапари, Бач и Старавина вклучувањето на системот Стрежево и водостопанското претпријатие Пелагонија во единствено јавно претпријатие за водостопанство на Македонија не е прифатливо.

Овој дел од Пелагонија не го прифаќа ова решение по законот за води. Не од нешто друго туку заради тоа што системот Стрежево се знае како е граден.

Системот Стрежево е граден аз три големи народни цели.

Прво, да обезбеди вода за наводнување на над 20 илјади хектари плодни ораници во битолскиот дел на Пелагонија.

Да обезбеди вода за работа на битолските термоелектрани

И да ја снабдува Битола и неколкуте околни други села со вода за пиење и со индустриска вода.

За изградбата на овој водостопански објект се вложени тешки милиони долари. Тоа се пари од државата и пари од приватните земјоделци, граѓаните на Битола и сите стопански организации што делуваа во бившата битолска општина. Седум илјади земјоделски дома-ќинства од 40-тина села седум години плаќаат придонес за изградба на

системот Стрежево. Давачката тогаш беше ептен голема. По 25% од нивниот катастарски приход.

Комбинатот Пелагонија, потоа Југо тутун Битола кој знае кога преку своето производство ќе ги вратат парите што ги вложија во изградбата на овој систем.

Господа пратеници, г-дине министре во изминатиот период во Македонија се изградени многу системи, меѓутоа најголеми се Брегалница, Стрежево Тиквеш и Липково. Така зборуваат до сега документите за овие системи. Кој од овие системи , осим системот Стрежево е граден со придонес на земјоделците, граѓаните и стопанските организации. Никој. Сами Битола го плати тој данок на тогашната ангибитолска политика на тогашната власт во Македонија.

XV/1 ПЈ/ПН

**ВЕЉО ТАНТАРОВ: (**Продолжение)

Само Битола го плати тој данок на мтогашната антибитолска политика, на тогашната власт во Македонија. Без него кој знае и дали Битола ќе го имаше Стрежево, кое за жал и по 2 децении, сеуште е недоизграден. Зошто? Затоа што доларите од меѓународна банка отидоа на други места, надвор од Стрежево и Битола. Сега ако Стержево оди во јавното претпријатие за водостопанство на Македонија, односно стане своина на државата, што ќе биде со средствата што ги вложија земјоделците, стопанските организации во овој објект. Дали тоа значи со сега овој проект, нова национализација на Битола. Ние пред извесно време донесовме закон со кој Стрежево е обврзано сега да плаќа околу 30 милиони долари неисплатени обврски. Стрежево заради овие причини, Битола смета дека не треба да оди во единственото јавно претпријатие за водостопанство на Македонија.

Предлагам наместо едно, да се формираат неколку јавни претпријатија за водостопанство со посебни жиро сметки. Зошто се да се бери во еден кош. Зошто во нашите водостопански подрачја да нема јавни претпријатија за водостопанство.

Што се однесува до прашањето до давачките за наводнување и одводнување, со кои се товарат земјоделците, мислам дека и во овој нацрт закон за водите не доби адекватен одговор, што може да биде прифатливо за земјоделците. На овој план работите остануваа затечени онака како и беа досега. Дали некој земјоделец што има земја во реонот на системот за наводнување ќе користи вода за наводнување или не, мора да плати надоместок за наводнување. Дали земјоделците користат одводнување или не, пак мора да плаќаат надоместок за одводнување.

XV/2

Господа пратеници, ние градиме систем на база на стопанство и овие прашања треба да се решаваат по неговите правила. Не треба да се дозволи во новиот закон за води, да останат старите правила за наплатување на надоместок за наводнување и одводнуваше, односно да се брише она јал не јал три и пол. Туку, треба да постои закон, кој колку јал, толку ќе плати.

Според нацрт законот за водите, цената за наводнување се предлага да се состои од 2 дела. Цена за обезбедена вода односно доведување на вода, стален дел и цена за испорачана вода, променлив дел. Се бара цената за таканаречениот стален дел, односно за обезбедено доведување на^ вода да изнесува 25% од просечната цена за наводнување. Тоа значи дека земјоделците, кои немаат или од разни причини не можат да ги наводнуваат своите површини, мора да платат односно да ја исполнат оваа обврска. Во Пелагонија ова решение со наводнувањето не се прифаќа. Се бара наводнувањето да се одвива преку вклучување на договори, никако поинаку. Кој има сметка од наводнувањето, ќе наводнува, а ако нема, нема да наводнува, а нема ниту да плаќа.

Прашањето со давачките за одводнување и во овој закон нема добро решение. Во член 143, освен тоа што се вели дека основица за плаќање на надоместок за одводнување е хектар земја и не се кажува ништо друго.

Почитувани пратеници, давачките за одводнување треба да се бришат од овој закон. Ќе се воведат тогаш кога во нашава држава ќе имаме системи за одводнување на ораниците. Нив сега за сега ги немаме, а треба да ги имаме. Без нив не с;е може, посебно во Пелагонија каде во повисоките подпочвени води пропаѓа земјоделското

производство на илјадници хектари и скоро на секоја втора или трета година. Мислам дека терминот "одводнување", треба да се замени со зборот "заштита или превентива од поплави" за што терретот на давачките треба да го носат подеднакво сите. Не само земјоделците.

Интересно е прашањето сега со, ако и во овој закон, остане давачката за одводнување, а ние пред малку дискутиравме дека за конот е еднаков за сите граѓани, тогаш што ќе биде, прашувам што ќе биде, со земјоделците од Струмица, кои што досега не плаќаа одводнување, дали сега и тие ќе плаќаат одводнување. Исто така> што ќе биде со земјоделците во Прилеп кои досега не плаќаа одводнување, а сега треба да плаќаат одводнување.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Стојановски има збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателле, почитувани минситри, почитувани министри, евидентно е дека хроничниот недостиг на вода ќе биде се поизразит од 2 причини.

Првата причина е демографската експлозија во светот. По некои согледувања вкупниот број жители на планетата земја ќе биде удвоен во 2030 година. Тоа е едниот проблем.

Вториот проблем е дека со оглед на зголемување на осознаат дупка, просечните температури треба во наредните 10 години да бидат зголемени 1 до 1,5°C. Доволен сигнал дека односот кон водите треба коренито да се менува и добро е што овој закон доаѓа во еден таков момент кога прашањето на овие проблеми стануваат прашања од

витален карактер и од глобален опстанок на човештвото. Сигурно е дека овој закон многу го очекуваме сите, меѓутоа, како и секој закон не смееме да бидеме толку оптимисти и како што очекуваат и давателите на услуги и водокорисниците го чекаме законот, па ќе ги реши сите проблеми. Интерно мислам дека законот ќе заостри многу работи, многу прашања, ќе елиминира импровизации волонтаризам, треба да ја елиминира нерационално користење на водниот потенцијал и тука да го кажам и следниот податок.

Од вкупниот воден потенцијал во светот 96% е солена вода, еден до 2% се води кои што можат да се користа за наводнување, а за пиење останува 0,5 максимум 1% максимум од вкупниот светски потенцијал. Ова се бројки кои што треба да загрижуваат и бројки кои што треба третата фаза на финализација на овој закон да го направат законот рационален, оптимален и не да се служиме со филозофија дека ако сака некој да вади, нека вади, а ако не мора. Ако сакаме производство на храна, а имаме услови, треба да ги натераме сите каде што може водата да ја дистрибуираме квалитетно да ги наводнуваат своите посеви, затоа што тоа предуслов за високи приноси. Затоа мислам дека законот е конзистентен и предвидува интерес и на водостопанските претпријатија и на водокорисниците за што порационално користење на водата. Водата треба да се дистрибуира во оние временски периоди кога е таа потребна. Џабе ќе бидат договори ако водата нема да стигне таму каде што треба во оној период кога е таа потребна.

Начинот на плаќање е прашање кое доминира денеска. Мислам дека во третата фаза треба похрабро да биде и порадикално разрешено. Евидентно е дека сеуште немаме ниту навики, ниту изграден менталитет за да се прифати принцип на плаќање на, условно земено, фиксен дел

за наводнување од причини кои што многу претходните дискутанти ги елаборираа сосема коректно и изворно. Заговарам принцип дека е подобро водостопанските претпријатија својата енергија да ја насочат и да го наплатат водниот придонес од оние кои навистина ќе ја користат водата. Овој проблем е стар колку што се стари и проблемите со наводнување. Никогаш не можат ефикасно да се приберат средствата од оние површини кои што не се наводнуваат. Тука се губи огромниот дел на енергија, наместо да се понуди квалитетна дистрибуција на вода и за сметка на тоа водокорисниците врз база на квалитетно добиена вода во систински момент, изгубени што помалку работни денови да бидат дури и спремни да платат и нешто повисока цена на, навистина, добиената вода. Но, во овој случај мора законот да биде категоричен, да биде дециден. Не може условно земено површини кои не се наводнуваат, потоа да се користат за втори култури, есенска зелка итн. Мислам дека тука треба правилата на игра да бидат чисти и јасни.

Многумина ги спомнаа новите системи на наводнување, каналските системи, современите системи, и она што го викаме ние природни водотеци, и она што значи користење вода со најмалку трошоци и поедноставно одржување.

Проблемите на огромната урбанизација на многу градови и населени места доведе до една апсурдна состојба, точно таму каде што водата најмалку чини и каде што има традиции и каде што се најквалитетните површини, таму граѓаните да имаат најголеми проблеми со наводнување и практично тие каналски мрежи, не се тоа системи, да бидат деградирани, да бидат загадени од она што значи нивно претворање во депонии и во каналски мрежи на  многу населени места.

Законот за комунални дејности, законот за екологија и овој закон на овој план мора да имаат понатамошни уште повеќе допирни точки, затоа што нашите состојби не одат во прилог на тоа дека ќе имаме квалитетно користење на водите на овие подрачја.

Имено, имаме случаеви за изградба на индивидуални објекти или било кои објекти, се градат на каналите за наводнување без за тоа да се има соодветни дозволи, а во ова сигурно многу придонесува и инертноста и неангажираноста на водостопанските претпријатија. Овие денови ние како пратеници едноставно од овие претпријатија само сме притиснати, дајте побрзо да дојде законот и демек тие ќе уживаат, ќе бидат јавно претпријатие, државно претпријатие, се другото само по себе ќе дојде. Мислам дека треба да се создаде една клима, г-дине министре, дека ни најмалку може да се очекува таков третман и таква позиција, во спротивно ќе имаме огромен револт уште повеќе со она што значат нови задолжувања од кои што ние треба да очекуваме повисоки приноси, поповолни ресурси и се разбира посовремено земјоделство.

Инаку, прашањето на рационално користење мораме да го издигнеме до ниво на култ, да сватиме дека мора и соседот да наводнува, да сфатиме дека сите култури имаат свои специфичности и дека на можеме да бидеме робови, дека може да се наводнува, а пријател ни е тој не спријатели водата, нема да платиме и обратно, дека некој ќе има привилегии. Водата е живот, фала богу Македонија има сонце. Ако водите ги акумулираме, и правилно ги насочиме, тогаш еве ги основите за еден порекласиран и еден понормален живот.

Имаме сонце, имаме вода, ќе имаме вино и леб, а тоа веќе нешто е што многу значи и што многу земји го посакуваат. Се разбира, поддршка во оваа смисла дека во III фаза добро е сите овие дилеми и енигми бидат расчистени, вклучувајќи ја и можноста што би значела и математиката тука да се викне на помош, една водостопанска организација, се разбира, со еден фонд, или повеќе вододтопански организации и опасноста од она што значи партнерство во користењето на водните потенцијали со месни заедници, со локални шерифи, се разбира, утре, со локални моќници во користењето на чакалот и песокот, така што сите овие предизвици колегите кои што ги изнесоа сигурно имаат длабоки причини, имаат свое и позитивно и негативно искуство. Така јас се придружувам кон овие актуализирања на состојбите и поддршка на овој закон со желба третата фаза,сепак да биде донесена барем некој ден пред да( биде реализација на овој значаен проект во водостопанството. Многу работи ќе бидат и полесни и појасни, во реализација на овој значаен кредит.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За збор се јави Киро Докузовски, министер за земјоделство.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Многупати денеска се спомена тоа дека аграрните закони доцнат и меѓу нив и овој, сакам да кажам дека тие се во процедура, повеќето од нив ќе ги добиете и наредните денови. Не е во прашање Владата да го задржува некој министер да носи закони. Во прашање е дали се работите

до крај јасни и дали се има храброст да се влезе во еднаш ваква работа. Јас влегов во ризик да ги предлагам законите, свесен за тоа дека во тоа може да има и проблеми. Меѓутоа затоа и сум министер со желба да ги решавам прашањата. Еден од ризиците е и тоа дека треба политички или некаков закон, па да може да се одложи.

Мислам дека проблемите во аграрот не чекаат долги расправи, не чекаат долги одлагања на темите. Една од тие е и оваа овде.

Да ве потсетам дека 1990 години во изборите се излезе кај сите партии не е мое да правам оценки, меѓутоа, стои тезата дека водата е јавно добро, па од таму нема потреба да е плаќа. Тој цех сега го плаќаме и ние а најмногу земјоделците, кои што сега тешко да ги повратиме назад да сфатат дека водата мора да се плаќа и таа услуга, како и сите други услуги. Некои од тоа што така го ветија, не можеа да се отргнат, па да предложат закон кој ќе биде во оваа функција. Овој закон, ќе кажам, поаѓа до тоа, не популарно е за земјоделците, меѓутоа, водата мора да се плаќа. Ние денеска имаме загрижувачка состојба во Македонија. Струмица е во таква состојба каде викаат уште 3 дена треба вода, никој вода не платил, надоместок, пуштете ја водата. Никаде во светот тоа го нема, а бидејќи постојано го спомнуваме светот и Европската унија и Светската банка кога кажуваме дека водата се плаќа 20% и не е наплатена, се чудат.

Од таму, јавно кажувам дека овој концепт на законот поаѓа до тоа дека водата ќе се плаќа. Прашање е сега во решенијата што ги нудиме, кој колку да плати и каква е таа услуга што треба да се плати за да се добие.

XV/9

Концептот поаѓа од тоа да биде единствено претпријатие јавно за водите, заради другото што го кажав за шумите, важи и овде, да елиминираме делење на реките на пашалуци, на општински делови тн. Ете гледате, слушавме денеска заради песокот, некој ќе побара и за другото, некои вика рибите да ги ловам, јас сум од Пештани и за мене не важи како што тоа беше за шумите пред малку, јас сум до !шумата и да ја користам. Овој закон поаѓа од тоа да обезбедиме единственост на режимот, бидејќи нашите води се меѓудржавни води, не врзуваат меѓудржавни спогодби. Ние ако почнеме да градиме системи за наводнуваше, па да кажам сега и претпријатија по принципот на реките, тогаш колку треба да на правиме заради претпријатијата. Па после тоа на принципот на општините, ние треба да се занимаваме само со правење на претпријатија водостопански, а. не сме голема држава во прашање ан режимот. Со ова сакав да кажам заради многу причини, расправата покажа дека и тука сме различни во гледањата, повеќе се за јавно претпријатие, Владата ќе дојде со истиот предлог по однос на јавното претпријатие. Целта е, ќе повторам да заостриме и да ставиме поголем ред. СЕ согласувам со дискусијата дека претпријатијата очекуваат постојни дека ќе влезат сега во државно претпријатие и таму ќе бидат. Не, целта не е таа да влезат и да се хранат од државата. Напротив, бидејќи нема кој тоа да го плаќа.

Што е тоа што треба да очекуваме во натамошната расправа ново или да усогласиме. Се ова што беше кажано, мислам дека има работи што треба да ги дотераме во законот, меѓутоа, ќе останеме и натаму и овде ќе завршиме со расправата со амандмани на прашањето кој да го плаќа водниот надоместок.

**КИРО ДОПУЗОВСКИ:** (продолжение)

Се ова што беше кажано мислам дека има работи што треба да ги дотераме во законот, меѓутоа ќе останеме и натаму и кога ќе завршиме со расправата со амандмани на прашањето кој да го плака водниот надоместок. Едните, земјоделците се тие, прво што викаме дека 25% нема да плакат, не треба да плаќаат суви надоместок. А, дискусиите викаат дека кој е тој што ќе го одржува системот од браната до главниот канал. Некој треба да го плака тој цех. Таа услуга мора да ја плати.

Дискусија и прашања наше на Владата да видиме дали ќе се издржиме на тоа што е предложено 25% или нешто друго, меѓутоа да знаете дека Електростопанство на Македонија кое што исто така треба да плати во тој фонд за водите во тој дел, реагира на оваа ставка. Сега се во прашање билансите. Колку и кој треба да плати да има уреден режим на водите во државата, да имаме достапни да се и на услугите на земјоделците и да можеме да ги решаваме проблемите на земјоделците. Оваа гранка не е на завидна положба. Вие знаете иако се наоѓаат во позиција во каква што се наоѓаат, досега отидоа три претпријатија во стечај и ќе одат и понатаму. Најголем дел од тие претпријатија не платија придонеси за ПИО. Зошто? Затоа што се големи пари. Затоа што земјоделците не плаќаат водена надоместок. Мислам дека ако развиеме ние сега пак теза ние да дискутираме, да ги браниме земјоделците, да ги браниме до степен од таму да ги натераме претпријатијата да им донесат вода - вода доведена, поимот доведена вода треба да се прецизира во законот, а не сув надоместок, воден надоместок. Тоа може изгубило како термин, меѓутоа да кажам дека мора да го расчистиме.

XVI/2.-

Прашањето сега, се кажа тежок збор, анти Битола, камо да има некаде направено цистерни анти  Овче поле, анти друго место, мислам дека не е коректно дека ние сме граделе системи, тие се нашето богатство и сега треба тие системи да ги користиме. Не да појдеме од тоа дека е стечајна позиција, јас имам таква позиција и не ни треба да разговарам за другите. Тој цех го плака целиот народ на Македонија, го плаќање и ќе го плаќа и натаму. Обврските не се измирени.

Од тие причини и ова е во прилог дека треба да останеме на концептот на највисокото јавно во Македонија.

Јас не сакам да спомнам меѓутоа сум должен да ве информирам, ќе го добиете и законот за задолжување на Македонија, ќе дојде во процедура. Завчера со Светска банка потпишавме усогласен текст на проектот за рекреација на системот Тиквеш, Брегалница и Полог тоа е голем проект, од 32 милиони долара во кој дел има и домашни средства и учество, предвидува сите овие системи со 47 хектари површина да бидат обновени и да се воведе некои новини во менаџментот, во управувањето со овие системи.

Тој проект треба да се реализира односно да почне да се реализира кон ноември месец. Засега нема никакви пречки, наредниот месец ќе биде на Бордот на Светската банка на усвојување со наши обврски кои што сакам да ги спомнам, пак во функција на законот.

Прва обврска е Законот да го мине ова второ читање што денеска е воде, до крајот на месецот, и затоа е задолжен овој закон навистина да го поминеме со сите забелешки, какви ќе бидат, такви, да ги вградиме во наредната фаза. Трето, законот треба да го донесеме најдоцна до крајот на годината за да може кредитот да биде оперативен

за функционирање на оваа кредитна линија. Четврто, што исто така за нас е дискутабилно прашање иако во законот ние го ставивме како законско решение, меѓутоа слушам и често пати гледам, премногу сме оптимисти на прашањето на здружение на водокорисници. Тоа е добра прилика да кажеме дека со тие здруженија ќе ги елиминираме расправите дека ни е скапо, меѓутоа сепак овде сме луѓе кои што го знаеме

Јас ќе предложам прво да почнеме од Кавадарци, неоти имаше критика оттаму, Свети Николе и Овче Поле ,' таму да ги формираме здруженијата уште веднаш, овој месец. Да видиме како земјоделците ќе се организираат да бидат поевтини, да ја носат сами водата. Тоа се правело, меѓутоа, сакам да укажам на земјоделците законот им нуди самите да управуваат со делот кадеа што е мрежата. Но, да потенцира* да не бидеме оптимисти дека се тоа ќе ги решиме сите проблеми на Македонија.

Прашањето на сувиот надоместок дали да се плака или не, јас сум приврзаник на ова решение, прашање е само процентот. Зошто? Ако ние се залагаме тоа да биде да го плакат сите кои што само наводнуваат, тогаш го враќаме нашиот развој. Тогаш ќе поттикнуваме екстензивно земјоделство. Да сееме јачмен најлесно ни е. И, да го плакат цехот земјоделци 20-тина земјоделци под системот, а што ќе се мачат, што ќе произведуваат работна сила, што ќе произведуваат култура , како што досега носеле и ќе носат во иднина интензивност и ќе внесат поголем профит на Македонија. Секое друго решение значи екстензивност. Пак потенцирам, прашањето е само да видиме дали ние ќе се определиме за 25% да плаќаат земјоделците, 10 што рековме за водата за пиење и толку за стопанството.

XVI/4.-

Стапката 0,75% што ви се предлага законот е оспорена од стопанството и мислат дека тоа е многу, меѓутоа ние мора да направиме биланс и да видиме кој ќе го плати овој цех за да имаме навистина. Ние немаме вода, ние водата треба да ја користиме рационално и оттаму вложувањата се прават во Светска банка во Македонија. Не условуваат прво да обезбедиме наплата на надоместок, без тоа нема да ни ги дадат парите. За нив е несватливо како може да се пушта вода за наводнвуање, а да не плаќаат.

Ова го кажувам за да уште еднаш потенцирам дека во идното решение ќе се залагаме за ова со тоа што реков да ги дотераме некои решенија околу прашањето на тоа дали ќе биде 25%, дали ќе го крстиме сув надоместок, сталени, во таа работа што треба да се плаќа и непро менливиот дали и за тоа кој колку ќе плати, тоа би било пример за работата на Парламентот во расправата, реков бидејќи се интересите противставени на гранките и групациите, не други интереси.

И до тие причини јас би замолил уште еднаш, ќе биде ставен брзо законот на дневен ред, ќе биде вратен во процедура по доработка и ќе имаме ветено дека ек го донесеме законот до крајот на годината а ќе следи на наредна седница и законот за задолжување на Македонија за овие системи за кој што не сакав широко да ви елаборирам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ристо Трајков.

**РИСТО ТРАЈКОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани кол«

Ова е тема на која секој може да разговара. Затоа јас само сосема накратко ќе кажам неколку збора и во тоа кажување ќе го пофалам законот затоа што има неколку новини во него. Новина во него е фондот

за води, новина во него се концесиите на корисниците на водата и новина во него е сознанието на водокорисниците што сега, во моментот министерот кажа, се сомнева во нивното ефективно постоење во спроведувањето на законот.

Јас се јавив да предложам и една друга новина во овој закон, а не не е третирана никаде и би предложил, еве, во режимот на води да се размислува заради констатацијата дека во Македонија фалат води за наводнување и води за пиење. Да се вметне, барем во делот, сега каде што ќе се делат кредити за проектот за мали и средни претпријатија да се вметне во тој дел системот капка по капка.

Ова е еден од начините што ќе го реши тој сталeн допринос на сувиот водонаместок. Со тоа ќе се намали цената на чинењето на водата. Ќе имаме ефекти кои ќе бидат големи и затоа го спомнав проектот за малите и средни претпријатија. Тука се вклучени и земјоделците со 4 односно 8 милиони долари, сите што ќе добиваат од овој проект пари, кредит да се почне со нив со овој дел, а со системот капка по капка. Една од новитетите што би влегла во овој закон, како што ги напомнав меѓу другите да биде и ова внесено во режимот за води.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ајдарага

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани министри,

Многу од мојата дискусија што сакав тука да ја изнесам, г-дине министер со своето излагање ми ја зеде, меѓутоа само ќе кажам неколку размислувања по однос на три прашања, а тоа е прашањето за цената

за наводнување, г-динот министер го изнесе своето мислење, меѓутоа дека таа треба да се состои во два дела,тоа е тешко прашање кое исто така не може одеднаш да се пресече. Искуството зборува за доста, до тешки проблеми во наплатата на редовниот надомест за наводнување, а не за доведена вода. И, тука, мислам дека тешко ќе дојдеме до правото решени. По мене можеби поиздржливо е да биде решението да не се плака надомест за доведена вода, меѓутоа ако станува збор за опа< нсота од тоа дека може да одиме кон екстензивно земјоделие, ние би требало нашите напори да ги впериме во правец на тоа Да со други мерки тоа да го подобруваме. Како на пример.

Прво, за земјоделецот дали ќе се бави со култура која бара вода или не, многу зависи од состојбите на пазарот. Какви се ние можности ќе пружиме на пазарот, дали ќе можеме да го прифатиме земјоделското производство, бидејќи и во денешни услови ние не сме во состојба сето она производство што ни се нуди да го прифатиме. Е, сега, ако не сме во состојба тогаш зошто ние да воведеме воден надомест за доведена вода. Што ќе ни се случи? Тоа е број еден.

Број два е, прашањето на работната сила. Дали имаме и каде имаме доволно работна сила. Денеска времето е такво, а јас сум го истакнал и порано кога стечајците или оние што добија отказ од свои работни места место од индустријата се враќаат во земјоделието. Обратен процес од она што се случуваше порано. Меѓутоа, сега тоа го имаме обратно. Но, и тоа е еден од моментите што влијае врз тоа

Трето прашање, кон ова е прашањето за ова какви ни се систе- мтие за наводнување. Што с<= смета под доведена вода. Дали нашите системи за наводнување се секогаш во состојба за она што се смета доведена вода да обезбедат вода. Тоа е доста тешко прашање и ова е строго поврзано за прашањето регулирано со член 119 каде што извесни

напредувања се прават по однос на тоа, пријавување на површините и изготвувањето Планот за стопанисување со системите за наводнување. Овде, за разлика од она што го имавме во предлогот за донесување на закон е направен извесен чекор меѓутоа јас не сум задоволен и барам уште поголем чекор да се направи.

Она што е кажано со член 118 корисниците на вода од Хидромелиоративниот систем за наводнување заради изготвување на годишен план за наводнување се должни на Јавното водостопанско претпријатие да ги пријават земјоделските култура што ќе бидат засејувани на тоа земјиште најдоцна до 30 октомври во тековната година за наредната.

Кога станува збор за ова, мислам дека и тука да направиме уште еден мал чекор, а тоа од прилика чекор од еден месец. Зошто? Со тоа ние ако направиме ваков чекор ќе ја подобриме есенската сеидба и ќе имаме правилно планирање на пролетната односно есенската сеидба, бидејќи вака нужно, нужно ги тераме луѓето со присила, затоа што го немаме тоа да се одлучат или да не се одлучат.

И, од тие причини барам за уште еден месец се врши померување на овие два члена 118 и 119 напред.

И, уште едно мало прашање, прашањето поврзано со член 174 ка се зборува за Јавното водостопанско претпријатие за стопанисување со водите .Вели дека Јавното водостооанско претпријатие за стоапнисување со водите и извршување на дејностите на член 17 на овој Закон основано, согласно член 175 став 1 од овој Закон е правен следбеник на претпријатието и другите правни лица кои до донесување на овој закон стопанисувале со водите. Јас би рекол и другите правни лица или дел од правното лице бидејќи насекаде системите за наводнување не ни делуваа во состав како посебни правни лица. Еве на пример во Дебар не делуваше како посебен, делуваше во состав на комбинатот и сега ако не

дадеме таква можност, мислам дека ќе се јави извесна пречка во однос на тоа тој како дел кој му припаѓа на Водостоапнство да биде во состав на водостопанското претпријатие. - Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор. Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, бидејќи законот е во втората фаза, ние дискутиравме кога беше како предлог за донесуваше на законот, за водите, исто така сега го имаме како нацрт. Имајќи ја во предвид тежината на проблемот кој е многу важен, тој закон е многу важен за РМ со оглед на фактот дека голем број на граѓаните на оваа Држава се занимаваат со земјоделство исто така и водокорисниците и досегаш-анта регулатива, законската регулатива создаваше доста конфузија во врска со обврските што произлегувале од старана на земјоделците и од претпријатијата што стопанисуваат со водата.

Јас конкретно ќе го изнесам како проблем,во општина Липково постојат две акумулации, првата акумулација функционира некаде од 1960 година, а втората акумулација, акумулацијата Глажне некаде од седумдесеттите години, меѓутоа двете акумулации ја наводнуваат повр-шианта во општината Липково и Куманово и негде, да не се излажам, со бројките, но од прилика, 6.400 хектари е оваа површина. Повеќе од оваа површина припаѓа на општина Липково.

Ние, со Јавното претпријатие за водостпоанство од Куманово имавме доста проблеми, особено во оние години кога двете акумулации немале доволно вода за наводнување бидејќи од овие две акумулации и градот Куманово се снабдува со вода за пиење. И секогаш земјоделци имале проблеми.

XVI/ 9. -

А, што се однесува до нивните обврски кон плаќање на воден надоместок без оглед на фактот дали има вода, дали нема, земјоделците беа принудени и тоа по судска постапка да го платат водонадоместокот предвиден според културата, дали беше тутунот, или пченка или пченицата или нешто од градинарските култури. И, овој проблем беше толку актуелен и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство беше запознато со овој проблем и доста контакти се направени во поглед на разрешување на овој проблем. Меѓутоа, проблемот е уште евидентен и не може да се надмине толку лесно.

Јас очекувам со новиот Закон некои работи да се прецизираат и понатаму да не постои онаа законска празнина претпријатијата кои стопанисуваат со водата да манипулираат со земјоделците – водокорисниците. Тие такви прилики досега сме имале во Куманово. Јас слушнав овде од минстерот дека многу претпријатија кои стопанисувале со вода сега отишле под стечај поради тоа што не ги подмириле обврските земјоделците, а кај нас ние такви проблеми не сме имале во Куманово, но да наведам и тоа , министерот, или имам право да кажам по некогаш земјоделците од претпријатијата за водостоапнство во Куманово беа и денеска се малтретирани, бидејќи кај нас рестрикцијата почнува дури од месец јуни кога е најнеопходна водата за наводнуваше и. таа рестрикција продолжува до предвидениот рок, според нив, понекогаш до септември месец кога нема вода и во август, а земјоделците сите овие обврски јас што ги наброив мора преку суд по судска постапка особено кога се однесува воден надоместок да се плати. Мислам дека не е фер. Јас мислам дека оваа проблематика со овој закон ќе се расчисти, јас да сум уверен дека ќе има ист аршин за сите хидромелиоративни системи во РМ, а досега јас со голема договорност кажувам дека во Куманово имаше доста манипулации и некоректен однос на претпријатијата за водостопанство кај земјоделците водокорисници.

XVII/1.-ДВ/ОМ

**ХИСНИ ШАКИРИ:** (Продолжение)

Јас со овој закон очекувам овие проблеми да се разрешат за цела Македонија.

Што се однесува до цените, јас мислам дека цените се преголеми, дури да кажам и астрономски бидејќи до сега кај нас барем така беше за оној варијабилен дел и за обавезен дел. За овие две категории секогаш претпријатијата за водостопанство во Куманово имаа друго решение што се однесува за културите. Кај нас има земјоделци кои по хектар платиле и до десет илјади денари и повеќе, зависи од културата. Има такви кои платиле и 12 илјади денари. Минатата година имаше платено и 14 илјади денари. Овие цени се многу високи. Затоа Министерството заземјоделие треба да ја има предвид денешната состојба на земјоделците. Земјоделието кај нас е во многу лоша состојба. Никој од земјоделците нема обезбеден пазар за пласирање на своето производство, производство од гради нарските култури. Цената што е денес пазарна цена , гарантирана цена за секое земјоделско производство, кога направиме пресметка за сите трошоци и плус водниот надоместок мислам дека на земјоделецот ништо не му останува.

уште еднаш повторувам. Имајќи го предвид фактот дека голем број од нашите граѓани живејат од земјоделието, Министерството за земјделство водостопанство не треба да бидат во функција во заштита на интересите само на претпријатијата кои стопанисуваат со водата. Тоа треба да биде во функција исто така и на заштита на интересите и на земјоделците, со овој закон мислам дека треба да се надминат сите овие малверзации.

Очекувам дека последната законска верзија биде покомплетирана и во функција на интересите и на земјоделците.

XVII/2.-

На крајот исто така предлагам, бидејќи голем дел од корисниците на хидромералитивниот систем Липково се граѓани од општина Липково предлагам јавното претпријатие за водостопанство да се формира во општина Липково. Мислам овој мој предлог е доста коректен. Кога би се формирало едно претпријатие од таков вид ќе има исто така можност во оваа општина уште повеќе да се зголеми интересот за поедини култура и ќе се намали или нема да се создаде простор за понатамошно манипулирање со овие корисници на водата.

Исто така предлагам во законот да се воведе терминот , бидејќи и г-динот Панчо Минов со оваа проблематика се занимава, јас не сакам да се повторувам, да се воведе терминот кога може да се користи водата во пролет и до која дата на есен. Досега во поглед на оваа проблематика имавме доста манипулации во општина Липково, а исто така и во општина Куманово.

Јас сакам да кажам еден проблем или да се послужам со еден проблем кој исто така беше доста некоректен во 1994 година кога беше голема суша. Тогаш претпријатијата за водостопанство во Куманово поднесоа Информација до Министерството дека во Куманово земјоделците кор теле вода некаде до крајот на август, што воопшто не беше реално, меѓутоа тогаш Министерството призна дека земјоделците користеле вода навистина до крајот на август, а вода во 1994 година имаше само до крајот на јули. Ако во законот се дефинира овој проблем да се наведе таму терминот и обврските со во врска со терминот кога ќе треба да почне во пролет и во есен. Мислам дека со тоа и Министерството ќе направи една добра услуга за земјоделците и ќе се надмине проблемот што досега беше евидентен кај земјоделците исто така што беше и еден од поводите за манипулација во врска со интересот на земјоделците.

XVII/3.-

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Барам едно појаснување од министерот по однос на член 41 од Законот за водите.

Цената за наводнување во член 140 алинеја 2 се состои од два дела, како што пишува во: цена за обезбедување и доведување на вода, сталeн дел и цена за испорачана вода, променлив дел. Сталниот дел според овој член ќе треба да се наплати 20% од просечната цена во хидромералитивниот систем.

Од министерот сакам ако може да ми помогне тука бидејќи водите према Шара, над патот Тетово - Гостивар не се опфатени со хидромејалитивниот систем и тука не може во целиот период да се обезбеди сталeн дел на водата, бидејќи водите се опфатени во системот Шарски води. Водата тука може да се користи само од 5 јули па се до 20 август кога завршува сезоната за наводнување, 40 дена. Инаку во договор со хидроцентралите "Тито" и : водната заедница "Гостивар" ова е регулирано уште 1970 година. Дали има потреба тука да се бара сталeн дел, на плаќање од 20% и тоа во просечна цена од хидромеријалитивниот систем каде што го има, кога во овие делови воопшто не сме во состојба тоа да го обезбедиме. Еве воедно тоа би било и прашање до министерот.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Министерот направи една елаборација на повеќе поставени прашања од повеќе пратеници, но она што беше клучно не го одговори.

Мислам дека обврската спрема водокорисниците и вододавателите треба да биде еднаква. Затоа уште еднаш би го замолил министерот да

каже што би се случило , со законот ако треба од 1.о3. да се донесе вода , а не се донесе на 1.о3 или на 1.о4., а знаеме дека за првите реколти, пченицата, луцерката и раниот патлиџан вода треба да дојде од 15 до 1.о4. Што ако доцни месец дена? Кој ќе го сноси ризикот? Тоа е најважната работа во овој закон . Затоа што земјоделците сакаат да бидат обезбедени. Со кој механизам ќе се обезбеди сигурност во наплатата. Знаеме дека осигурителните друштва признаваат ризик од суша во многу специфични околности и не го признаваат ризикот за осигурување. Ќои се механизмите да се обезбеди водата на 1.о3. или на 15.о3. и да се заврши она што рековме што е тоа затворен систем за наводнување, што е тоа отворен систем, затоа што во самиот закон не се третираат системите, што се тоа отворени ссистеми за наводнување, што се тоа затворени системи. Тоа е најважната работа во овој закон за да имаат една сигурност земјоделците. Затоа што земјоделецот никогаш не рекол дека нема да плати. Вие тука на повеќе пати потенциравте кога рековте мора да се плати. Сигурно дека мора да се плати биејќи тоа е жива материја. Ако не се плаќа водниот надоместок нема да живеат браните, не може да живеат магистралните канали. Тоа се е поврзано едно со друго. Но, ризикот, што јавното претпријатие и фондот со што би партиципирало по основ на штетата на земјоделецот. Мислам дека тоа е едно клучно прашање и ова ќе биде една сигурност да се направи еден стимул за производство на нашите производи односно за земјоделието.

**БЈ1АГ0ЈА СИЉАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитуван министре,

мојата дискусија ќе ја започнам во една терминологија која соодветна на проблематиката која се тангира, а тоа е дека навистинаа постои насушна потреба од носење на овој закон, но не и од негово

донесување, од причина што тежината на оваа проблематика е од таков обем и карактер, да не речам дека оваа проблематика го регулира најголемото национално богатство на секоја држава, соодветно на тоа и на РМ. Поради тоа ќе треба да биде правилно , студиозно и научно и соодветно третиран, како од поглед на стручен аспект по однос на стручњаци од водостопснтво, градежници, земјоделци, економисти и сето тоа да се преточи во законски одредби што ќе треба, се надевам едногласно да ги донесат сите пратеници во овој состав на Собранието. Затоа не се согласувам со тврдењето и со заложбите на министерот дека мора да се донесе овој закон до крајот на оваа година, со билокакви палијативни решенија затоа што мислам дека , навистина, проблематиката која овде се тангира е со таква содржина и со таква тежина што било каков па и најмал промашај може да доведе до далекосежни последици за генерации после нас. Да не се случи она што во овој момент го доживува Република Македонија и повеќе години наназад нерешени односи по оваа проблематика, нерешено водоснабдување во повеќе градови во Република Македонија.

Мислам, можеби ќе згрешам, но последната брана која е изгра-дена во Република Македонија и пуштена во функција е некаде пред 15 или 20 години. Значи 15 до 20 години Македонија воопшто нема инвестир; но во оваа област. Тоа ние сега го осеќаме , а ќе го осеќаат и неколку генерации после нас, додека овој законски проект не влезе во правата функција на своето опстојување.

Тука беше спомнато дека оваа проблематика е тангирана и во одредени меѓудржавни договори, договори кои не обврзуваат. Колку што јас се сеќавам, ова ми е втор мандат во Собранието во овој парламента-рен дом нема ниту една ратификација на ваков договор. Дали тоа значи

XVII/6.-

дека се водат некои договори со соседните земји и истите се применуваат без знаење на ова Собрание или пак тоа се стари договори што ги имала бивша Југославија, а кој биле потпишани помеѓу бивша Југославија и соседните држави.

Морам тука да кажам дека третманот на водите кон сите четири соседни држави е различен, ако по обем така и по квалитет на води што ние како држава дотираме во тие соседни држави. Мислам дека оваа проблематика не заслужува да биде опфатена со овој член од овој закон, бидејќи знаеме, исто така, ако не се обмисли точно и точно простудира и димензионира во овој закон и те како може да има далекосежни последици и во нашите меѓудржавни односи со соседите. Така да ќе падне и онаа наша политика на еквидистанца, токму на ова прашање, а нешто такви наговестувања се наслутуваат барем од нашиот јужен сосед.

По однос на фискалниот дел кој се предлага во овој закон, за точното решение на водниот надоместок, мислам дека повторно се даваат повеќе варијанти за наплатување на овој воден надоместок. Јас сум за оној принцип за кој се заложи министерот дека водата мора некој да ја плати, но мислам дека ова решение кое во овој момент е зацртано во нацртот не е она вистинското кое одговара на правата положба и смисла на субјектите кои се корисници на водите во Република Македонија.

Сведоци сме и преку средствата за јавно информирање дека повеќе групи на стручњаци доста често посетуваат одредени странски држави каде ја проучуваат оваа проблематика и ги следат најновите достигнувања. Да посочам само некои посети кои се реализираа во САД, Канада, Нов Зеланд Јужноафричка Република, Франција, се звучни имиња. Но, решенијата кои тука се преточени од тие стручњаци кажуваат дека биле во некои други држави,а не во овие што ги кажав. Тоа значи дека навистина не се на она ниво за кои соодветните стручњаци добиле, се надевам соодветна едукација.

XVIII/1.- РД-ВБ

**БЛАГОЈА СИЛЈАНОВСКИ:** (Продолжение)

Тоа значи дека навистина решенијата не се на ова ниво на кое што соодветните стручњаци добиле, се надевам, соодветна едукација. Ако тие студијски патувања ги користеле за друга намена.

Мислам дека сепак има време и онаа моја дискусија треба да се донесе, но не во точен одреден временски интервал, сепак има време, бидејќи сепак ресорниот министер е само неколку месеци на оваа функција, ќе создаде одредена клима и предуслови оваа проблематика по однос на наплата на водниот надоместок ќе претрпи одредена ревизија, како по износот, така и по функцијата на корисниците ќе треба да се распредели. Мислам дека има доста позитивни примери во европските земји, кои имаа слични водни карактеристики како нашава држава, ако не се преслика децидно, како оваа проблематика е решена во тие држави, барем да се земат одредени позитивни искуства, истите да се преточат на нашето поднебје.

Уште една проблематика која за мене при читањето на овој законски текст ми остави голем знак прашалник е дека не се на одреден начин регулирани меѓусебните односи помеѓу оној предлог за формирање на едно јавно претпријатие кое ќе стопанисува со сите во Република Македонија и јавните комунални претпријатија кои стопанисуваат во градовите, таканаречени градски водоводи. Нивните меѓусебни односи не се регулирани, мислам дека точно во овој законски проект тоа треба децдно да се каже, бидејќи имаме разноликост по видот и начинот на водоснабдување во градовите и од изворишта и од бунари, и од акумулации, а проблемите кои во овој момент постојат помеѓу постоечките водостопанства и јавни претпријатија и самите јавни комунални претпријатија за водоснабдување, по однос на должничко доверителни однос помеѓу овие фирми укажуваат навистина во постоечките законски норми не е решено, а во вooј нов законски текст воопшто не е опфатено.

XVII/2.-

Така да повторно се остава простор да се јават тие должничко доверителни односи кои на крајот ги плаќа граѓанинот, или земјоделецот или стопанските субјекти кои ја користат оваа вода, преку цената на водата. Исто така се надевам дека преку овој законски проект ќе се унифицира цената на водата на ниво на република да има одредени енормни дилатации во цената на водата да се сведе на едно нормално ниво, зашто од град до град имаме разлика во цена на кубик искористена вода и повеќе од 100%, што ценам дека извршната власт ќе треба и те како да го има предвид.

Потоа, одговорноста за можнте настанати штети, кои ова јавно претпријатие преку своето работење би ги добило субјектите кои се вклучени во земјоделието така и до градовите , кои се корисници на оваа вода, мислам дека ќе треба и тој однос да се регулира , бидејќи ако се бара одреден надоместок да се плати и за таа цена, за тој износ што ќе се плати, треба да се пружи и адекватна услуга. Ако не се пружи тогаш треба некој таа загуба да ја сноси, а тоа би било јавното претпријатие и нромално се поставува прашањето ако тие загуби се така енормни, тоа јавно претпријатие од каде би ги покрило тие загуби. Дали не е потребно со одреден член да се внесе одредба тие пројавени загуби во ова јавно претпријатие да не би биле буџетски рефундирани. Да не се доведе во ситуација, како што кажа и самиот министер, веќе на тлото на оваа држава три јавни претпријатија веќе се отидени во стечај. Сигурно не би требало да се дозволи и ова јавно претпријатие од икс причини да се доведе да паднат под стечај.

Водејќи сметка за изготвувањето на еден ваков законски проект, не видовме во образложението за точниот биланс на водите во Република Македонија , колку изнесува, кои се тие величини на протоци на вода кое македонското тело ги создава, дали тие протоци на вод се доволни и за снабдување на градовите, како и за снабдување на земјоделските производители и за снабдување на стопанските субјекти точно

да се види кои се тие биланси на потреби и идни наредни потреби кои ова стопанство, оваа држава ќе и бидат потребни , адекватно на тоа да бидат димензионирани оние инвестиции кои се предвидуваат да бидат вложени во оваа област. Да повторам во последните 15 до 20 години нема подигнато ниедна висока брана во Република Македонија. Во контекст на ова прашање повторно мислам во наредната фаза министерот ќе треба децидно да каже кои кредити се досега користени за оваа проблематика, дали се преземени одредени кредитни линии, а одредени креди линии ќе бидат преземени од делбениот биланс на СФРЈ. Дали имаме чисто македонски кредити кои се користат. и. .дали тој кредитен потенцијал кој Македонија го има земено на адекватен начин има сили, преку формирање на ова јавно претпријатие истите да ги враќа. Значи прво колкав е износот и дали тој износ Македонија како држава, македонскиот граѓанин има сили да го враќа па тек потоа да видиме дали ќе може и ова ново задолжување македонскиот граѓанин ќе може да го поднесе. Тие се неколку глобални тези кои овде ги образложив, кои мислам дека ќе треба на адекватен начин во наредните фази при донесувањето на овој закон да бидат на адекватен начин тангирани во законските норми кои ќе бидат предложени.

**ЛАЗАР ДИМОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа дека оваа материја ниту е едноставна ниту е проста, бидејќи во досегашниот период проблемот на користење на водите беше ставено под терминот стопанска дејност од посебен општествен интерес, мора! да се задржиме на овој закон малку поопстојно, бидејќи многу расправаме за еден капитал кој можеби е не така занемарлив капитал кој што можеби е рамен на две Битоли, како потенцијал и заради тоа сигурно дека овој закон не случајно законодавецот, тоа сме ние сме прифатиле да оди во малку поопстојни фази од нацрт итн. Гледајќи го

предлогот односно нацртот на законот може да се забележи следната работа. Во делот на законот во кој што се занимава со основните проблеми на водите, водите како богатство на државата, приоритетот во користењето  на водите, заштитата на водите, меѓународните односи во поглед на водите, инвестирањето, во тој дел законот сигурно предлагачот законот се потрудил да даде одговор на редица прашања кои се од значење за натамошното користење на водите, со дефинирање на сливови со дефинираше на водостопанска основа, до душа тука има мала недоследност, кога водостопанската основа ја донесува малку повисок орган, после е дадено дека јавното претпријатие -од водостоапнството да ја донесе. Во тој дел мислам дека предлозите во законот секако држат и сигурно оваа материја треба да се регулира во интерес на Република Македонија.

Во вториот дел на законот, во кој што законодавецот, предлагачот на законот се труди да на јавна сцена направи подржавување на таканаречената сопственост од посебен општествен интерес. Се работи за подржавување на капиталот на водостопанските организации кои што до вчера, до денеска функционираат како стопански субјекти. Овде е препознатлива намерата на Владата се што може да централизира ќе централизира, притоа сметајќи само на приходната страна, несметајќи на обврските кои што можат да следат после тоа подржавување. Имено, овде се предлага формирање на јавно водостопанско претпријатие кои шг ќе бере гајле за се и сешто ќе одредува цени и во Гостивар и во Неготино итн., итн. ќе утврдува некои просеци, некои средни вредности некои средни цени, без да се респектираат економските и локалните перформанси на соодветни подрачја,без разлика дали се работи за погодности од зафаќањето на водите, користењето на водите, без разлика дали се работи за системи кои се користат за наводнување на пченица, или за наводнување на лозје или незнам кои други подоходовни

XVIII/5.-

или понедоходовни култури. Тоа е до таа мера упростено што сметам дека во тој дел ако точно законот во следните фази не успее малку да ги квантифицира овие односи, сметам дека ќе направи многу поголеми штети. Овде чувме до говорницата дека има многу мерак за упросечување на цената. Како во Битола, така во Неготино и така натаму, тоа е добро за пропаганда, но е лошо за функционирање на системот. При ова подржавување, дали ова Собрание се прашува што ние подржавуваме. Со формирањето на јавното претпријатие на водостопанството тоа јавно претпријатие станува газда на сите вонстопански објекти во Републиката. Тие водостопански објекти во Републиката,.-како што се создавачи на пари тие водостопански објекти исто така се и трошачи на пари а тековното работеше, исто така се и трошачи на пари од претходното задолжување о инвестиции. Тоа во образложението, во излагањето никаде не го видовме. Што ние како собрание со усвојувањето на овој закон ги задолжуваме пореските обврзници во името на ова јавно претпријатие. Јас не знам, бидејќи таков податок нема. Со таквиот податок, ако ова Собрание донесе таков закон со кој што водостопанството ќе го подржавиме, Јас зборувам подржавување, без да излезе тој капитал на пазар. Ние едноставно го подржавуваме, јас незанм дали е во добивка државата или во загуба, бидејќи немаме анализа, дали вредноста на тие системи е помала или поголема од обврските, бидејќи тој што добро ги знае системите од таквиот начин на експлоатација какви што биле се прилично раубувани и јас незнам во каква состојба ќе бидат ако во нив не се вложи. Према тоа во вториот дел од тој закон, каде што се уредуваат односите каде ние прогласуваме со овој закон газда на тој капитал, јавното претпријатие на Република Македонија станува газда на сите водостпански објекти. А зад јавното претпријатие на Република Македонија стојат единствено само пореските обврзници од Буџетот. Према

тоа при донесувањето на тој дел од законот ние ќе мораме да бараме од предлагачот на законот да бараме анализи кои што ќе ни кажат дали добиваме како држава имот и тоа е дискутабилно, дали пак треба да го земеме тој имот или добиваме обврски.

Во фазите во кои следува донесувањето на овој закон, сметам дека и Владата треба да даде одговор на овие прашања. Тоа е едниот дел од прашањето.

Другиот дел од прашањето е дали со донесувањето на овој закон со прогласувањето на јавното претпријатие на Република Македонија за води ќе стане таа свера на живеење порационална. Јас се сомневам во таа работа. Се сомневам, бидејќи многу просто изгледа дека управувањето е најпросто од еден центар. За жал, работите не се така но доколку ние донесеме таква одлука резултатите ќе се видат после пет, шест години, но искуството од поранешните години сигурно дека треба да го респектираме. Затоа мојот апел од овде би бил до предлагачите на законот, вториот дел од законот кој се занимаваат со власништвото на објектот, со управувањето на објектите го анализира и сметам дека тоа не е само работа на Министерството аз земјоделие, кој што оваа работа ја регулира и ја следи, мислам дека во сверата на пошироката политика економска на Република Македонија, на која што Владата мора да даде одговор дали без пазар организациите од сверата на стопанството ќе ги подржавиме. Дали е тоа добра работа. Мислам на ова прашање ако не се даде одговор, вака како што е предложено уредувањето во сите односи, законот се бави колку тој фонд за води, колку проценти, од кој како ќе земе и што ќе земе. Проблемот е колку чини тој систем, во каква состојба е тој систем може ли пари од тој систем на излегуваат, не може ли да излегуваат и дали на крајот на краиштата тие системи ќе функционираат.

XVIII/7.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Нацртот на законот за водите.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието на Република Македонија ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достават до Владата на Република Македонија I Министерството за земјоделство, шумарство и водстопанство.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (64)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (не)

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Се враќаме на[ 18 точка - Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на фонограмските продуценти од недозволено умножување на нивните фонограми, со Пред лог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлогот на закон извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

XVIII/8.

Отворам претрес по предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за заштита на фонограмските продуценти од недозволено умножување на нивните фонограми.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?(57

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува до гласање? (Не)

Очигледно дека некој не гласал.

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?(57)

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Не)

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот. Законодавно-правната комисија поднесе амандман за менување ка член 2 по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менува на член 2 поднесен од ЗПК.

XVIII/9.-

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**СЛОБОДАН УНКОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (62)

Дали има некој против? (не)

Дали некој се воздржува од гласање"' (Не)

Констатирам дека Собранието го донесе законот за ратификација на Конвенцијата за заштита на фонографските продуценти од недозволено умножување на нивните фонограми.

Сега да се договориме имаме уште 4 точки да завршиме вечерва или да продолжиме утре. (Утре)

Продолжуваме утре во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,30 часот).